***ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ І СКОПЈЕ***

# ***ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ І СКОПЈЕ ВО ТЕКОТ НА 2015 ГОДИНА***

**Скопје, Февруари 2016 година**

**Libertas Justitia Veritas** – Слобода Правда Вистина



# С О Д Р Ж И Н А

## I.

**1.Образец –Годишен извештај за 2015 година________________________________________стр.4**

## II.

1. **Вовед_____________________________________________________________ стр.8**
2. **Менаџмент на судот ______________________________________________ стр.12**
3. **Претседател на судот_____________________________________________стр.12**
4. **Портпарол на судот_______________________________________________стр.26**
5. **Канцеларија за односи со јавност__________________________________стр.27**
6. **Веб страна_______________________________________________________стр.29**
7. **Комуникација со другите судови, државни органи и институции___ стр.30**
8. **Судски администратор_____________________________________________ стр.31**
9. **Управител на судски писарници __________________________________ стр.32**
10. **Обем на работа__________________________________________________ стр.36**
11. **Работа на судот по оддели и одделенија___________________________ стр.38**
12. **Одделение за организиран криминал и корупција _________________ стр.39**
13. **Кривично оддел полнолетни _____________________________________стр.43**
14. **Истражен оддел __________________________________________________ стр.49**
15. **Претходна постапка ______________________________________________стр.51**
16. **Оддел за малолетници ____________________________________________ стр.52**
17. **Оддел за прекршоци ______________________________________________ стр.59**
18. **Оддел за извршување на санкции и мерки безбедност _____________ стр.63**
19. **Судска полиција _________________________________________________ стр.68**
20. **Односи со Академијата за обука на судии и обвинители____________ стр.70**
21. **Програма за работа на претседателот______________________________ стр.70**
22. **Информатичка технологија во судот_______________________________ стр.72**
23. **Финансирање на судот ( приходи и расходи)_______________________ стр.76**
24. **Кадровска состојба и услови за работа во судот___________________ стр.78**
25. **Спроведена анкета за доверба на граѓаните за работата на судот __ стр.81**
26. **Извршени јавни набавки___________________________________________ стр.81**

# I.

# ОБРАЗЕЦ - ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ1 СКОПЈЕ

## 1. Предметно работење на ниво на суд

| Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 43.808 | 76.609 | 2.337 | 9 | 122.745 | 80.634 | 42.111 |

## 2. Судска управа

| Вид на предмети од уписник | Нерешени предмети на почеток на годината | Новоприм е-ни предмети | Погрешн о заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмет и | Останат и нерешен и предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Су-Су-07 | 170 | 2.820 | 0 | 2.990 | 2.896 | 94 |
| Су-дов и Су-стрдов | | | | | | |
| Су-изз | | | | | | |
| УПП | 3 | 2 | 0 | 5 | 2 | 3 |
| СПИ | | | | | | |
| Вкупно | 173 | 2.820 | 0 | 2.995 | 2.898 | 97 |

## 3. Квалитет на предметите на ниво на суд

| Решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 31609 | 1621 | 5,12 | 480 | 1,51 | 327 | 1,03 |

## 4. Предметно работење на ниво на оддел

### 4.1 Оддел за кривично полнолетни

| Вид на предмети (по уписник) | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **к** | 2360 | 3218 | 514 | 3 | 6089 | 4127 | 1962 |
| **к-ооа** | 6 | 150 | 0 | 0 | 156 | 140 | 16 |
| **Криви-чен совет** | 514 | 2736 | 98 | 0 | 3348 | 2846 | 502 |
| **кр** | 35 | 23968 | 0 | 0 | 24021 | 23810 | 211 |
| **зам** | 50 | 429 | 0 | 0 | 479 | 349 | 130 |
| **вкупно** | **2965** | **30501** | **612** | **3** | **34093** | **31272** | **2821** |

### 4.2 Оддел за кривично организиран криминал

| Вид на предмети (по уписник) | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **кок** | 94 | 101 | 30 | 0 | 225 | 133 | 92 |
| **кок-ооа** | 1 | 49 | 1 | 0 | 51 | 46 | 5 |
| **кс-кок** | 60 | 1989 | 27 | 2 | 2074 | 2015 | 59 |
| **вкупно** | **155** | **2139** | **58** | **2** | **2350** | **2194** | **156** |

### 4.3 Оддел за кривично малолетни

| Вид на предмети (по уписник) | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **км** | 115 | 186 | 0 | 0 | 301 | 224 | 77 |
| **кс-км** | 1 | 4 | 0 | 0 | 5 | 4 | 1 |
| **крм** | 63 | 250 | 7 | 0 | 320 | 287 | 33 |
| **вкупно** | **179** | **440** | **7** | **0** | **626** | **515** | **111** |

## 4.4 Оддел за прекршоци

| Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **28409** | **19557** | **1660** | **4** | **49622** | **22260** | **27362** |

## 4.5 Оддел за истрага и претходна постапка

| Вид на предмети (по уписник) | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ки** | 79 | 3 | 0 | 0 | 82 | 46 | 36 |
| **к-пп** | 6 | 940 | 0 | 0 | 946 | 923 | 23 |
| **оид** | 23 | 0 | 0 | 0 | 23 | 19 | 4 |
| **киок** | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 |
| **кок-пп** | 28 | 590 | 0 | 0 | 618 | 573 | 45 |
| **оид-ок** | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| **вкупно** | **139** | **1533** | **0** | **0** | **1672** | **1563** | **109** |

## 4.6 Одделение за извршување санкции

| Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **11961** | **22421** | **0** | **0** | **34382** | **22830** | **11552** |

# 5. Квалитет на предметите на ниво на оддел

## 5.1 Оддел за кривично полнолетни

| Вид на предмети (по уписник) | Решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| к | 4127 | 537 | 13,01 | 145 | 3,51 | 115 | 2,78 |
| кривичен совет | 2846 | 96 | 3,37 | 7 | 0,24 | 8 | 0,28 |
| вкупно | 6973 | 633 | 9,07 | 152 | 2,17 | 123 | 1,76 |

## 5.2 Оддел за кривично организиран криминал

| Вид на предмети (по уписник) | Решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| кок | 133 | 67 | 50 | 16 | 9,77 | 4 | 3 |
| кс-кок | 2015 | 127 | 6,30 | 3 | 0,14 | 11 | 0,54 |
| вкупно | 2148 | 194 | 9,03 | 19 | 0,88 | 15 | 0,69 |

## 5.3 Оддел за кривично малолетни

| Вид на предмети (по уписник) | Решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| км | 224 | 10 | 4,46 | 0 | 0 | 1 | 0,44 |
| кс-км | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| вкупно | 228 | 10 | 4,38 | 0 | 0 | 1 | 0,43 |

## 5.4 Оддел за прекршоци

| Решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 22260 | 784 | 3,52 | 309 | 1,38 | 188 | 0,84 |

## 6. Состојба со стари предмети

| Вид на предмети | Број на предмети во работа | Број на решени | Остаток нерешени |
|---|---|---|---|
| **К** | **1182** | **683** | **499** |
| **Кок** | **70** | **28** | **42** |
| **Ки** | **63** | **35** | **28** |
| **Оид** | **13** | **10** | **3** |
| **Прк** | **11435** | **4172** | **7263** |
| **Оид-ок** | **1** | **1** | **0** |
| **Ки-ок** | **2** | **1** | **1** |
| **Вкупно** | **12766** | **4930** | **7836** |

По однос на точка 7 од образецот , Ве известуваме дека истата е детално образложена во текстуалниот дел од Годишниот извештај под римско 2.

**II.**
**1. ВОВЕД**

Основниот суд Скопје I Скопје, согласно член 32 од Законот за судови (Службен весник на РМ бр. 58/06 од 11.05.2006 г.) и согласно член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите ( Сл. Весник на РМ бр. 35/08 од 14.03.2008г.) е Кривичен суд со основна и проширена надлежност за подрачјето на град Скопје (општините Центар, Карпош, Ѓорче Петров, Сарај, Кисела Вода, Аеродром, Бутел, Гази Баба, Чаир, Шуто Оризари, Чучер Сандево, Сопиште, Студеничани, Зелениково, Петровец, Илинден и Арачиново) и суд во кој е формирано специјализирано судско одделение надлежно за судење на дела од областа на организираниот криминал и корупција за целата територија на Република Македонија.

Имајќи ја во предвид ваквата надлежност, работата во судот е организирана по одделенија и оддели и тоа: Специјализирано судско одделение надлежно за судење на дела од областа на организираниот криминал и корупција, Кривичен оддел - Полнолетни, Кривичен оддел-Малолетни, Истражен оддел, Оддел Претходна постапка,Оддел за Прекршоци и Оддел за извршување на санкции.

На почетокот на 2015 година , во одделението за организиран криминал и корупција, по предметите постапуваа вкупно 10 - судии, од кои 2 - судии во истрага и претходна постапка и 8 - осум судечки судии, во Кривичниот оддел полнолетни – 28 судии, во Кривичниот оддел за малолетници - 2 судии, во Истражниот оддел 6 судии кои постапуваа и по прекршочни предмети од областа ПРК-Ј и ПРК-О, 3 судии во

Претходна постапка, во Прекршочниот оддел 10 судии и во Одделот за извршување на санкции 2 судии. На крајот на извештајната година во во одделението за организиран криминал и корупција, по предметите постапуваа вкупно 11 - судии, од кои 3 - судии во истрага и претходна постапка и 8 - осум судечки судии, во Кривичниот оддел полнолетни - 28 судии, во Кривичниот оддел за малолетници - 2 судии, во Истражниот оддел 5 судии кои постапуваа и по прекршочни предмети од областа ПРК-Ј и ПРК-О, 3 судии во Претходна постапка, во Прекршочниот оддел 10 судии област ПРК-С и 2 судии област ПРК-Ј иПРК-О и во Одделот за извршување на санкции 2 судии.

Претседател на Основниот суд Скопје I Скопје е судијата Владимир Панчевски кој е избран на оваа функција на 04.12.2012 година.

Претседателот на судот Владимир Панчевски во извештајната 2015 година продолжи со реализирање на програмата за работа на судот. Од почетокот на мандатот на претседателот континуирано е извршена анализа на досегашните резултати и работење, при што може да се констатира дека судот во одредени сегменти во декември 2012 година е затекнат во запуштена состојба оставена на инертно постапување на и така тромиот механизам на судско постапување и судски кадар. Ваквата состојба особено може да се забележи во тоа што на одредени оддели постоеше состојба на самоволие и работење во пракса што не е во согласност со Законите и судскиот деловник како што се Одделот за Прекршоци и Одделот за извршување на санкции каде и покрај извештаите од контролите на повисокиот суд воопшто со години не биле преземани никакви активности за средување на состојбите. Истовремено иако од донесување на новиот Закон за кривична постапка од 2010 година до декември 2013 година било поминато период од 3 години освен основните обуки на сусдкиот кадар извршени преку Академијата за судии и обвинители, може да се констатира дека во претходниот период воопшто не биле преземени активности за подготовка на судискиот кадар за соочување со практичната примена на новиот ЗКП, преку одржување на колегиуми и изготвување на упатства и обрасци за практично работење, иницијативи за унапредување на АКМИС системот, одржување на заеднички состаноци со повисоките судски инстанци, заради пресретнување на состојбите со кои во моментов се соочува судскиот кадар во судот при примена на новиот ЗКП

Во текот на целата 2015 година се продолжи со следење и анализа на работата на сите судски оддели и одделенија, а се во правец на подобрување на работата на судот. Во текот на 2015 година се поставија критериуми за управување со судот преку создавање и развивање на ефикасен систем на управување со судот и каскадна одговорност при извршувањето на работните задачи навремено и квалитетно од страна на раководните службеници во една взаемна поставеност на повратен систем и координација со раководниот судски кадар по оддели и одделенија и истовремено преку засилен ангажман на сите човечки и материјални ресурси во судот.Како и во претходната извештајна година редовно беа вршени контроли на работата на судските писарници и работата на целокупната судска

администрација, при што беше инсистирано на редовно доставување на извештаи од страна на судиите за причините за одлагање на главните претреси како и други извештаи за работата на судиите. Во текот на 2015 година врз основа на добиените резултати од контролите и извештаите тековно се правени анализи со поддршка на Работното тело за движење на судските предмети и тековно се завземани ставови со укажување до вработените за унифицирање на начините и процедурите за судско администрирање и доследна примена на судскиот деловник. Во соработка со УСАИД во ова насока во текот на 2015 година е оформено посебено судско одделение за аналитика, кое ги следи сите состојби на судското администрирање , изготвува извештаи на барање на судскиот совет и повисоките судови, а со што се зголеми ефикасноста и работењето на судот во целина. Во текот на 2015 година од страна на Претседателот на судот е донесено Упатство за работа на ова одделение.

Во текот на 2015 година во насока на подобрување на просторните услови за непречено извршување на работните обврски, континуирано преку согледувања, предлози и работни состаноци до Министерството за правда кое е носител на проектот за изградба и опремување на новата судска зграда, се доставени практични решенија за унапредување на условите кои се предвидуваат во новата судска зграда кои како проект не беа во согласност со новите стандарди за судско работење и управување, а секако се во насока за модернизирање на судските услови, при што министерството во текот на 2015 година ги прифати и имплементираше сите барања доставени од судот. Во текот на 2015 година се преземаа и активности за подобрување на просторните услови во постојниот судски објект заради непречено извршување на работните обврски од страна на сите вработени, генерално во постојната судска зграда е воведен електронски систем за пристап до работно место и евиденција на време поминато на работното место во судската зграда што секако ја зголеми и ефикасноста во работењето

Во текот на 2015 година беа испразнети места на 5 -пет судии, од кои 1 –еден судија поради исполнување на услови за старосна пензија,2-двајца судии поради разрешување од судиска функција по нивно барање, а во текот на 2015 година во овој суд беа делегирани од други судови 7 судии.

Канцеларијата за односи со јавноста продолжи да функционира ефикасно и ажурно, со зголемен обем на работа и во текот на 2015 година. Истата континуирано и непрекинато во текот на целата извештајна година доставуваше соопштенија до јавноста за актуелни предмети, како и други соопштенија кои беа од особен интерес за јавноста.

Во извештајната 2015 година може да се заклучи дека процесот на објавување на анонимизирани правосилни пресуди е забавен односно во текот на извештајната 2015 година нема анонимизирани одлуки кои се поставени на web страницата на судот, од причина што од страна на Врховниот суд на РМ не е превземено ништо за проширување на базата која е преполна и поради што неможе да се поставуваат анонимизирани одлуки**.** Последното особено во насока на остварување на

принципот на транспарентност во извршување на функцијата на судот заради зголемување на правната сигурност и довербата во правосудниот систем на Република Македонија.Имено, веб страната на судот во текот на целата извештајна година редовно беше ажурирана со нови содржини, се со цел транспарентност и доближување на работата на судот до граѓаните.

Основниот суд Скопје I Скопје и во текот на 2015 година ја продолжи својата активна и интензивна соработка со Академијата за судии и јавни обвинители, при што треба да се истакне дека во текот на целата 2015 година континуирано беа реализирани семинари и обуки и за судските службеници и судските соработници, како и континуирана обука заради овозможување на специјализација на судиите и судските службеници за ефикасно постапување по видови на предмети во рамките на стварната и функционална надлежност на судот со цел подигање на степенот на ефикасност, ажурност и квалитет во водењето на постапката во сите нејзини фази.

Во текот на извештајниот период беа остварени повеќе средби со државни органи и институции, како и со претставници на проекти кои работат на имплементација на судските реформи.

Во правец на зголемување на ефикасноста во работењето, од страна на судиите беше изготвена програма за решавање на стари предмети по која се постапуваше ажурно и ефикасно, во текот на 2015 година се преземаа активности за изготвување на програма за ефикасно менаџирање со судските постапки и планирање на судските дејствија и координација на спроводите од затворите и постапувањето по наредбите за приведување, националните и меѓународните потерници, перманентно следење на времетраењето на постапката, интензивирање на процесот на насрочување на предметите заради реализација на начелото на судење во разумен рок, ефикасно и брзо спроведување на судската постапка во сите фази, ажурирање на доставата и надзор врз истата, надзор над динамиката на превземените активности, одржување на континуирани состаноци и работни средби по однос на проблемски теми и проблеми во тековното работење, колегиуми и стручни советувања на ниво на оддели заради размена и усогласување на ставови, мислења и искуства за тековни прашања и воедначување на судската пракса, лоцирање на проблемите и причините за одолговлекување на постапката, превземање на мерки околу ажурирање на изготвувањето на вештачењата од страна на постојните судски вештаци, информирање на надлежните органи при стручните установи за ажурирање на изготвувањето на вештите наоди и мислења, ангажирање на судските соработници во однос на изготвување на одлуките, надзор на доставување и изготвувањето на одлуките согласно предвидените рокови во Законот за кривичната постапка и превземање дополнителни мерки и активности заради квалитетно водење на постапката од кои во голем процент зависи успешното постапување на судот.

Оваа проблематика ја следи на дневна база формираната Аналитичка канцеларија за што се доставува извештај до Претседателот на судот и до Судски совет на РМ.

## 2. МЕНАЏМЕНТ НА СУДОТ

Активноста на носителите на менаџментот на Основниот суд Скопје I Скопје и во текот на извештајната година беше насочена кон создавање и развивање на ефикасен систем на управување со Судот, преку поединечен ангажман на секој носител, како и со јакнење на организационата поставеност на судот.

Носители на менаџменот во судот се:

- Претседателот на судот
- Портпаролот на судот и советници портпароли
- Судскиот администратор
- Управителот на судските писарници
- Одговорните судии на Оддели

## 3. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ

Претседателот на судот, Владимир Панчевски и во текот на 2015 година својата работа ја насочи во правец на остварување на програмата за работа на судот декември 2012 - декември 2016, а започната уште при неговиот избор за Претседател на Основниот суд Скопје I Скопје. Имено, неговата активност во текот на 2015 година беше насочена најповеќе во насока предизвиците со кои се соочи Основниот суд Скопје I Скопје во директна примена на новиот ЗКП кој претставуваше сериозен предизвик во менаџирањето на судот кое вклучи нов начин на организирање и координација на работата со Јавното обвинителство, МВР и адвокатите во постапката, реорганизација на начинот на движење на предметите при судското администрирање, реорганизација на кривичните совети, советите за оцена на обвинителен акт, реорганизација на корпората во судот и сорботката со Агенцијата за постапување со конфискуван имот. Особен акцент во текот на извештајната година беше ставен на реорганизација и рационализација на судискиот кадар и максимално искористување на човечките ресурси за остварување на брза ефикасна и квалитетна постапка, се изврши прераспоредување и на фондот на судски предмети на предмети по стар и предмети по нов ЗКП, при што краткорочно а до завршувањето на предметите по стариот процесен закон Претседателот врши континуиран надзор над направената реорганизација и поделба по процесна специјализација и на судискиот кадар што во овој период ја олесни работата на судиите и судската администрација и доведе до намалување на бројот на стари нерешени предмети. Во текот на 2015 година преку одржуваните колегиуми се вршеше размена и усогласување на ставови, мислења и искуства за тековни прашања, воедначување на судската практика, развој, усовршување и реализација на методологија за решавање на стари предмети и тенденција за воспоставување и спроведување на практични мерки и методологии за пократко времетраење на постапките во судот со доследно почитување на начелата на кривичната постапка и уставните и законски права на учесниците во постапката и начелото на судење во

разумен рок, што упатува на ажурност и ефикасност во постапувањето по сите видови предмети, како и воспоставување, воедначување и спроведување на практични мерки и методологии за справување на извршителите на судската функција со континуираните новини во казненото законодавство и ефикасна примена на истото, како и заземање правни мислења и донесување заклучоци со цел воедначување на судската практика, реализација на утврдената методологија за решавање стари предмети, динамика на решавање на предметите и подигање на степенот на професионалниот и етичкиот однос на судската администрација во извршувањето на работните задачи и во комуникацијата со странките, унапредување на судскиот процес преку користење на информатичката технологија и подобрување на континуираната обука на судиите, стручните соработници и судската администрација во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители.

Во текот на 2015 година непречено функционираше системот за автоматска распределба на предметите заради отстранување на секаква можност за сомневање во влијанието на субјективниот фактор во заведувањето на предметите и подеднаква распределба на предметите во работа на судиите, по основи и видови, истовремено колегиумот на судот на неколку свои седници расправаше по однос на објективноста и правилната и правична поделба на предметите по основи и видови при што се заседе став дека се работи за многу сложен процес кој треба да се гледа од повеке аспекти и фактори при што со континуирано следење и преземање на активности за унапредување на критериумите за функционирање на системот за автоматска распределба ке се постигнат и поголеми квантитативни и квалитативни резултати. Исто така во консултација со стручниот колегиум на судот е вршено предлагање до надлежните, нови унапредени критериуми за ефикасна и објективна распределба на предметите, при што во одредени ситуации согласно овластувањата на Претседателот на судот од Судскиот деловник, со одлука на Претседателот, а заради еднаква распределба на предметите и поефикасно постапување носени се и одлуки за исклучување и рачна прераспределба на предмети по судии, во однос на обемот на работа и ангажираноста на конкретен судија. Исто така во овој период континуирано е следена и состојбата со администартивниот кадар при што во зависност од новите потреби согласно новиот ЗКП е извршена прераспределба на човечките ресурси како би се забрзал процесот на администрирање по судските прдмети. Генерален заклучок е дека овој суд во текот на 2015 година го надмина недостатокот на судски административни службеници со тоа што во текот на извештајната година се примени на неопределно време со јавен оглас 2-двајца Судски соработници и 3-тројца Помлад судски соработник, а на определено време со договор за вработување беа вработени 8-осум Помлади судски соработници и 2-двајца Помлади соработници, со спогодбено превземање без објавување на јавен оглас беа вработени 5-пет лица од кои 1-еден Судски соработник од Основен суд Куманово, 1-еден судски соработник од Основен суд Гостивар, 1-еден Помлад судски соработник од ЈП Македонски Шуми и 2-двајца Помлади соработници од ЈП Македонски Шуми. Исто така во текот на 2015 година беше спроведено унапредување на судските службеници по пат на интерен оглас со тоа што се унапредени тројца судски службеници и тоа 1-еден раководител на

Одделение за водење на казена и кривична евиденција, 1-еден раководител на Одделение за човечки ресурси и 1-еден самостоен судски референт. , но може да се заклучи дека примениот кадар е со недоволна стручна обученост за судско администрирање и дека ќе биде потребен дополнителен период од 6 месеци до 1 година за нивно обучување и дообучување како би можеле во целост да постапуваат и извршуваат навремено работите на судската администрација каде се распоредени, но не постои конкретна правосудна стратегија за обучување на овој кадар освен нивната обука во Академијата за судии и јавни обвинители која организира основни обуки за судска администрација што не се чести, па обуката на ваквиот кадар во целост се заснова на знаења пренсени од постоените вработени од кои причини и периодот на обука ќе трае подолго време, што повторно ќе доведе до забавување на процесот на администрирање на судските предемти.

Во оваа смисла сметам дека треба да биде направена посебна стратегија од страна на Судскиот совет каде ќе се земе во предвид дека во судовите има многу вработени кои се пред пензија а вршат одговорни и раководни позиции така што истите навремено би се замениле со обучен и стручен кадар, како не би дошло до последици по тековното судско работење.

Имено во текот на 2015 година се следи процесот на паралелната примена на стариот и новиот ЗКП при решавање на предметите, се со цел побрзо и поефикасно завршување на старите нерешени предмети започнати по стариот ЗКП и совладување на приливот на предмети по новиот ЗКП, Претседателот на судот врз основа на одлуката на седница на судии Кривично-полнолетни како и врз основа на извршена анализа на работењето и постигнатите резултати на судиите во кривичниот оддел –оддел полнолетни заклучно со 28.08.2014 година, а имајќи предвид дека двете постапки се во целост различни една од друга и при паралелното постапување од едни исти судии би можело да се доведе во прашање правилната примена на процесното право, изврши прераспоредување на фондот на предмети во овој одел на судии кои ќе постапуваат по предметети по новиот ЗКП и судии кои ќе постпуваат по стариот ЗКП. На ваквата прераспределба се приклучи и Јавното обвинителство кое определи јавни обвинители кои ќе работат само по стар закон и тоа еден јавен обвинител со по двајца судии од овој суд, но тоа траеше до септември 2015 година кога во Основното јавното обвинителство се распоредени сите јавни обвинители да постапуваат и по стар и по нов ЗКП, што дополнително го успори постапувањето по предметите по стариот ЗКП од причина што прерапоредените обвинители требаше да се запознаат со распоредените предмети што во еден период доведе до одлагање на предметите и успорување на процесот на нивно решавање.Но и покрај ваквата ситуација потребно е да се изрази задоволство за посветеното работење на судиите по стариот ЗКП, бидејки од прераспределбата на предметите по стар ЗКП од октомври 2014 година судиите примија вкупно 1.634 предмети по стар ЗКП, при што за нешто повеке од една година останати се уште 770 предмети по стариот ЗКП, додека по новиот ЗКП се постапува по 1.352 предмети. Со вакви резултати се верува дека во текот на 2016 година овој суд успешно ке заврши со постапувањето по предметите по стар ЗКП. Секако треба да се има предвид и дека решавањето на предметите во прв степен не

значи и нивно потврдување но успехот на решени повеке од половина стари предмети укажува и на квалитетот на одлуките на судиите кои постапуваат по истите.

На одговорните судии на оддели, на колегиумите и состаноците кои беа одржани им беше укажано дека е потребно секој одговорен судија како и претходната извештајна година да изработи план за работа на својот оддел, секако по претходна анализа на состојбата и начин за решавање на заостатокот на предмети, а на барање на судскиот совет, претседателот на судот да ги извести и им укажа на судиите да се превземат сите нужно неопходни мерки и активности за изготвување на акциски план за решавање на старите предмети.Претседателот на судот со жалење може да констатира дека во рамките на судот не постои одговорност за тимска работа и навремено извршување на дадените задачи и координаци од Претседателот на судот, при што ниту еден од раководителите во текот на извештајната година не покрена иницијатива за решавање на одредено прашање или идеа за унапредување на судската работа во насока на поефикасно и поажурно спроведување на судските дејствија а на задоволство на граѓаните на РМ. Се констатира дека сите иницијативи доаѓаат директно од Песедателот на судот но постои бавен и инертен механизам за нивна реализација.

Со изготвување на акциониот план е продолжено со реализиција на стратегијата за согледување и имплементирање на практични решенија за постапување во периодот на паралелизам на стариот и новиот ЗКП и стратегија за решавање на баластот на стари предмети по оддели,при што во таа насока е извршена подделба на судии кои постапуваат по стариот ЗКП и судии кои постапуваат по новиот ЗКП, па со нивна зголемена посветеност и ангажираност во работењето посебно во делот на старите предмети чиј вкупен број во работа во текот на 2015 година беше 1.182 предмети, од кои решени се вкупно 683 предмет, а останаа нерешени вкупно 499 предмети, што за краток период претставува голем успех за судот и истовремено тоа е постигнато поради вонредни залагања на судиите од одделот кривично полнолетни во Основен суд Скопје 1 Скопје, а истото се потврдува и со малиот број на укинати предемти за извештајниот период 2015 година во спосредба на вкупниот број на пресудени предмети. При решавањето на предметите судиите во овој оддел постапува ефикасно без одолговлекување на постапките, согласно начелото за судење во разумен рок, што покажува и фактот дека иако во текот на 2015 година се поднесени 25 барања за заштита на правото на судење во разумен рок, само 12 барања се усвоени од страна на Врховниот суд на РМ.

Претседателот на судот преку раководните работници како и преку работното тело за управување и движење на предемтите во судот, во текот на 2015 година континуирано вршеше надзор на подготвеноста и секојдневното работење на целокупниот судски персонал, со автоматизираниот комјутерски систем за управување со судските предмети –АКМИС, со што ќе се обезбеди водење и чување на податоците во електронска форма, стандардизација на податоците во системот,

воспоставување на параметри за скратени анализи и извештаи за состојбите со предметите во работа во смисла на статистички податоци. Извештаите редовно се доставувани до Судски совет на РМ. Секојдневно навремено истакнување на листата на закажаните судења на електронската огласната табла во судот и ажурирање на комуникацијата по електронска пошта. Во однос на континуираното и перманентното објавување на изготвените и анонимизирани одлуки на web страницата на судот. Може да се заклучи дека овој процес е забавен односно во текот на извештајната 2015 година нема анонимизирани одлуки кои се поставени на web страницата на судот, од причина што од страна на Врховниот суд на РМ не е превземено ништо за проширување на базата која е преполна и поради што неможе да се поставуваат анонимизирани одлуки**.** Последното особено во насока на остварување на принципот на транспарентност во извршување на функцијата на судот заради зголемување на правната сигурност и довербата во правосудниот систем на Република Македонија.

Од почетокот на 2015 година од страна ан судовите во РМ е превземено водењето и ажурирањето на податоците од казнената евиденција која во текот на месец декември 2014 година беше предадена од страна на МВР на РМ а превземена во Врховниот суд на РМ како единствена база на казнена евиденција. За оваа цел а со оглед на тоа што не беше дадена конкретна стратегија како да се води и како да се организираат судовите за водење на казнената евиденција за правосилни пресуди, а истовремено имајќи во предвид дека секој суд ја води и кривичната евиденција за граѓаните за постапки во тек основниот суд Скопје 1 Скопје изврши реорганизирање на човечките ресурси во судот така што се измени систематизацијата и се воведе ново одделение за казнена и кривична евиденција како посебно судско одделение и во текот на 2015 година во ова одделние се извршени вработувања на нови судски службеници и истовремено е извршено опремеување на ова одделние како и донесени се посебни процедури за начинот на постапување.Во тако тна 2015 година со интерен оглас е избрано лице – раководител на оделението за казнена и кривична евиденција. Во текот на цела 2015 година е вршено прочистување на превземената казнена евиденција од МВР на начин што преку кривичните уписници на Основниот суд Скопје I Скопје и Основниот суд Скопје II Скопје се изврши проверка на внесеното при што сите пронајдени грешки се отстранети,преостана уште да се внесат и ЕМБГ во уписите на казнената евиденција кои во време на пресудување не биле внесени. На оваа активност земаа учество повеќе од 30 вработени кои во текот на годината ја прочистија казнената евиденција превземена од МВР на РМ во делот на донесените казниви пресуди на Основниот суд Скопје I Скопје и Основниот суд Скопје II Скопје. Приливот на предмети за проверка на казнената и кривичната евиденција е зголемен од аспект на проверки кои се прават за службени потреби на државни органи-МВР, ЈО Министерство за одбрана Министерство з аправда за лица кои бараат од странство, како и барања за издавања на уверенија од кривична и казнена евиденција за физички и правни лица.Од страна на Основен суд Скопје 1 Скопје во текот на 2015 година се превземени активности за допоплнително олеснување на овој процес за издавање на ваков вид на уверенија во интерес на граѓаните и тоа

преку WEB апликација како и вршење на наплата преку пос терминали во просториите на судот каога ќе се поднесува барање од страна на граѓаните. Ваквата активност е превземена со поддршка на ОБСЕ и Судскиот совет на РМ

Во текот на 2015 година како успешен проект на овој суд продолжи со унапредување на сопствениот електонски систем за електронска евиденција на спроводите -АСПЛ со кој од страна на судиите се следат сите издадени наредби за спровод од затворите на лица кои се наоѓаат во притвор или на издржување на казна затвор, преку кој систем судиите поефикасно вршат насрочување на предметите во кои имаат обвинети лица кои што се наоѓаат во затворските установи и истовремено на ниво на суд се усогласува спроводот на едно лице кое има повеќе постапки пред овој суд да биде спроведено во ист ден кај повеќе судии со што се рационализира работењето и на затворските установи а и на судот. Ова софтверско решение е целосно функционално и го користат судиите во секојдневното работење и истото претставува ефикасен механизам со кој се надминува несонованото одлагање на предметите кои зависат од спровод на лица од затворите.

Во соработка со USAID, во текот на 2014 година беше пристапено во изготвување на софтверско решение-дата база за лица за кои се издадени потерници, во која база најпрво ќе се запишуваат сите издадени наредби за приведување на лице (обвинет, сведок или вештак) во различни фази од кривичната постапка, како и посебна фаза на надградба во делот на издадени национални и изјави за меѓународни потерници за обвинет, беше побарано да се изврши надградба на постојаната база во Акмис системот при што преку централен систем ќе комуницирааат и ќе имаат пристап сите судии во еден суд и и судиите во различни судови во РМ и тоа во различни фази на постапката кога се издаваат потерниците, така што доколку се работи за едно исто лице да го бараат во еден суд или повеќе судии во различни судови , истите со постоење на оваа база ќе можат полесно да комуницираат и поефикасно да постапуваат.Во текот на извештајната 2015 година ова софтверско решение е потполно функционално но за жал само во базата на АКМИСОТ која се однесува само на Основен суд Скопје 1 Скопје.За истото не се најде разбирање кај Работно тело за стандардизација на постапките во судовите Врховниот суд на РМ со оглед на тоа да во текот на 2015 година беше ставено на дневен ред на рабтното тело но како одлуката на истото за функционалност во сите судови во РМ според членовите на работното тело, зависеше од присуството на претседателот на Основен суд Скопје 1 Скопје кој би ги образложил причините за имплементација ова софтверско решение не е во целост имплементирано во судовите во РМ.Сметам дека ова софтверско решение е сериозна значајна алатка која тековно би им помогнала на судиите во извршување на судските дејствија особено во делот на издадените наредби за приведување и потерници а во подоцнежна фаза и меѓународни потерници и евентуална екстрадиција на обвинети и осудени лица што би довело до ефикасно и координирано постапување на судот со МВР и Министерство за правда по ова прашање, особено во насока на спроведување на законот за меѓународна правна помош.

Во текот на 2015 година се следи и редовно на месечно ниво од страна на задолжено лице во судот се доставуваат месечни извештаи до Судски совет на РМ податоци од електронски систем за контрола на доаѓање и одење од работа од работа на вработените во судот како и нивно движење низ судската зграда, односно пристап до работно место за сите вработени во судот вклучувајќи ги судиите и судската админинистрација со што се подига и степенот на работна дисциплина и ажурно извршување на работните обврски. Преку оваа електронска евиденција се контролираат сите отсуства на вработените и користењето на годишните одмори и дежурства во судот. Во текот на 2015 година е изготвена нова систематизација во овој суд и е предвидено посебно одделение за човекови ресурси а во текот на месец декември 2015 година е определено лице раководител на ова одделение кое ќе се грижи за целеокупната расположливост на човековите ресурси во овој суд.Ова одделение е во свое формирање и се очекува да во следните години потполно и во целост да направи анализи во однос на ангажираноста и потребите за човечки ресурси по одделенија , обем на работа како би дошло до рационално искористување на истите.

Во текот на 2014 година судот започна со имплементација на системот за електронска достава , при што овој систем во текот на извештајната 2015 година функционира без некаков напредок, еднонасочно од судот кон странките, а согласно дадените инструкции дадени од страна на работното тело за АКМИС во Врховниот суд на РМ ,кои што се постари од 2 години,со оглед на тоа што базата на електронска достава и размена на документи е воспоставена во Врховниот суд на РМ.Во овој суд оваа проблематика ја следи специјално определено лице од одделот за информатика и го известува Претседателот на судот и работното тело за АКМИС за проблемите за кои што произлегуваат од овој модул на АКМИС системот.

Во текот на 2015 година,од страна на Преседателот на судот со подршка на проектот за судски реформи на USAID беше воспоставена посебна аналитичка канцеларија , која ги превзеде функциите на комисијата за вршење контроли формирана од Претседателот на судот во текот на 2014 година и тоа на судската писарница во Кривично полнолетниот оддел, во одделението за наплата, во доставното одделение, во писарницата на одделот за санкции и во писарницата на Прекршочниот оддел.Во текот на 2015 година од страна на Претседателот на судо е поставен тим лидер како и определени се вработени од судската администрација кои ќе работата во оваа аналитичка канцеларија при што е изготвено посебно Упатство за работа на аналитичката канцеларија. Работата на оваа аналитичка канцеларија ќе биде пред се утврдување на неправилности во вршењето на административното работење и причините за евентуалн вакви состојби како и отстранување на истите како и препораки за подобрување на организирање на работата во соодветната писарница а се во интерес за побрзо и поквалитетно администрирање со предметите а заради спречување на создавање на заостаток и застој при движење на предметите.

Во текот на 2015 година одделот прекршоци започна целосно да функционира во АКМИС системот при што од почетокот на годината од страна на Судскиот совет на РМ е пополнет бројот на недостатокот на судии во овој оддел, но со оглед на тоа што на крајот на 2014 година овој оддел функционираше во неполн состав поради поведена постапка на ЈО против судии и административни службеници во овој оддел, како и потребното време новоделигираните судии и новоопределените административни службеници да се запознаат со предметите и да заполнат со нивно администрирање во овој оддел од месец октомври до крајот на 2014 година имаше застој во администрирањето на предметите што во однос на 2015 година доведе до зголемен обем на стари нерешени предмети од претходниот период.Со воведувањето на АКМИС системот во овој оддел и обуката на судиите и административните службеници за работа на прекршочните предмети преку АКМИС системот исто така на почетокот на извештајната година придонесе до застој во работењето, со огелда целокупното работење се вршело рачно или преку деловнички книги и уписници.

Од овие причини судиите што постапуваа во одделот за прекршоци во текот на 2015 година имаа во просек од 2700 предмети по судија со месечна норма од 140 предмети при што во тековната извештајна година физички не беше возможно да се постапи и администрира по истите што во голема мерка го наруши квалитетот на одлуките во овој оддел, кој со години претходно поради лошо менаџирање и несовесно постапување, овој оддел придонесува за намалување на успешноста на судот. Од овие причини во декември 2015 година а со оглед на намалениот обем на предемти во работа во другите оддели Претседателот на судот изготви нов Годишен распоред за 2016 година каде бројот на судии кои постапуваат по прекршочна материја се зголемува за уште 5 судии со што се очекува дека ќе се надмине ваквата сосотојба во овој оддел.Имено во текот на 2015 година одделот прекршоци од област сообраќај работеше со 10 судии со вкупен број од 37.784 предмети, област јавен ред и мир со 4 судии со вкупен број од 5.057 предмети, а област стопанство со 4 судии со вкупен број од .6.214 предмети

Во текот на 2015 година одделот за извршување на санкциите исто така се констатирани неправилности во текот на работењето односно целокупното работење на овој оддел доведува до бавно извршување на судските одлуки односно извршување на кривичните санкции спрема осудените лица. Ова особено може да се констатира во извршувањето на мерките безбедност кои најчесто во текот на судското администрирање до започнување со извршување застаруваат, а нечесто се случува и затворските казни да застарат во текот на извршувањто, при што во оваа насока се дадени повеќе укажувања од страна на судот до службениците во суската писарница.

Во текот на 2015 година комплетно е реформирано односно укинато одделението за наплата така што оваа обврска е доделна на службениците кои постапуваат во одделите КОК , К и ПРК сите области, така што од месец јуни 2015 година одделението за извршување на санкции е вклучено да постапува преку АКМИС системот откако во претходниот период се извршени подготовки и доработка на модулот за овој оддел преку средства обезбедени од страна на Судскиот совет а

во соработка со ЕДУ Софт која е задолжена за одржување на АКМИС сситемот. Во оваа насока сите службеници кои администрираат по правосилни и извршни одлуки преку посебен модул во АКМИС системот ги испраќаат предемтите на извршување на одделот санкции.Во периодот до крајот на 2015 година е извршено инпортирање на старата база во која работеше одделот санкции, прочистување на истата како и ажурирање на предметите во овој оддел, а со изготвениот годишен распоред за 2016 година во текот на месец декември 2015 година се направени и кадровски промени во овој оддел што вклучуваат промена на судиите и административните службеници кои постапувале во одделот во изминатиот период.

Во текот на 2015 година во овој оддел за разлика од претходните години има зголемен обем на на прекрошчните предмети на извршување, што се должи на големиот обем на прекршочни предмети по кои се постапуваше во одделот за прекршоци , ваквата тенденција ќе продолжи и во текот на наредниот период со оглед да  прекршочниот оддел има голем број на заостаток на прекршочни предмети, што секако може да се види од месечните извештаи на овој суд каде околу 90% на овој суд потпаѓаат под предмети од одделот за снакции и прекршочни предмети по сите области.

Во овој оддел во постапувањето на судиите во текот на 2015 година се констатирани и се отстранети  неправилностите кои се однесуваат на одлуките за извршување на казната затвор по правосилна судска одлука кога се упаува лице од куќен притвор,  со оглед да праксата дозволувала и ова лице да бара одлагање на извршување на казната при што во некои случаеви ваквото постапување доагало до извршување на казната во услови на куќен притвор со оглед да времето поминато во куќен притвор се засметува во изречената казна.Од страна на Претседателот на судот сериозно е укажано на ваквите неправилности да бидат отсранети во идниот период да се постапува согласно законските одредби. По однос  на паричните казни кои се извршуваат од УЈП  дадено е укажување до судиите редовно да бараат од УЈП  повратна информација дали паричната казна е извршена, па доколку добијат известување дека истата не е наплатена, дадено е укажување на судиите да донесат одлука за замена на паричната казна со казна затвор со оглед да во периодот на извршување на  казната  течат роковите на застареност.Во оваа смисла е констатирано дека кај судиите  во  изминатиот период постоела  пракса да не носат вакви одлуки самоиницијативно, туку за истото да има извршен наслов во судската пресуда што секако не е пречка за судијата за извршување на санкции да донесе ваква одлука за да не се осуети извршувањето на казната, па од ваквите укажувања во извештајниот период се намалија случаевите на лоша пракса во судското постапување.Исто така по воведување на АКМИС системот во овој оддел со пресекот од досега водената рачна и уписничка евиденција со воспоставената евиденција во АКМИС системот во текот на извештајниот период се утврди голем број на непратени кривични предмети на извршување на санкции за кои застарело извршувањето на санкцијата при што може да се констатира дека истото е резултат на неорганизарно и неправилно менаџирање во изминатиот подолг период како и праксата да се праќаат активни предмети на увид во други предмети во кој период

по истите не се работело подолги години како што е случајот со пратените предмети од одделот за санкции во предмети на Кривичниот совет за барање за помилување без по истите да биде превземено дејствије или да биде издадена наредба за приведување на лицето заради извршување на казната. За вакви и слични случаеви во текот на 2015 година со информација на Претседателот на судот е известен Судскиот совет на РМ.

Во текот на 2015 година со оглед на утврдените проблеми од страна на Работното тело за движење на предмети од чии извештаи произлегува сосотојба на бавно движење на предметите а која зависи од неуредно писуство на странките и учесниците во кривичните постапки од страна на Претседателот на судот дадено е укажување до судиите во одделот кривично полнолетни дека во текот на постапката задолжително треба да ги спорведуваат законските одредби и задолжително да го применуваат чл. 104 од новиот ЗКП и чл.91 од стариот ЗКП, при што обвинетиот, оштетениот, приватниот тужител, бранителот, законскиот застапник, полномошникот, сведокот, вештакот, преведувачот, толкувачот и стручното лице, без оглед на исходот на кривичната постапка, да ги задолжуваат со посебно решение да ги поднесуваат трошоците за нивното доведување, за одложувањето на главната расправа и другите трошоци на постапката што ги причиниле по сопствена вина.Ваквите решенија судиите да ги носат веднаш кога ќе се појави вакваа ситуација по завршување на главниот претрес или главната расправа и веднаш да прават експедиција на овие решенија. Со изготвувањето на ваквите решенија и извршување на истите би се отстраниле и причините кои најчесто доведуваат до одолговлекување на постапките, а и би се зголемило почитувањето на странките кон поканите упатени од страна на судот и во крајна линија од страна на судиите би се спровел законот.Исто така во текот на извештајната година се дадени насоки до благајната на судот во делот на утврдување и евидентирање на сите побарувања од страна на субјекти врз основа на договорни услуги особено е ставен акцент на се позачестеното фактурирање од страна на биро за судски вештачења кој побарува судот однапред да ги исплаќа трошоците за вештачење иако судот како орган нема посебни средства, од кои би исплаќал трошоци однапред туку ваквите средства се обезбедуваат од Судско буџетскиот совет и зад сите исплати потребно е да постои правосилна и извршна судска одлука врз основа на која судот побарува средства за досудени исплати. Од овие причини практично невозможно е судот да врши исплати однапред без одлука, што би значело и авансно плаќање на трошоците во текот на постапката која ја води судот но ја поведува јавното обвинителство.Истото се однесува и за фактурирањето на трошоци од страна на МВР за доведување и спроведување на странките сведоците и други учесници во постапката , кои постапуваат по наредба на судот и МВР на РМ по службена должност е обврзан да постапува, а чија наплата во текот на постапката е неизвесна и не треба да се доведува судот истите да ги исплаќа предвреме.

Од овие причини е потребна сериозна стратегија од страна на судско буџетскиот совет за менаџирање со средствата кои овој буџет ги црпи од централниот Буџет на РМ при што ваквите средства најчесто се исплаќаат за

договорни услуги и тековно сервисирање на трошоците во текот на постапката и на ваков начин судот неможе да издвои средства за капитални инвестиции.

И во текот на 2015 година заради ефикасно планирање и следење на Програмата за едукација во Академијата за обука на судии и јавни обвинители, од страна на носителите на судската функција, како и на вработените во судската служба е продолжено со изготвување на годишен однапред планиран распоред согласно доставената Годишна програма на Академијата за обука на судии и јавни обвинители за посетување на задолжителната обука за континуирана едукација со што ќе се постигне максимално планирање на работните обврски истовремено посетување на обуките во зависност од интересот и специјализацијата на извршителите на судската функција. Пријавувањето на судиите и вработените во судската служба се вршеше преку Кабинетот на Претседателот на овој суд.

Во текот на извештајната 2015 година во периодот од 01.12-04.12.2015 година Претседателот на судот беше во работна посета во Малта на работилница за судии, обвинители и истражители на тема „Справување со користењето на интернет во борба против терористички цели“ , во период од 05.04.2015-11.04.2015 година беше во студиска посета во Анкара и Истанбул Р.Турција во врска со Тускиот правосуден систем и во период од 08.03.2015-12.03.2015 година во студиска посета во Р.Англија- Лондон на тема „Судска пракса“ Истовремено учествуваше на повеќе семинари и советувања и тоа на тема: „Борба против тероризмот: Најдобра пракса во истражувањето и гонењето на случаи на странски војници“, на семинар за Закон за одмерување на видот и висината на казната, како и за Стратегија за натамошна реформа на правосудниот систем.

Претседателот на судот е постојан член на повеке работни групи за измени и дополнувања на законски решенија при Министерството за правда, така повеке од 5 години е член на работната група за измени и дополнувања на КЗ, член на работната група за измени и дополнувања на ЗКП, Претседател на работната група за изработка на Предлог закон за пробација врз основа на усвоената стратегија на Владата на РМ, член на Дисциплинска комисија при Комората на извршители, член на Работната група за изработка на Законот за одмерување на казни и други работни групи и комисии во рамките на судската власт, а од ноември 2015 година член на Судско буџетскиот совет.

Истовремено во текот на 2015 година остварени се интерактивни и конструктивни средби со претставници од Европскиот институт за јавна администрација (EIPA) од Луксембург, директорот Peter Goldschmidt и експерот Virgil Ivan-Cucu в.в. реализација на Проект со кој ќе бидат спроведени обуки наменети за судската слуѓба ви РМ, како и обуки од областа на правото на ЕУ наменети за судиите и јавните обвинители, присутен и судскиот администратор, со Стојан Мишев и претсатвник од Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ в.в. Проектот на УСАИД за правна зашита на жените, со претставници од ОБСЕ: Aimee Comrie, Muriel Ethvignot, Мадина Джарбусинова на тема „ Трговија

со луѓе “, со надворешниот експерт именуван од Европската комисија во Брисел г-дин Reinhard Priebe-(поранешен директор во Директоратот за проширување во Европската Комисија во Брисел, во врска со анализа и техничка експертиза на актуелните состојби во земјава. Присутни и судиите Јани Нича, Дијана Груевска Илиевска и Љубинка Башевска, со Филип Јанически, г-дин Марк Ласер-правен советник, Roushani Mansoor-правен советник од Правната канцеларија на Бирото ИНЛ на Стејт Департментотот при Амбасадата на САД во РМ, присутен и управителот, средба со Сер Робин Аулд од Слин Фондацијата од Лондон в.в. со Процена на постојната состојба во македонскиот правосуден систем во однос на судската пракса и состанок со со правниот експерт г-дин Peter Gjoter од Данска в.в. со проектот „Поддршка за воспоставување на унифицирана судска пракса во македонскиот правен систем“ имплементиран од страна на Центарот за правни истражувања и анализи од Скопје, а поддржан од Британската амбасада во РМ. Посетата е на тема – Процена на постојната состојба и потребите во македонскиот правосуден систем во однос на судската пракса, со посебен фокус на постоечката судска пракса и нејзиниот развој.Претседателот беше присутен и на промоција во ЕУ Инфо Центарот на проектите за „Поддршка за воспоставување на унифицираната судска пракса во македонскиот правен систем“ и „Развивање на индикатори за мониторинг на перформансите на правосудниот сектор, имплементиран од страна на Центарот за правни истражувања и анализи од Скопје-проектот е поддржан од Британската Амбасада во РМ како и работна средба со г-ѓа Нина Бетето, судија и потпретседател на Врховниот суд на Република Словенија, г-дин Ѓурп Сеса судија на Врховниот суд на Република Хрватска, Јордан Апостолски, присутна и судија Сандра Крстиќ-Мисија на ИПА Проектот „Понатамошна поддршка за независно, одговорно, стручно и ефикасно судство и промоција на условната казна и алтернативните мерки“

Во тековната година Претседателот исто така одржаа голем број на состаноци во Министерството за правда, состаноци во Академијата за судии и јавни обвинители, состаноци со Претседателите на повисоките судови Апелациониот суд Скопје,состаноци во Судски совет на РМ,со судии од Уставен суд, состаноци со ЈО на Јавно обвинителство н Р.Македонија, ЈО од основното јавно обвинителство, состаноци со Агенцијата за конфискуван имот, со директорот на Бирото за судски вештачења, со директорот на Институтот за судска медицина и криминалистика, со директор на Хелсиншки комитет, со претставник на ЕДУ Софт-Фанка Копанковска, со претседателот и член на Комора на извршители-Гордан Станковиќ и Зоран Петровски, со претставници на Министерството за внатрешни работи - Единица за потраги Кирил Бошков, со Државното правобранителство на РМ и со други државни органи и институции. Истовремено во текот на извештајната 2015 година, Претседателот оствари средби со повеќе адвокати и новинари со кои беше разговарано за актуелни прашања и пробелми кои се појавуваат во текот на постапувањето на судот, а со цел за нивно брзо и ефикасно отстранување и подобрување на работата на судот.

Во текот на 2015 година до Претседателот на судот беа доставувани писмени дописи, барања и предлози на странки, граѓани, правни лица и невладини организации, по однос на најразлични барања поврзани со постапувањето на судот, а по кои редовно, навремено и во законски рок беше постапувано. Во овој контекст е одговорено по вкупно 270 писмени обраќања до судот.

И во оваа година се продолжи со активна писмена кореспонденција со Министерството за внатрешни работи во насока на поголема ефикасност во постапувањето по издадени наредби од судот за приведување на лица, доставување на покани преку полициска станица, постапување по барања за адреса, барања за достапност и сл., особено со проблемите во стратите предмети , односно суидите кои работат по стариот ЗКП, доколку имаат било каков проблем се обраќаат до претседател от на судот за превземање на активности во негова надлежност за надминување на истие.

Во оваа извештајната година, со оглед да притворени лица во постапки што се водат пред Основен суд Скопје 1 Скопје,а по претходна согласност на судиите, а во согласност и со Управата за извршување на санкции се префрлени на издржување на мерката притвор во затворските установи во Р.Македонија и тоа: Затвор Битола, Затвор Тетово, Затвор Прилеп и Затвор Гевгелија, е продолжено надзорот над овие притворените лица, по замолен пат, се со цел економичност во постапувањето и намалување на трошоците за вршење на надзор, судиииите од надлежние судови каде се наоѓаат затворите ги посетуваа притворените лица, а за секоја забелешка од притворените лица писмено го известува овој суд.Овие известување се заведуваат под Су број и се достапни на увид а најчесто по барање на Народниот правобранител во однос на одредени лица, се дава известување за состојбата на притвореното лице.

Во текот на 2015 година продолжуваат проблемите на невоедначено постапување со корпора предмети од страна на Агенцијата за управување одземен имот особено што најчесто Агенцијата ги примаше само вредносните предмети како возила и други вредни предмети оружје и наркотични материи а останатата ситна корпора останувaше во корпората на судот и не се вршеше примпредавање на истата. Вотекотна 2015 година по иницијатава на Претседателот на судот е направена анализа на целокупната постоечка корпора во депоата на судот при што е дадено задолжение да се изврши средување на корпората особено во делот на корпора предмети кои произлегуваат од прекршочните предмети од областа стопанство и јавен ред и мир бидејќи е детектирано складирана поголема количина на одземени предмети од стари прекршочни предмети кои се наоѓаат во складот што овој суд го користи кај бараките на пазарна испекција, при што од страна на Претседателот на судот е формирана комисија која ќе изврши попис на оваа корпора и предавање на Агенцијата за управување одземен имот. На идентичен начин е постапено и со корпорота која е пронајдена во бараките на градскиот парк кои ги користи одделението за прекршоци на овој суд, за што е формирана посебна комисија со оглед да во текот на 2015 година групите јавен ред и мир и стопанство

постпауваат во главната зграда на Основен суд Скопје 1 Скопје. Исто така во тековната 2015 година по налог на Претседателот на судот е извршено прочистување на евиденцијата од одделението корпора по однос на сите кривични предмети при што е констатирано дека во судските депоа се наоѓаат предмети за кои судиите во текот на постапката а и по нејзиното извршување не се произнеле со одлука а предметите подолго време се архивирани. Од овие причини до сите судии е дадено задолжение по предметите кои ги должат по пасивна архива по доставени списоци од страна на Кабинетот на претседателот на судот да се произнесат со свои одлуки а за истото да го известат Претседателот на судот во рок од 1 месец.

Може да се констатира дека Агенцијата за управување со одземен имот, редовно доставува до судот барања за согласност за продажба и отстапување на привремено одземен имот- предмети и возила а согласно чл. 48 ст.2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, при што судот редовно во извештајниот период има постапено по повеќе барања доставени од Агенцијата и се има произнесено по однос на бараната согласност, доколу се исполенети условите за отстапување и продажба на предметите, при што може да се констаира дека во сите случаи Агенцијата бара согласност за отстапување и продажба на моторни возила а не и за други предмети иако такви предмети се одземаат со судските одлуки или се предмет на судска постапка.

Електронскиот софтвер кој беше изготвен од страна на компјутерскиот центар за влез и излез на странки од судската зграда во текот на 2013 година, продолжи и во текот на 2015 годиина успешно да функционира со кој се евиднетираа влез и излез на странки од судската зграда а кој систем содржи и база на зачувувани податоци кои служат во ситуација кога некоја странка направи било каков проблем во судската зграда да се добива известување и воедно судската полиција врз основа на нивни анализи да прави проценка на ризик од безбедосен карактер за судската зграда и безбедноста на вработените во судот.Исто така е продолжено со компјутерска евиденција за предметите кои се одземени на метал детекторот од страна на судската полиција , а предмети некоја од странките сакале да ги внесат во судската зграда, како и уписна книга за истите.Со ваквите решенија значително се олеснува работата на судската полиција , се подигна степенот на безбедност во судот и се зголеми контролата за влез и излез на странките. Може да се констатира дека во текот на 2015 година овие два софтвери кои Основниот суд Скопје 1 Скопје ги изработи со сопствени ресурси се сеуште во импелментација со оглед да и судската полиција не располага во доволен број со човечки ресурси како би можело да се ажурира евиденцијата во овие софтверски решенија.

И во текот на 2015 година се правени анализи во однос на приведувањата по наредба на судиите особено во делот на претходната постапка во случај кога од страна на МВР се доведуваат лица во судот кои што треба да се изведат пред судија на претходна постапка или се работи за лица кои по наредба на судија се приведени за судење при што е неопходно потребно да се обезбедат просторни

услови и човечки ресурси и во идниот период да се воспостави псебен оддел од судската полиција кој што ќе функцинира како прифат за овие лица со што ќе се олесни работа а и на судиите и истовремено ќе се подобри и координацијата меѓу МВР, ЈО и судот во вакви случаеви.

Како претседател на судот има постапувано и по 23.810 други кривични дејства „КР“ и „КЕ“ , како и по 3.622 други прекршочни дејствија „КР-ПРК“ и 2.896 дејствија од уписникот „СУ“

Претседателот на судот Владимир Панчевски има завршено 349 замолници- „ЗАМ“.

Исто така Претседателот на судот во текот на извештајната 2015 година беше Претседател на Кривичниот совет во одделот кривично полнолетни –„КС“ во 500 предмети а во Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција „КС-КОК“ во 102 предмети.

## 4. ПОРТПАРОЛ НА СУДОТ

Портпарол на судот – и во текот на 2015 година е судијата Весна Димишкова. Започнувајќи од 07.04.2014 година, во судот се предвидени и започнаа со работа и советници – портпароли на Основниот суд Скопје 1 Скопје кои се поддршка на портпаролот на судот и кои ја вршат целокупната комуникација со медиумите во врска со работењето на судот зардаи целосно и навремено објективно информирање на јавноста и подобрување на угледот на судот и судската власт во целина.

Улогата на портпаролот Весна Димишкова и советниците потпароли е навремено и објективно информирање на јавноста и медиумите за работата на судот.Советниците – портпароли промовираа нов начин на комуникација со медиумите, каде секојдневно се одговара на новинарски прашања поврзани со конкретни судски предмети, статистика од работата на судот во врска со изготвени редовни и вонредни извештаи кои се испрќаат до повисоките судски институции од работењето на судот, одлуки кои ги носи повисокиот суд во врска со одлуки донесени од овој суд, новитети и активности за унапредување на работата на судот, а воедно се задолжени и за следење на судските предмети кои се медиумски застапени во јавноста, ја известуваат јавноста за позначајни настани во судот, средби со делигации и соработка со други институции од државата и сродни странски институции кои се остваруваат преку кабинетот на претседателот. Комуникацијата со медиумите се одвива на днева основа, телфонски и по e-mail што воедно претставува и најбрз начин за да се одговори на тековните барања на јавноста. Но во случај кога се бара конкретен став за одредено прашање или статистика од работата на судот, во корелација со надлежните служби, портпаролот на судот и претседателот на судот се одговара преку електронска пошта заради прецизно и концизно инфомрирање со што не би довело до неочекувани

манупулации и погрешни интерпретирања на одговорите од судот.Воедно активно учествуваат во изготвување во соопштенија за јавност комуникација со јавноста преку официјалниот web сајт на Основниот суд Скопје 1 Скопје по сите актуелни прашања од надлежност на овј суд. Па така досега се испратени повеќе од 150 одговори преку електронска пошта .

## 5. КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

Активноста на канцеларијата за односи со јавност која работи во склоп на кабинетот на Претседателот на судот, а ја сочинуваат Претседателот на судот, портпаролот на судот и двајцата советници-портпароли како и двајца стручни соработници кои се определени да работата во кабинетот на Престедателот на судот, а кои воедно се и лица овластени за слободен пристап до информации од јавен карактер, продолжи и во текот на 2015 годинаАктивностите на оваа канцеларија се во правец на континуирана и непречена комуникација со јавноста и остварување на принципот на транспарентност на работењето на судот.

Имено, активноста на канцеларијата за односи со јавност и во текот на оваа извештајна година се остваруваше преку објавување на интернет страната на судот на податоци за работата на судот, организацијата на судот, судската зграда, соопштенија за предмети кои беа од особен интерес за јавност, меѓу кои најбројни беа соопштенијата за предмети од Одделението за организиран криминал и корупција и Кривичното одделение-полнолетни, како и други податоци. Меѓу другото континуирано на интернет страната на судот и во текот на оваа извештајна година продолжи објавувањето на анонимизирани судски пресуди, согласно Законот за судови. Во однос на континуираното и перманентното објавување на изготвените и анонимизирани одлуки на web страницата на судот. Може да се заклучи дека овој процес е забавен односно во текот на извештајната 2015 година нема анонимизирани одлуки кои се поставени на web страницата на судот, од причина што од страна на Врховниот суд на РМ не е превземено ништо за проширување на базата која е преполна и поради што неможе да се поставуваат анонимизирани одлуки**.** Последното особено во насока на остварување на принципот на транспарентност во извршување на функцијата на судот заради зголемување на правната сигурност и довербата во правосудниот систем на Република Македонија.

Судот и во текот на 2015 година беше во целост отворен за јавноста, во кој контекст доследно го применуваше Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за кое нешто беа задолжени двајца судски соработници – Дејан Нешовски и Роза Кавазова. Во извештајниот период во овој суд беа поднесени вкупно 17 седумнаесет барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. На 15 петнаесет барања судот одговори позитивно , едно барање е делумно прифатено а едно барање е одбиено. Против одлуките на судот за слободен пристап до информации од јавен карактер не е изјавена ниту една жаба.

Редовно и навремено и во текот на 2015 година канцеларијата за односи со јавноста во законски рок постапуваше по поднесени писмени дописи, барања, претставки и предлози на странки, граѓани, правни лица и невладини организации. Во овој контекст канцеларијата за односи со јавност континуирано во текот на целата извештајна година одговсрсше на на голем број на обраќања до судот.

Во текот на 2015 година, бројот на претставки за работата на овој суд поднесени согласно Законот за постапување по претставки и предлози, изнесува 2 претставки. Барањата за известувања кои други органи ги доставуваа до овој суд по однос на претставките доставени до нив, како и претходните години, не се заведуваа во уписникот за постапување по претставки и предлози, за да не се создаде ситуација една иста претставка да се запише повеќе пати кај различни органи и на тој начин нереално да се прикаже бројот на поднесени претставки од граѓаните.

Судот постапуваше и по поднесени барања за изземање на судии. До Претседателот на судот во текот на 2015 година беа поднесени вкупно 62 барање за изземање на судии. Притоа донесени се 31 решенија со кои барањата за иземање на судии се одбиени , 6 решенија со кои барањата за иземање на судии се отфрлени и 24 решенија со кои барањата за изземање на судии се уважени. Во текот на 2015 година 32 барања за иземање на судии се поднесени од странките, наспроти 30 барања за иземање на судии поднесени од самите судии. Во оваа насока особено големата бројка на барања за изземања поднесени од самите судии треба да биде од посебен интерес за анализа од страна на Судскиот совет во смисла на судир на интереси во предметите по кои постапуваат судиите.

Исто така, редовно беше ажурирана интернет страната на судот во делот на распоредот на судењата и тоа неколку месеци однапред, со цел странките да имаат можност да го проверат датумот на судењето, а јавност заинтересирана за присуство на судење по одреден предмет навремено да биде информирана за одржување на главните претреси по конкретни предмети. Истовремено, распоредот на судењата беше објавуван и на аудио - видео дисплеите, кои се поставени на неколку места во судот како и на службениот влез на судот.

Во текот и на оваа извештајна година навремено од страна на канцеларијата за односи со јавност беше одговарано и на прашања поставувани од граѓани на интернет страната на судот во врска со работењето, надлежноста на судот и постапувањето на судот по одредени предмети. Судот во својата работа, како и до сега, се придржуваше на принципот на отвореност и транспарентност, почитувајќи ги сите уставни и законски одредби, како и ратификуваните меѓународни договори и конвенции, особено Европската конвенција за човековите права.

Во текот на оваа извештајна година советниците – портпароли освен што беа задолжени за секојдневна комуникација со медиумите, со одржување на прес конференции и и изјави со цел транспарентно, навремено и прецизно информирање на јавноста со одржување на прес конфернеции беа задолжени и со комуникација со невладините организации и меѓународните претстставници во земјата кои ја следат за работата на судот како што се Хелсиншкиот комитет за човекови права,

Канцеларијата на ОБСЕ, претставници на Амбасадата на САД во Скопје, Европското здружението на студенти по право (ЕЛСА).

Истовремено беа задолжени за уредување на интерент страницата на судот во делот на актуелни новости при што беа објавени 88 соопштенија и организирање промотивни активности на судот со цел доближување на работата на судиите и судките служби до граѓаните и зајакнување на угледот на инситуцијата во јавноста

Исто така, потребно е да се напомене дека во текот на 2015 година од страна на советниците-портпароли излезе само со два деманта и тоа до весникот вест ( за неосновани и нерагументирани навреди врз овој суд ) и весникот Дневник ( заради погрешни информации за судии кои биле прераспоредени од еден во друг оддел на судот со Годишниот распоред за работа и наведени тенденциозни заклучоци за евентуалните причини за прераспредлба), што само ја потврдува прецизноста и внимателноста во информирањето од страна на судот.

## 6. ВЕБ СТРАНА

Заради транспарентност на работење на судот се користеше интернет страната на судот која континуирано и непрекинато се ажурираше и дополнуваше со нови содржини и тоа:

- Редовно се одговараше на прашања на граѓани поставувани на веб страната на судот од страна на лицата овластени од Претседателот на судот;
- Редовно се објавуваше распоредот на судењата;
- Редовно се објавуваа соопштенија до јавноста и медиумите за предмети кои се од интерес за јавноста;
- Комуникацијата со медиумите во најголем дел беше преку електронска пошта, со цел задржување на автентичноста на изјавите на портпаролот и овластените лица за односи со медиумите;
- На сите судии и вработени им беше овозможен пристап на веб страната pravo.org.mk, на која страна се наоѓаат сите закони и прописи потребни во секојдневното работење;

По однос на континуираното и перманентното објавување на изготвените и анонимизирани одлуки на web страницата на судот. Може да се заклучи дека овој процес е забавен односно во текот на извештајната 2015 година нема анонимизирани одлуки кои се поставени на web страницата на судот, од причина што од страна на Врховниот суд на РМ не е превземено ништо за проширување на базата која е преполна и поради што неможе да се поставуваат анонимизирани одлуки**.** Последното особено во насока на остварување на принципот на транспарентност во извршување на функцијата на судот заради зголемување на правната сигурност и довербата во правосудниот систем на Република Македонија.

## 7. КОМУНИКАЦИЈА СО ДРУГИ СУДОВИ, ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Основниот суд Скопје 1 Скопје успешно соработуваше со други државни органи, институции и судови.

Посебно треба да се истакне меѓусебната комуникација на судот со Основниот суд Скопје II Скопје а по однос на завршените – архивирани предмети кои останаа во архивите на основните судови, односно истите не се предадоа во судовите во кои предметите преминаа во надлежност, а сето тоа согласно измената на Законот за судовите од 2007 година, која ја наметнаа потребата од комуникација меѓу судовите. Напоменуваме дека ова најмногу се однесува на извршни и трговски предмети кои по барање на странките преку управата на овој суд постојано беа давани на постапување односно на продолжување на постапката во Основен суд Скопје 2 Скопје. Сето ова претставуваше дополнително оптоварување на управата на судот, а воедно бараше дополнително ангажирање на недоволниот број судски службеници и дополнителни материјални трошоци .Поради наведеното во текот на 2014 година беше побарано од Судски буџетски совет на РМ да формира мешовита комисја од двата суда и претставници од Архив на Македонија, која би можела да изврши примопредавање на предметите согласно Упатството така што ќе се направи превземање на активниот материјал неопходен за работа на Основен суд Скопје 2 Скопје од нивна страна како и предавање на архивскиот материјал на Архивот на Македонија.

Исто така треба да се истакне дека во 2015 година, е продолжена соработка со Адвокатската комора на РМ, за пријава на бранители по службена должност, на начин што најпрво беше направен јавен повик на сите адвокати кои сакаат да бидат ангажирани по службена должност да поднесат писмено барање до судот, па по пријавата на истите, од страна на судот воведена е процедура за опредлеување на барнител, за па известени се судиите најпрво да поднесат писмено барање до Претседателот на судот за определување на бранител по слижбена должност, по што Претседателот врз основа на доставената листа на адвокати донесува решение и поставува бранител по службена должност. На ваков начин се внимава на еднаквоста на сите пријавени адвокати да бидат ангажирани во постапките кои се водат пред овој суд.Истовремено во соработка со Адвокатската комора во Основен суд Скопје 1 Скопје и оваа извештајна година е продолжено со спроведување на внатрешна процедура за прием на полномошна доставени од полномошниците на обвинетите кои се во притвор и разграничување на начинот на прием на полномошната со кои полномошниците ги посетуваат притворените лица во Затворите

Продолжува и соработката Министерството за правда и Министерството за внатрешни работи во делот на постапување по барањата за мегународна правна помош, екстрадициите и постапките за трансфер на постапки и осудени лица.

Во текот на 2015 година беа доставени голем број на барања од сите судови во Република Македонија да доставната служба на овој суд изврши достава на

различни писмена и одлуки на тие судови до физички и правни лица, кои барања не беа прифатени од причина што овој суд не располага со доволен број на судски доставувачи, а постојните доставувачи носат судски писмена само на потесното подрачје на Град Скопје, додека во приградските населби  и села се користат услугите на Македонска Пошта за што секој однесен поднесок се фактурира месечно од страна на поштата, при што во однос на ваквите барања за мегусебна правна помош не беше удоволено бидејки судот ќе беше принуден да троши дополнителни средства за носење на доставените писмена од другите судови од страна на Македонска Пошта, а кои средства за вакво постапување на овој суд воопшто не беа ни предвидени и одобрени во Буџетот. Во оваа смисла единствено беа прифатени неколку барања за ваква достава каде се однесуваше за итни и задолжителни постапувања од особен интерес за ефикасна и брза постапка.

## 8. СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР

Во текот на извештајната 2015 година судскиот администратор Ристе Спасов, редовно и навремено ги извршуваше своите обврски согласно Судскиот деловник и Законот за судска служба во соработка со Претседателот на судот.

Редовно ги прибираше месечните извештаи за работата на судските соработници, при што беше констатирано дека сите судски соработници ја исполнуваат зададената норма за изготвени одлуки на судиите со кои работат и даваше упатства за работа на другите раководни судски службеници.

Како и во досегашното работење, судскиот администратор уредно ја водеше евиденцијата на годишни одмори и отсуства на сите вработени во судот, како и евиденцијата за судските преведувачи, судските вештаци, нотари и извршители определени за подрачјето за Основниот суд Скопје I Скопје.

Од страна на судскиот администратор во извештајниот период редовно - месечно беше вршена контрола на работата на доставната служба која се спроведуваше согласно извршената реорганизација во доставната служба во 2013 година, за што од страна на одговорниот службеник му беа доставувани месечни извештаи за извршена достава, а која реорганизација покажа успех.

Судскиот администратор во текот на извештајната година, редовно присуствуваше на седниците на судиите и го следеше спроведувањето на донесените одлуки и заклучоци од седниците.

ККако и во досегашното работење, судскиот администратор како раковидител на Работното тело за управување со движењето на судските предмети во судот, во текот на 2015 година изготвуваше извештаи за состојбата со движењето на предметите во судот, при што во извештаите до Претседателот на судот доставувани се предлог мерки за надминување на причините кои доведуваат до застој во движењето на предметите во судот.

Исто така во текот на извештајната година, од страна на судскиот администратор формирани се комисии за вработување на судски службеници и спроведени се четири јавни огласи за вработување на судски службеници.

Во текот на 2015 година од страна на судскиот администратор формирани се дисциплински комисии и донесени се решенија во врска со спроведените дисциплински постапки за судските службеници.

Судскиот администратор во текот на извештајниот период секојдневно вршеше прием на странки кои што бараа разрешување на одредени проблеми кои ги имаа со судската администрација, ги организираше посетите на судиите и обвинителите остварени преку програмата за размена на Академијата за судии и обвинители со другите академии од странство, како и обука на судските службеници согласно програмата од Академијата за судии и обвинители на РМ, доставена до судскиот администратор, посета на студенти од државните и приватните универзитети на РМ.

## 9. УПРАВИТЕЛ НА СУДСКИ ПИСАРНИЦИ

Во текот на 2015 година Управителот на судските писарници, ја продолжи континуиранaта контрола во писарниците на судските оддели ,преку директен увид во предметите а со цел на детектирање на состојбите на лице место, нивно остранување а заради законито,деловничко, навремено и ефикасно вршење на утврдените работни задачи на сите вработени во судските писарници а со цел овозможување во разумен рок и економично остварување на правата и обврските на странките.

Во 2015 година Управителот на судските писарници е Раководител на кривичниот оддел и тим лидер на Аналитичката канцеларија ја продолжи континуиранaта контрола во писарниците на судските оддели ,преку директен увид во предметите а со цел на детектирање на состојбите на лице место, нивно остранување а заради законито,деловничко, навремено и ефикасно вршење на утврдените работни задачи на сите вработени во судските писарници а со цел овозможување во разумен рок и економично остварување на правата и обврските на странките,согледувајќи ги проблемите давајќи „Препораки„ за успешно решавање на проблемите.

-Во текот на оваа година спроведени се следните активности:

- Во текот на месеците ЈУНИ –ЈУЛИ оваа година извршено е внесување на Оделот за Санкции во АКМИС.

Пренесени во АКМИС се КУИКП-1415предмети;КУИКМ-6 предмети;ПК-16 предмети;ИПК 2177 предмети;ИПРК 3781 предмети,ИСАМ-Д-435 предмети,ИСАМ-Л -9 предмети,ИСАМ-ПС-9 предмети,ИСАМ-ВМ 8 предмети,ИОИП-ПД 9 предмети и ИОИП-МБ 192 предмети Односно Вкупно 8057.

Со оваа активност заокружен е процесот на внесот на сите оддели на судот во АКМИС.

-Во текот на годината од месец Јануари заклучно со Декември 2015 година извршена е проверка на казнената евиденција предадена од страна на МВР на РМ а превземена во Врховниот суд на РМ,на начин што преку кривичните уписници на Основниот суд Скопје I Скопје и Основниот суд Скопје II Скопје се изврши проверка на внесеното при што сите пронајдени грешки се отстранети,преостана уште да се внесат и ЕМБГ во уписите на казнената евиденција кои во време на пресудување не биле внесени. На оваа активност земаа учество повеќе од 30 чинители кои во текот на годината ја прочистија казнената евиденција превземена од МВР на РМ во делот на донесените казниви пресуди на Основниот суд Скопје I Скопје и Основниот суд Скопје II Скопје.

Во текот на месеците од Јануари- Октомври 2015 година извршена е контрола на архивираните предмети во кои е изречена казна затвор.

Се вршеше контрола на кривични предмети кои се во фаза на правосилност а се бара дали сите се доставени до надлежниот судија за санкции.

Контролата започнува со предметите од календарска 2007 година па се заклучно со последната календарска годинаОктомври месец 2015 година.

Контролата се вршеше директно во секој архивиран предметво кој е изречена затворска казна на оцуденото лице, при што се најдени предмети во кои пресудата не е доставена до надлежниот судија за санкции.

Во сите идентификувани предмети кои не се примени во одделот за санкциите на овој суд “рачно”преку директен увид во самите предмети извршена е контрола при што е констатирано дека по одредени правосилни и извршни пресуди во кои е изречена казна затвор не е постапено односно до денот на контролата не се доставени до надлежниот судија за извршување на санкциите ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ИЗРЕЧЕНАТА ЗАТВОРСКА КАЗНА, а истите со наредба на судијата се архивирани и предадени во пасивната архива на судот.

Сето ова е внесено во шест (6) записници 03 СУ бр. 502/2015 кои во текот на годината се предадени на Претседателот на судот и Судскиот администратор.Во овие извештаи точно е внесен секој пронајден предмет во кој пресудата со која осуденото лице е казнето со казна затвор не е доставена до судијата за санкции.

-две контроли во кривично полнолетната писарница

Континуирано се препеше работењето на судиите по старите предмети постари од 10 и 7 години за што се известува Судскиот совет на РМ.

-две контроли во писарницата на одделот за извршување на санкциите;

-две во писарниците за прекршоци„Прк-С„;„Прк-Ј„ и „Прк-О„.

-две контроли во оделението за “санкции” ;

-една контрола во одделението за замолници;

-една контрола во кривично малолетната писарница;

-една контрола во писарницата на кривичен совет;

-една контрола во писарницата на КОК кривичен совет;

За сите спроведени контроли пооделно сочинети се записници а за пронајдените состојби а воедно се дадени препораки и насоки на кој начин иститете да се отстранат а со цел во иднина да се забрзаат процесите и дејствијата превземени од административните судски службеници, со цел зголемување на ефикасноста во решавање на предметите . Контролата се вршеше на лице место во судските писарници на одделите афизички прегледани се предмети по случаен избор.

Заради правилна примена на Судскиот деловник продолжено е изготвување на " внатрешни процедури" започнато во претходните година,кои преставуват микс на скратени законски и деловнички одредби за секој оддел пооделно со цел за побрзо и поуспешно менаџирање со предметите кои процедури овозможуваат вработените на побрз начин да се здобијата со вештини да се справуват со проблемите и искушенијата со кои се сооочуваат при извршувње на поставените работни задачи.

Во текот на годината изготвени се следните" внатрешни процедури":

-Упатство-Процедура за„ начинот на водење,уредувањето и чувањето на казнената и кривичната евиденција-како и за прием на барањата,обработка,изготвување и издавање на уверенијата/потврдите во одделението за казнена и кривична евиденција„

-Изготвен е ПРОТОКОЛ за работа на Аналитичката канцеларија(канцеларија за подршка на Претседателот на судот).Канцеларијата започна да функционира и во Аналитичката канцеларија сум „Тим лидер„.
Суштинска задача на аналитичката канцеларија при Основниот суд Скопје I Скопје ќе биде надгледување на широк спектар на операции и процеси кои се одвиваат во судот,и истовремено известување на Претседателот на судот за теми кои ќе му го олеснат исполнувањето на неговите надлежности и задолженија.
Овие информации ќе му овозможат на Претседателот на судот во секој момент да има јасна слика за процесите кои се одвиваат во судот,со што ќе може активно да учествува во предвидувањето на предизвиците со кои ќе се соочи основниот суд Скопје I Скопје во иднина.
Една од основните цели на аналитичката канцеларија при Основниот суд Скопје I Скопје ќе биде да му овозможи на Претседателот на судот да се справи со проблемите кои ќе произлегуваат од тековното работење како и предвидување на можни спорни ситуации во судското администрирање.

-Во текот на Октомври месец 2015 година изработен е модул со Затвор„Скопје (Шутка)„-Скопје, со кој закажувањето на посети се одвива преку телефон а судот и затворот се поврзани електронски.Со овој начин кој засега беспрекорно функционира и избегнати се гужвите од страна на можните посетители во судската зграда како и пред затворот „Скопје„што посетителите се третират по достоинствено а и зголемен е временскиот период на посетата на притвореното лице.
-Во текот на ова календарска година продолжено е излучување на архивската граѓа согласно Закон и Судскиот деловник.

-Како во претходните така и во оваа календарска година се вршеше постојано ажурирање на евиденцијата на избраните судии поротници и доставени се предлози до Судскиот Совет на РМ,за нивно разрешување односно престанок на функцијата судија поротник согласно закон.
Оваа година на 112 судии поротници им престана функцијата од кои на 41судија поротник поради истек на мандатот,на 14 поради исполнување на на возраст од 64 години и на преостанатите 57 поради нивно барање.

Во текот на 2015 година,објавени се и три Јавни Огласи за избор на нови судии поротници а од страна на Судскиот Совет на РМ избрани се 56 нови судии поротници.Последниот оглас е во тек.Згрижувачки е дека од страна на граѓаните нема заитересираност за учество во порота.Анализирајќи го бројот на судии поротници на кои им престанал мандатот 112 на огласите се избрани само 56 и се појави разлика на помалку примени 56 судии поротници .

Со поголемиот дел од избраните судиите поротници(особено со судиите распоредени во советите од оделението за организиран криминал и корупција како и од советите во кривично полнолетниот оддел кои постапуваат по предметите по нов ЗКП, беа номинирани и зедоа учество на обука организирана од страна на Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев на следните теми:
-Советување на тема„Имплементација на новиот Закон за кривична постапка„одржано на 14.Мај 2015 година,на кое советување учество земаа 20 судии поротници.
- Советување на тема„Имплементација на новиот Закон за кривична постапка„одржано на 03.Јуни 2015 година,на кое советување учество земаа 20 судии поротници.
- Советување на тема“Судир на интереси/Антикорупциски мерки/Етика и етички кодекс” одржано на 03.Ноември 2015 година,на кое советување учество земаа 23 судии поротници.
- Континуирано врши ажурирање на документите од планот за одбрана на судот,прием на материјали од Министерство за одбрана и навремо одговарање по истите.
-Тековно води евиденција за лица на дипломирани правници на практика во судот,како и евиденција за времето,работите и задачите кои ги вршат во судот за време на практиката на месечно ниво.
-Со решение на Претседателот на Врховниот суд на РМ од 2009 година е постојан член на “Комисијата за номенклатури(шифрарници)” која е една од комисиите за следење на употребата и унапредувањето на АКМИС-ОТ.
-член е на работна група формирана од УСАИД-Проект за јакнење на судството за формирање на „Аналитичка канцеларија(канцеларија за подршка на Претседателот на судот) „
Аналитичката канцеларија започна да функционира во Декември/2015 година.
-член на комисијата за изготвување на „модул„и процедура за телефонско закажување на посетите за притворените лица.

-член на тимот за имплементација на проектот ИПА 2010 за набавка на опрема за правосудните институции и УИС организиран од Министерство за Правда на Република Македонија и Финансов сектор на ЕУ.

Во текот на годината беше учесник на следни семинари и советувања:

-17.Февруари.2015 година Советување организирано од САГА мк и ЕДУСОФ на тема „Движење на предмети по Хоризонтала и вертикала„.

-28.Април.5015 година работна средба организирана од страна на УСАИД -Проект са јакнење на судството за имплементација на Аналитичката канцеларија во Основниот суд Скопје I-Скопје(одржани се уште 4 сесии од Мај-Септември 2015 година).

-15.Септември.2015 година Советување организирано од САГА мк и ЕДУСОФ на тема „Електронско приемно одделение(судски модул за скенирање)„-„Интерконекција помеѓу судовите и обвинителствата„ и Подготовка за публикување на судскиот WCMS.

-13 и 14 Октомври 2015 година остварена студиска посета на Врховниот суд на Република Македонија организирана од УСАИД-Проект за јакнење на судството на која посета се запознав со со позитивните примери и алатки за водење на аналитика и статистика во судството на Република Словенија со што се стекнаа компаративни искуства кои ќе послужат во ефикасно и ефективно функционирање на Аналитичката канцеларија на Основниот суд Скопје I Скопје.
-02.Декември.2015 година-Советување во Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев на тема „Модерните пристапи за администрацијата и менаџмент на судовите.Развој на менаџерските вештини и капацитет на судските администратори,раководители и административната служба<<Правото на ЕУ за судството II >>Програма на Луксембург за техничка помош на Република Македонија.

Во текот на годината секојдневно е присатен во судските писарници и до колку имало потреба укажувал како одредени работи да се сработат а особено се посветувал на ново применете вработени во писарниците за побрзо нивно обучување и целосно вклучување во работниот процес на писарницата и давал подршка за унапредување на нивната работа и здобивање на работни вештини.

Освен горенаведените активности , во текот на 2015 година по укажување на Претседателот на судот и Судскиот администратор вршел и други работи.

## 10. ОБЕМ И СЛОЖЕНОСТ НА РАБОТАТА

Основниот суд Скопје I Скопје во текот на 2015 година имаше обем на работа од вкупно 125.740 предмети, од кои 2.971 предмети во Одделението за организиран криминал, 33.937 предмети во Кривичниот оддел – полнолетни, 156 предмети

Кривично оцена на обвинителен акт, 626 предмети во Одделот за малолетници, 111 предмети во Истражниот оддел и 940 предмети во одделот претходна постапка, 49.622 предмети во Одделот за прекршоци, 34.382 предмети во Одделот за извршување на санкции. Од вкупно број на предмети во работа 125.740, решени се 83.532 предмети. Ако се направи анализа на разиката на започната 2015 година со остаток од 43.981 предмети од 2014 година, на крајот на 2015 година се констатира остаток од 42.208 предмети со кои се зпочнува 2016 година како остаток од претходната година, при што може да се констатира дека судот во текот на овој циклус календарски совладал заостаок со вкупен фонд од 1.773 предмети за една година.

Во одделението за замолници во текот на 2015 година беа заведени 429 нови замолници од кои преку Министерство за правда на РМ примени се 403 замолници, директно од странски држави 18 замолници, а од домашни судови и други органи 8 замолници. Во текот на 2015 година имаше пренесени како незавршени од претходните години вкупно 50 предмети од кои 2 предмети од 2013 година , 48 предмети од 2014 година така што заедно со пристигнатите 429 предмети во текот на 2015 година вкупно во работа имаше 479 замолници. Од вкупниот број на замолници во работа завршени се вкупно 349 предмети од кои 45 предмети се од 2014 година и 304 предмети од 2015 година. Како незавршени останати се вкупно 130 предмети и тоа 2 предмети од 2013 година , 3 предмети од 2014 година и 125 предмети од 2015 година.

Извршени се 1.342 увиди во кривични и истражни предмети (од кои 761 увиди во кривично одделение–полнолетни, 284 во оделението за организиран криминал и корупција, 49 увиди во истрага, 57 увиди во истрага-организиран криминал и корупција). Во предмети од одделението кривично малолетни е извршен увид во 31 предмети.Исто така е извршен увид во 160 стари архивски предмети. Издадени се 23.810 уверенија дека против одредени лица не е покренат обвинителен акт кој влегол во правна сила и не е донесена осудителна пресуда, на територијата на Основен суд Скопје 1 Скопје и 3622 Уверенија дека не е изречена прекршочна санкција - Забрана за вршење на професија, дејност или должност и санкција Забрана за управување со моторно возило.

Потребно е да се напомене дека во текот на извештајната година, во одделението за уверенија се воведе и систем на интерна евиденција и на странски судски одлуки за кои Основен суд Скопје 1 Скопје е известен по пат на меѓународна соработка или преку Министерство за внатрешни работи, така што одлуките за осуди кои во текот на 2015 година редовно се доставувани од МВР и Министерството за правда се евидентираа во интерена посебна евиденција на судот, а во недостаток на воспоставена единствена казнена евиденција во рамките на судството, при што ваквте податоци за лица државјани на РМ кои се осудени од страна на старнски судови од страна на овој суд во случај на поднесено барање за уверенија дека против одредени лица не е покренат обвинителен акт кој влегол во правна сила и не е донесена осудителна пресуда се евидентираат како забелешка во издадените

уверенија. На идентичен начин се постапување и со одлуките доставени од други судови во Р.Македонија. Во овој контекст особено е важно да се наведе дека во работењето на судот во изминатиот период не било постапувано во согласност со Судскиот деловник односно во периодот до 2012 година податоци од кривичната и казнената евиденција се издавале како уверенија за неосудуваност што не ја препознава законската и деловничката терминологија при што се констатира дека и на ниво на судството не е вршено разменување на податоци за постапки во тек за лица по место на раѓање во однос на место на издавање на податоци од кривична евиденција на кој начин за едно лице родено в друг град од каде единствено може да се извади кривичната евиденција не се разменувани податоци од судовите низ Македонија, при што не постои ажурирана и единствена база на податоци како што тоа е направено тоа сега почнувајќи од 01.01.2015 година.

Во кривичниот оддел полнолетни во извештајниот период постапувано е по 114 притворски предмети, во кои према 115 лица била определена мерка притвор, на 5 лица куќен притвор, а во Одделението за организиран криминал и корупција по 30 притворски предмети во кои према 36 обвинети лица била определена мерка притвор.

Во оддел претходна постапка е постапувано по 138 се притворски предмети во кои предмети спрема 130 лица е определена мерка притвор, на 12 лица им е определена мерка куќен притвор, на 29 лица им се определени мерки претпазливост.

Во оддел претходна постапка –организиран криминал и корупција е постапувано по 111 притворски предмети во кои спрема 176 лица е определена мерка притвор, према 30 лица определена им е мерка куќен притвор.

Во одделението кривично малолетни во претходна постапка е определена мерка притвор према 1 дете- малолетник.

Според податоците Основниот суд Скопје 1 Скопје оваа извештајна година ја заврши со позитивни резултати, при што треба да се акцентира бројот, видот и сложеноста на предметите по кој постапува овој суд со проширена надлежност, започнување на примена на нов ЗКП и решавање на сите практични проблеми кои се појавија во примената , паралелна примена на
Стариот и новиот ЗКП, како и околноста дека во најголемиот број на предмети се работи за три и повеќе обвинети лица во одделот кривично полнолетни, а во просек за десет и повеќе обвинети лица во одделението за организиран криминал и корупција.

## 11. РАБОТА НА СУДОТ ПО ОДДЕЛЕНИЈА И ОДДЕЛИ

Работата на Основниот суд Скопје I Скопје е организирана по оддели и одделенија и тоа: специјализирано судско одделение за организиран криминал и

корупција и Кривичен оддел со посебни оддели Кривично полнолетни, кривично малолетни, кривично Истрага , кривично претходна постапка, Оддел за прекршоци и Оддел за извршување на санкции и мерки на безбедност.

## - ОДГОВОРНИ СУДИИ ПО ОДДЕЛИ И ОДДЕЛЕНИЈА

I. Одделение за оганизиран криминал и корупција – Претседател на судот Владимир Панчевски
II. Кривичен оддел полнолетни - судија Сандра Крстиќ
III. Кривична Истрага и Кривично претходна постапка -судија Славјанка Јанковска која истовремено раководи со прекршоци во обласста ПРК-Ј и ПРК-О по кои постапуваат судиите од истрага.
IV. Оддел за малолетници - судија Љубинка Ѓорѓиевска
V. Оддел за прекршоци - судија Хамдирефет Бафтијари
VI. Оддел за извршување на санкции и мерки безбедност - судија Весна Петровска Тагасовска

Во врска со работата на одделите и одделенијата, одговорните судии изготвија извештаи за извештајната 2015 година кои во целост ги презентираме во овој годишен извештај.

## 12. СПЕЦИЈАЛИЗИРАНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

Одделението за организиран криминал и корупција во текот на извештајната 2015 година го сочинуваа вкупно 12 дванаесет судии, и тоа како судечки судиите Јани Нича, Горан Бошевски, Весна Димишкова до 10.07.2015 година, Ивица Стефановски , Љубинка Башеска, Ѓоко Ристов, Диана Груевска Илиевска, Огнен Ставрев и судија Верка Петковска од 15.04.2015 година , а како истражни судии судии во претходна постапка - судиите Јован Лазаревски, Славица Андреевска , а судија Весна Димишкова од 10.07.2015 година.

Во овој дел на извештајот ќе биде изнесена работата на одделението-судечкиот дел, а податоците за работата на истражниот дел ќе бидат изнесени во делот на истрагата односно одделот претходна постапка.

Во одделението за организиран криминал и корупција со Годишниот распред за работа на судот и судиите во текот на 2015 година, донесен од Претседателот на судот се определени да функционираат 5-пет кривични совета во кои како претседатели и членови на совет постапуваат сите судии од ова одделение , а во текот на извештајната година како претседател на совет учествуваше и Престедателот на судот.

Бројот на заостатокот на нерешени предмети од 2014 година изнесува 94, во текот на 2015 година примени се 131 предмети или вкупно во работа во 2015 година имало 225 предмети. Завршени се вкупно 133 предмети, а нерешени останале 92 предмети. Од овие предмети Судијата Јани Нича решил 17 предмети, Судијата Верка Петковска решила 9 предмети, Судијата Горан Бошевски решил 26 предмети, Судијата Весна Димишкова решила 4 предмети, судијата Ѓоко Ристов решил 19 предмети, судијата Диана Груевска Илиевска решил 14 предмети, судијата Ивица Стефановски решил вкупно 12 предмети , судијата Огнен Ставрев решил вкупно 16 предмети а судијата Љубинка Башеска решила 16 предмети .

Во споредба со 2014 година во 2015 година во работа имало повеќе 22 предмети и завршени се 24 предмети повеќе.

Исто така во текот на 2015 година судиите примиле 50 КОК-ООА предмети и со заостатокот од претходната година на 1 КОК-ООА предемет имале вкупно во работа 51 предмет. Решени се 46 лпредмети , а останале нерешени 5 предмети.

Од прегледот на ново примени кривични предмети по видови на кривични дела за 2015 година, се констатира дека најзастапени се обвиненијата по основ на кривично дело Криумчарење тоа 63 предмети, по основ на кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсории 12 предмети, по основ на кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување 5 предмети, кривично дело Злосторничко здружување 11 предмети, по основ на кривично дело Криумчарење на мигранти 2 , Незаконито влијание врз сведоци 5 предмети додека најмалку застапени се обвиненијата по основ на кривично дело Трговија со луѓе по 3 предмети, за Перење пари и други приноси од кривично дело 6 предмети, Злоупотреба на безвизниот режим со држави членки на ЕУ и Шпионажа по 1 предмет.

Постапката според статистичкиот извештај во 70 предмети траеле до три месеци, во 17 предмети од три до шест месеци, во 22 предмети од шест месеци до една година, во 18 предмети од една до три години , во 4 предмети од три години до пет години,и во 2 предмети над 5 години што укажува на фактот за решавањето на предметите во разумен рок, ако се има во предвид да во повеќето предмети во кои се постапувало се работи за предмети со огромен број на списи, со голем број на обвинети лица и обемен доказен материјал, особено за доказен материјал прибавен со Примена на посебни истражни мерки.

Од вкупниот број на решени КОК предмети кок во текот на 2015 година – 133 предмети, 127 предмети се решени со пресуда, а 6 предмети се решени на друг начин.

Од вкупниот број на решени КОК-ООА предмети кок во текот на 2015 година – 46 предмети, 5 предмети се решени со пресуда, а 41 предмет се решени на друг начин.

Во извештајниот период од вкупниот број на решени предмети обжалени се 87 предмети или 65,41%, од кои 67 предмети се потврдени или 77,01%, 11 предмети се укинати или 12,64%, а преиначени се 4 предмети или 4,60% и 5 предмети делумно укинати или 5,75%.

Во Одделението за организиран криминал и корупција почнувајќи од 2009 година, а континуирано и во 2010, 2011, 2012 , 2013 и 2014 година, се формирани четири совети за судење, за кривични дела во состав од петмина судии**.**

Предметите по кои што постапувале судиите во текот на 2015 година биле обемни како по бројот на обвинети лица така и по однос на доказниот материјал, особено доказниот материјал прибавен со примена на ПИМ – мерки, како предметите „Пуч " со 5 обвинети, „Диво населје" со 29 обвинети и други предмети без работни називи, а со повеќе од 10 обвинети .

Во кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција во текот на 2015 година, имаше во работа вкупно 2.074 предмет, завршени се 2.015 предмети, а останале нерешени 59 предмети. Од овие предмети Претседателот на судот, судијата, судијата Ивица Стефановски како претседател на советот завршил 428 предмети, судијата Диана Груевска Илиевска како претседател завршила 483 предмети судијата Огнен Ставрев завршил 239 предмети, судијата Весна Димишкова како претседател завршила 2 предмети, судијата Горан Бошевски како претседател завршил 146 предмети, судијата Јани Нича како претседател завршил 330 предмети, судијата Ѓоко Ристов како претседател завршила 74 предмети и судијата Верка Петковска како претседател завршила 154 предмети, судијата Љубинка Башеска како претседател завршила 30 предмети, претседател на судот Владимир Панчевски како претседател завршила 102 предмети, судијата Драган Николовски како претседател завршила 9 предмети, судијата Лидија Зимбовска како претседател завршила 18 предмети .

Од вкупниот број на завршени предмети, обжалени се вкупно 141 предмети или 7,00%, од кои потврдени се 127 предмети или 90,07 %, а преправени се 11 предмети или 7,08% и укинати се 3 предмети или 2,13%.

Во споредба со 2014 година бројот на предмети по кои се постапувало во 2015 година е поголем за 477 предмети. Во кривичниот совет е ангажиран еден стручен соработник.

Во Одделението се распоредени само двајца стручни соработници кои им помагаат на сите судии во одделот при постапување по предметите и изготвување на одлуките, а поради нивниот недоволен број на стручни соработници во судот, што секако влијае на целокупната работа на судиите во Одделот, како во поглед на подготовка на предметите со огромен број на докази, следење на судењата и изготвувањето на одлуките , но во одредени сложени предмети со многу обвинети лица и голем доказен материјал каде се работи за одлуки на повеќе од 500 страници

се забележува пробивање на законските рокови од 60 дена за писмена изработка на одлуките, што во конкретните случаеви овој суд го цени за оправдано.

Објективниот проблем во Одделението за организиран криминал и корупција беше идентичен како во претходната извештајна година и тоа недоволниот број на судници за судење на предметите со голем број на обвинети, странки и учесници, како и јавност. Имено, во Основниот суд Скопје I Скопје постои само една поголема судска сала, но недоволна да прими поголем број на лица. Поради тоа со барање дозвола користена е големата сала во Апелациониот суд во Скопје, а во текот на извештајната 2015 година од страна на Претседателот на Врховниот суд многу ретко во исклучителни случаеви и со потешкотија ни е дозволуван пристап до големата сала на Врховниот суд на РМ. Овие сали не ги исполнуваат стандардите за судење, ниту предвидените услови според Законот за кривичната постапка. Стандардите и условите не ги исполнуваат ниту останатите 4 судници кои се на располагање на Одделението, со оглед на нивната големина, со што се ускратува и присуството на јавноста на главните претреси.

Судијата Јани Нича во текот на 2015 година е постојан едукатор во Академијата за обука на судии и јавни обвинители, на обуките кои беа организирани во врска со имплементација на новиот Закон за кривична постапка и едукатор во МВР на РМ исто така за обуките кои беа организирани во врска со имплементација на новиот ЗКП.

Претседателот на судот Владимир Панчевски, во извештајната 2015 година одржа повеќе колегиуми на одделението, на актуелни теми кои најповеке се однесуваа на активностите на судиите во тековното постапување при што тематски на заеднички колегиуми на ова одделение се разгледуваа прашања од постапувањето и одлуките на Европскиот суд за човекови права, кои треба да најдат своја примена како во поединечното тековно постапување и одлучување на судиите, така и во постапувањето на кривичните совети.Беше анализирана и одлуката на Европскиот суд за човекови права Миладинови и други  против РМ.

Во текот на повекето одржани колегиуми се дискутираше и во однос на злосторничко здружување, конфискација, примена на ПИМ-мерки, ова од причина што претходно наведените теми предизвикуваат одредени дилеми во постапувањето, а воедно требаше да се завземе став на одделението, особено по однос на инкриминацијата на кривичното дело Злосторничко здружување со оглед на тоа што повеќе одлуки во минатиот период се решени на различен начин и во однос на оваа инкриминација сите се укинати, при што и кај повисоките инстанци се забележува невоедначен став во примената на оваа инкриминација, исто така тема на колегиумите беше и и начинот на изрекување на конфискацијата, особено онаа конфискација кога поради правни и фактички пречки не може да се води постапка против определено лице како што се смрт на обвинетиот или застареност, како и други законски предвидени околности, а ова особено имајки ја предвид поновата

практика на обвинителството да поведува посебна постапка со предлог за конфискација во вакви случаи.

## 13. КРИВИЧЕН ОДДЕЛ ПОЛНОЛЕТНИ
## - Судија Сандра Крстиќ

Во кривичниот оддел полнолетни во извештајната 2015 година вкупно во работа имаше 6.089 кривични предмети од кои 2.360 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а 3.729 предмети се ново примени предмети. Судот заврши вкупно 4.127 предмети, а нерешени останаа 1.962 предмети. Од вкупниот број на решени предмети, 3.700 предмети се завршени со пресуда, а на друг начин 427 предмети.

Исто така во одделот кривично полнолетни во текот на извештајната 2015 година во која паралелно се работеше по постапки по новиот ЗКП и по стариот ЗКП, од претходната година беа префрлени 6 предмети, во текот на 2015 година беа примени 150 предмети за оцена на обвинителен акт, Судот од вкупно 156 предмети, заврши 140 предмети, а неоценети кои се префрлаат за 2016 година останаа 16 предмети. Предметите за оцена на обвинителен акт се преиспитуваат само по жалба на јавниот обвинител кога обвинителниот акт е оценет како неоснован, при што е дозволена жалба до советот на повисокиот суд, со оглед на малиот број на вакви предемти истите се влезени во квалитетот на одлуките по жалби.

.

**<u>Квалитетот на работење во кривичниот оддел</u>**

Кривичниот оддел полнолетни во извештајната 2015 година го задржа релативно високиот квалитет во работењето низ призма на преоценка на предметите по изјавени редовни правни средства, односно потврден одлуки без истите да бидат преиспитани од страна на повисокиот суд.

Од вкупно завршени 4.127 предмети во текот на 2015 година заклучно со 31.12.2015 година обжалени се вкупно 683 предмети. Во текот на 2015 година се пратени на одлучување во повисокиот суд со оглед да за истите имало услови да се постапува 551 предмети обжалени во текот на 2015 година и 120обжалени предмети од претходната година кои се стекнале со услови да бидат пратени во повисокиот суд , или вкупно заклучно со 31.12.2015 година се пратени на одлучување 671 предмети. Останатите 132 обжалени предмети ќе влезат во квалитетот за 2016 година.

Од 803 обжалени предмети заклучно со 31.12.2015 година , во 683 предмети е поднесена жалба во текот на 2015 година, а додека во 120 предмети жалби се поднесени во 2014 година кои се пренесуваат во квалитетот за 2015 година, па така

од 671 предмети пратени на одлучување во Апелациониот суд, во 2015 година 551 предмети се обжалени истата година, а разликата од 132 предмети , ќе влезат во квалитетот за 2016 година.

При една ваква состојба може да се констатира дека во текот на 2015 година од вкупниот број на решени предмети 4.127 , по повод изјавни правни лекови од страна на Апелациониот суд биле доставени 797 одлуки од кои 402 одлуки се однесуваат на предмети обжалени во текот на 2015 година, а останатите 395 одлуки се однесуваат на предмети по кои апелациониот суд не одлучил во текот на 2014 година туку во текот на 2015 година во која и влегуваат како квалитет.

Така од вкупниот број 4.127 предмети завршени во текот на 2015 година во 797 предмети е постапувано од страна на Апелациониот суд што што претставува 19,31 % на обжалени одлуки во рамките на календарска година.Од вкупниот број на обжалени 797 одлуки во извештајната година 136 одлуки се укинати односно 17,06 % , но на вкупниот број на предемти во овој суд 4.127 завршени во 2015 година процентот на укинати изнесува 3,29%, што имајќи ја во предвид ваквата статистика одлуките на овој суд во 96,71% одлуките биле правиилно донесени бидејќи ниту странките не ги обжалиле ниту повисокиот суд во оние кој ги преоценувал истите ги потврдил, што претставува извонреден квалитет на одлуките на Основниот суд Скопје 1 Скопје

| **Основен Суд Скопје 1-Скопје** | **Вкупно решени** | **Вкупно обжалени** | **Однос во % на решени и обжалени (ПРОЦЕНТИ)** | **Укинати-процент од обжалените** | | **Укинати-процент од вкупно решените** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **Предмети** | **Проценти** | **Предмети** | **Проценти** |
| **вкупно** | **4127** | **797** | **19,31** | **136** | **17,06** | **136** | **3,29** |

Од вкупниот број обжалени одлуки 797, повисокиот суд 537 одлуки ги потврдил односно 67,37%, 9 одлуки се делумно укинати или 1,12 %, 115 одлуки се преиначени или 14,43%, со напомена дека одлуките се преиначени само во поглед на висината на изречените кривични санкции од ист вид, кои кривични санкции се изречени во рамките на предвидената казна согласно Кривичниот законик. Во контекст на наведеното одлуките всушност се со квалитет на потврдени одлуки, што значи во процент вкупно 67,37%.

| Основен Суд Скопје 1-Скопје | Вкупно решени | Вкупно обжалени | Однос во % на решени и обжалени (ПРОЦЕНТИ) | Потврдени-процент од обжалените | | Делумно укинати-процент од обжалените | | Преиначени-процент од обжалените | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Предмети | Проценти | Предмети | Проценти | Предмети | Проценти |
| **вкупно** | **4127** | **797** | **19,31** | **537** | **67,37** | **9** | **1,12** | **115** | **14,43** |

Вадењето на процентот по одос на квалитетот и успешност на одлуките на овој суд, влијае и времетраењето за одлучување на повисокиот суд при што законски не се пропишани фиксни рокови освен роковите за постапување по притворски предемти каде рокот во пракса изнесува 45 дена од денот кога се примени списите од повисокиот суд, што во зависност од тоа доколку на крајот на годината биде решена поголема бројка на предмети постои голема веројатност по истите до завршување на календарската година да нема одлука од страна на повисокиот суд и оваа бројка битно да влијае на квалитетот на одлуките за следната година што секако треба да биде предмет на анализа на судскиот совет и Врховниот суд на РМ.

## <u>Ангажираност на судиите</u>

Кривичниот оддел полнолетни извештајната 2015 година ја започна со и ја заврши со 28 судии. Имено еден од судиите од овој оддел беше прераспореден во друго одделение, една од судиите замина на породилна отсуство а две судии се вратија од породилно отсуство.

Во текот на календарската година судиите покажаа зголемена посветеност и ангажираност во работењето што е видно од вкупниот број на решени предмети, а посебно во делот на старите предмети чиј вкупен број во работа во текот на 2014 година беше 1.182 предмети, од кои решени се вкупно 683 предмет, а останаа нерешени вкупно 499 предмети. При решавањето на предметите судиите во овој оддел постапува ефикасно без одолговлекување на постапките, согласно начелото за судење во разумен рок.

Имајќи во предвид дека согласно правилникот за систематизација на работните места не се пополнети сите места за стручни соработници и приправници, итна е потребата од пополнување на истите со вработување на нови стручни соработници и приправници на кој начин би се овозможила екипираност на секој судија со млад и стручен кадар, а се со цел поквалитетно и побрзо постапување по предметите.

Бројот на решени предмети односно совладаниот прилив е резултат на вонредните напори што судиите ги вложуваа во целост имајќи предвид да во извештајната година беше зголемен приливот на комплексни предмети во смисла на бројот на обвинети, видот на кривичните дела, како и ангажирање на судиите со учество во работа во предмети кај друг судија, односно се поголемиот број на сложени предмети кои се судат во совети од двајца судии и тројца судии поротници. Меѓутоа и покрај ваквите објективни потешкотии судиите вложуваа максимални напори за побрзо и поефикасно решавање на предметите, посебно посветувајќи се на решавање на таканаречените стари предмети особено беше даден акцент за предеметите кои се водат по стариот ЗКП.

Во текот на извештајната година судиите од кривичниот оддел учествуваа на семинари организирани од страна на Академијата за судии и јавни обвинители и меѓународните организации присутни во Република Македонија организирани од Американската Амбасада, Советот на Европа и Европската Унија во рамките на разни проекти и програми во Република Македонија и надвор од неа, а се со цел запознавање и имплементација на меѓународните стандарди кои ќе доведат до модерно и ефикасно судство кое ќе служи на граѓаните.

Претседател на кривичниот оддел полнолетни во извештајната година 2015 година е судијата Сандра Крстиќ. Во текот на извештајната година беа одржани повеќе состаноци на одделот на кои беа разгледани тековните проблеми во врска со работењето на овој оддел, како и одлуките на повисоките судови донесени по изјавени правни лекови, а се со цел зголемување на квалитетот на работењето.

Кривичниот оддел полнолетни продолжи да постапува и да ги ажурира податоците од акциониот план за решавање на стари предмети и изнаогање начин за надминување на проблемите кои што тековно се појавуваат во врска со старите предмети и во таа насока превземање на конкретни дејствија заради побрзо решавање на истите.

Во втората половина од извештајната 2015 година се наметна и прашање околку постигинувањето на месечната ориентациона норма особено кај судиите кои судат по стар ЗКП, со оглед на намалениот фонд на предмети, која во одредени месеци беше постигната меѓутоа во одредени месеци беше драстично намалена скоро на половина од предвидената, бидејќи судиите немаа расположлив фонд на предемти со кој би ја оствариле месечната норма при што на годишно ниво истата неможеше да биде остварена , но битно е да се напомене дека приливот на предмети во поголем обем беше совладан.

На одржаните колегиуми беа посочени од страна на судиите тековни проблеми околку постапувањето не само по старите предемти туку за сите предмети на овој оддел. Имено на одржаните колегиуми од страна на судиите беа посочени тековни проблеми околу постапувањето не само по старите предмети, туку и предметите по кои се постапува согласно ЗКП кој почна да се применува од 01.12.2013 година, при што како и во 2014 година и во текот на 2015 година

беше посочен проблемот околу доставата на писмената од судот до странките, верификација на осудителни пресуди во која странките се откажуваат од правото на жалба, а имено истата да биде верификувана во АКМИС истиот ден заради внесување на правосилноста. Потоа беше истакнато дека судиите кои што постапуваат по старите предмети, добиваат укинати предмети од други судии кои што претходно ги имале задржано и ги постапувале, па беше донесен став да судиите кои работат по Законот за кривична постапка со примена од 01.12.2013 година, а кои постапувале по стари предмети кои што ги задржале се пријават во доброволна основа кај претседателот на кривичниот оддел, во случај на укинување на нивната одлука повторно им биде вратен предметот во работа, доколку Апелациониот суд Скопје не дал напатствија да биде распределен на друг совет или судија поединец. Исто така, со оглед да одредбата од чл. 29 од ЗКП предвидува раздвојување на постапката за обвинет, или обвинети кои ќе признаат вина е потребно да се формира нов број, но во таков случај им беше укажано на судиите дека треба да изготват записник кој веднаш да биде проследен во судската писарница кај судскиот службеник за да во АКМИС се внесат промените. Понатаму се истакна и проблемот со постапување во советот од чл.22 ст.5 од ЗКП во делот на мерките на претпазливост кои е потребно да бидат преиспитани на секои два месеца по што беше завземен став Советот од чл.22 ст.5 од ЗКП да изготвува службена белешка - записник, а не формално решение за преиспитување на мерките на претпазливост, освен при првото преиспитување да се оформи предмет, а потоа сите останати преиспитувања да се приклучуваат кон првиот предмет, се до поинаква одлука на судот. Во однос на постапувањето на Советот од чл. 22 ст.5 од ЗКП во предметите во кои има барање на повторување на постапка беше донесен заклучок да при постапувањето се проверува дали има молба за одлагање, а во предметите во кои има барање за условен отпуст дали има поднесено и вонреден правен лек, вонредно ублажување на казната. Со оглед да во текот на 2015 година започна со примена и АСПЛ-системот за спровод на притворени, односно осудени лица од Затвор Скопје, односно КПУ Идризово Скопје се истакна проблемот дека се појавуваат определени недоследности во примена на АСПЛ-системот во насока да кога одредено лице било најавено во АСПЛ-системот, а што конкретно се однесува за КПУ Идризово не било спроведено поради што се донесе заклучок за истото да биде известен Претседателот на судот како би можело да се постапи и да се организира спровод на обвинетите. Во текот на 2015 година беше уочена појава на доставување трошковници за асистенции од други градови, односно за спровод на лица од казнено-поправни установи од други градови, при што се донесе заклучок да истите само се приклучуваат кон списите на предметот. На крајот на 2015 година беше уочен и проблемот во однос на внесувањето на делот од одлуката каде е предвидено одземање на предмети согласно чл. 100-а од КЗ и беше донесен заклучок да за истото се извести работното тело за АКМИС за да биде внесено поле предмети одземени од трети лица. Исто така и во извештајната година во овој оддел се продолжи со практиката на дежурства во согласност со одредбите на новиот ЗКП за судење вон работно време за итни предмети, странци и слично.

Во текот на 2015 година како и претходната година во насока на подобрување на квалитетот на донесените судски пресуди како и заради воедначување на судската пракса и запознавање на судиите со ставовите на повисоките судови во конкретни одлуки, задолжениот судија врши анализа на укинатите предмети, па какви правни становишта заземал повисокиот суд ги запознава судиите преку интерно објавување на истите.

Се анализираат повредите кои се констатирани од страна на повисоките судови, а кои може да се земат како становиште на повисокиот суд за толкување на законските одредви, а пред се на одредбите кои се помалку или повеќе широки и недоволно јасни. На ваков начин сите судии се запознаваат со поединечните укинати одлуки и доклку за некоја ситуација има дилема може да види становиштето на повисокиот суд, кое секако дека не е решение на ситуацијата бидејќи судската пракса не е извор на правото, но е ниекој ориентир за постапување и елиминирање на можноста за донесување на контрадикторни одлуки. Воедно на ваков начин, на заедничките средби со повисокиот суд се укажува на евентуално констатирани контрадикторни ситуации и на различни совети на повисокиот (Апелационииот суд). Во текот на 2015 година анализирани се околу 40 одлуки на Апелациониот суд. Најголем дел од нив се по стариот закон и во повеќето од нив е констатирана повреда на одредбите на ЗКП кои се однесуваат на чл. 381 ст. 1 т. 11, односно изреката на пресудата е недоволно јасна и разбирлива, а образложението не содржи доволно причини за постоење на решителните факти што значи констатирани се повреди кои укажуваат на неправилно утврдена фактичка состојба – состојба која најчесто е нејасна или недоразјаснета од изведените докази или од страна на обвинителството не е извршено соодветно прецизирање на обвинението врз основа на доказите кои се изведени на главната расправа.

## КРИВИЧЕН СОВЕТ

Во рамките на Кривичниот оддел полнолетни е Кривичниот совет. Во извештајната 2015 година вкупно во работа имаше 3.348 кривични предмети од кои 514 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а 2.834 предмети се ново примени. Во текот на извештајната 2015 година, Советот заврши вкупно 2.846 предмети, а нерешени останаа 502 предмети.

Квалитетот на решени предмети во кривичниот совет е со висок процент на потврдени, односно од вкупниот број на решени – 2.846 односно обжалени одлуки - 111 или 3.9 % на Кривичниот совет 86,49 % или 96 предмети се потврдени, 6.31% или 7 предмети се укинати, и преправени се 7.21% или 8 предмети, што значи дека квалитетот на решени предмети во Кривичниот совет е на релативно високо ниво.

Имајќи го предвид бројот на предмети по кој треба да се постапува од страна на Советот (од чл.22 ст.6 од ЗКП), беа формирани 5 постојани совети во кои претседателот на советот има заменски претседател во случај од објективни

причини не се во можност да постапува по предметите, а се со цел брзо и ефикасно постапување по истите, со оглед природата на предметите.

## 14. ИСТРАЖЕН ОДДЕЛ

Истражниот оддел на овој суд функционално се состои од два оддели и тоа: оддел-кривична истрага и истражен оддел во одделението за организираниот криминал и корупција.

### 14.1 Оддел-кривична истрага-стар ЗКП

Одговорен судија на овој оддел е судијата Славјанка Јанкоска. Во составот на овој оддел од почетокот на годината постапува судиите Весна Костовска Спасеска, Фанка Ј. Михајловска, Снежана Шуплиновска, Насер Хаџиахметагиќ,Иван Џолев и Бојан Ефтимов, на кого по негово барање на 29.09.2015 година му престана судиската функција.

Во извештајната 2015 година овој оддел својата работа ја започна со 79 нерешени истражни предмети „КИ“ од претходните години. Во текот на 2015 година беа примени 3 нови КИ предмети, а решени се вкупно 46 предмети. На крајот на 2015 година нерешени останаа вкупно 36 истражни предмети.

Во текот на 2015 година овој оддел својата работа ја започна со 23 нерешени предмети - определени истражни дејствија „ОИД. Вкупно се решени 19 предмети, а нерешени останаа 4 предмети.

Со оглед да и во текот на 2015 година овој оддел работи со мал обем на работа на КИ предметите а заради примената на новиот ЗКП, и нема прилив на нови предмети истражните судии продолжија да постапуваат и по незавршените прекршочните предмети од областа на јавниот ред и мир и останато и тоа судиите, Весна Костовска Спасеска, Насер Хаџи-Ахметагиќ, Бојан Ефтимов, по предмети од областа јавен ред и мир а судиите Фанка Ј. Михајловска, Снежана Шуплиновска и Иван Џолев,а од овој аспект беше направена и реорганизација и рационализација на судискиот кадар заради поефикасно вршење на надлежност на овој суд, со оглед да како кривичен суд работи во една правна област-кривична област.

### 14.2 Истражен оддел во одделението за организираниот криминал и корупција –стар ЗКП

Одговорен на одделението за организираниот криминал и корупција при Основен суд Скопје 1 Скопје е Претседателот на судот Владимир Панчевски. Надлежноста на ова одделение е за територијата на целата Република Македонија.

Во 2015 година во овој одел , постапуваа судиите Јован Лазаревски и Славица Андреевска, а од 10.07.2015 година со Одлука на Претседателот на судот во ова одделение постапува и судијата Весна Димишкова.

Со оглед да во извештајната 2015 година паралелно се применуваат новиот ЗКП и стариот ЗКП, Одделението за организиран криминал и корупција, извештајната 2015 година ја започна со 2 нерешени предмети (КИОК), нерешени предмети заведени во уписник ОИД ОК – 1, заостанати од претходните години, сите предмети заведени по стар ЗКП. Во текот на годината не се заведени нови КИОК и ОИД-ОК предемти. Од вкупно 2 КИОК предмети во работа , решени се 1 предемти а останале нерешени 1 предмет. Од вкупно 1 ОИД-ОК предмети во работа , решен е 1 предмет а а нерешени нема.

Со соодветно координирање и менаџирање на работата на овој оддел – кривична истрага и во одделението за организиран криминал и корупцијаод страна на претседателот на судот се постигнати завидни резултати како во намалувањето на заостатокот на истражни предмети така и во решавањето на постари предмети. Исто така истражниот оддел се соочуваше со постојани проблеми од областа на судските вештачења, достава на писмената, непостапување или ненавремено постапување од страна на овластени службени лица на МВР по издадени судски наредби за приведување на лица и долгото траење на одредени судски вештачења по однос на постапување во старите истражни предмети.

Истовремено во ориентационата норма на истражните судии не влегуваат постапувањата и носењето на разни решенија при обработката на еден истражен предмет како носење на решенија за запирање на истрагата по разни законски основи, постапување по предмети каде е прекратена постапката, постапување по истражни предмети каде се бара дополнување на истрагата, како и одлучување по однос на секојдневни барања и предлози до истражниот судија, носења на решенија за враќање на привремено одземени предмети во текот на истражната постапка или постапување по однос на барања за преиспитување на определени мерки за обезбедување присуство на обвинетиот во постапката или замена на определена мерка со друга мерка. На состаноците и тематските колегиуми со судиите во овој оддел е заземен став дека судот е должен да одговори на секое барање од страна на странките во постапката и покрај тоа што ваквите барања од странките се чести и одземаат многу време при постапувањето, сепак судиите од овој оддел во извештајниот период постапуваа и ги ажурираа сите барања од странките во постапката.

Со посебно залагање на судиите и со постојана координација на Претседателот, постигнати се забележителни резултати во намалувањето на заостатокот на нерешени предмети во овие две одделенија.

## 15. ОДДЕЛ ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА

Одделот за претходна постапка на овој суд функционално се состои од два оддели и тоа: претходна постапка во оддел на организираниот криминал и корупција и одделение за претходна постапка.

### 15.1 Оддел-претходна постапка

Одговорен судија на овој оддел е судијата на претходна постапка - Славјанка Јанкоска. Во составот на овој оддел во изминатата 2015 година постапуваа тројца судии. Судија Славјанка Јанковска, Васил Динковски и Пајазит Пајазити.

Вкупно во овој оддел во текот на 2015 година има заведено вкупно примени 940 КПП предмети. Од вкупниот број на предмети во работа решени се 923 , а останале нерешени 23 предмети.

Во решените КПП предмети , 138 се притворски предмети, а по 87 предмети по предлог спогодба донесени се пресуди. Од притворските предмети спрема 130 лица е определена мерка притвор, на 12 лица им е определена мерка куќен притвор, на 29 лица им се определени мерки претпазливост.

### 15.2. Претходна постапка во специјализираното одделение за организиран криминал и корупција

Одговорен на одделението за организираниот криминал и корупција - претходна остапка при Основен суд Скопје 1 Скопје е Претседателот на судот Владимир Панчевски. Надлежноста на ова одделение е за територијата на целата Република Македонија.

Во 2015 година во , одделението за организираниот криминал и корупција – претходна постапка, постапуваа судиите Јован Лазаревски и Славица Андреевска а од 10.07.2015 година со Одлука на Претседателот на судот во ова одделение постапува и судијата Весна Димишкова.

Во ова одделение во текот на 2015 година беа заведени вкупно 590 предмети. Од вкупниот број на предмети во работа решени се 573 предмети, а останале нерешени вкупно 45 предмети.

Исто така во 2015 година беа примени и заведени вкупно 227 барања и предлози за издавање наредби за примена на посебни истражни мерки заведени во Уписник за овластено следење на комуникации – УОСК, по кои се издадени вкупно 226 наредби од страна на судиите на претходна постапка при одделението за организиран криминал и корупција како и од страна на судија на претходна постапка,а 1 барање е завршено со службена белешка

Во текот на извештајната 2015 година од вкупно примените и оформени 590 - КОК ПП предмети, 111 КОК ПП предмети се примени со предлог за определување на мерка притвор. По однос на добиените притворски предмети, мерка притвор е и определена према 176 лица, према 30 лица определена им е мерка куќен притвор.

Неспорно е дека судиите што постапуваат во ова одделение и одделот претходна постапка-полнолетни се под постојана опсервација на јавноста, невладините организации и медиумите, особено за оние предмети за кои има широк интерес кај јавноста, што претставува дополнително оптеретување при работењето, но може да се заклучи дека во овој оддел движењето на предметите завршува релативно брзо во однос на претходниот систем на ЗКП така што одлуките по предлозите и барањата се носат веднаш истиот ден или во кратки предвидени рокови согласно новиот ЗКП, при што со задоволство може да се констатира дека нема застој на предмети.

Судиите кои постапуваат во одделението за организиран криминал и корупција и покрај многубројните обврски на постапување кои ги имаат во обемните и сложени истражни предмети, учествуваат во изготвување на проекти и присуствуваат на редовните едукации организирани од Академијата за судии и обвинители каде се задолжени да остваараат одреден број на часови.

## 16. ОДДЕЛ ЗА МАЛОЛЕТНИЦИ

Во специјализираниот Оддел за малолетници на Основниот суд Скопје I Скопје, со годишниот распоред на Претседателот на судот за 2015 година, се распоредени двајца Судии за деца и тоа:

1. Судија Љубинка Ѓорѓиевска, Претседател на Одделот за малолетници
3. Судија Лирие Елези Ајрулау

Во текот на 2015 година, Судиите за деца во својата работа постапуваа согласно Законот за правда за децата (Службен весник на РМ бр. 148/13), а за постапките започнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон постапуваа согласно Законот за малолетничка правда (Службен весник на РМ бр. 87/07, 103/08, 161/08 и 145/10), како и согласно Законот за прекршоците, со сообразна примена и на одредбите на Кривичниот законик и Законот за кривичната постапка.

**I.**

По оформените „КМ“ предмети, Судиите за деца ја спроведуваат подготвителната постапка спрема деца во ризик од 14 до 18 години; деца во судир со закон од 14 до 16 години и деца во судир со закон над 16 години, за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и претседаваат со Советите за деца и Кривичните совети за деца, а вршат и други работи определени со Законот за правда за децата.

Во почетокот на 2015 година, се пренесени вкупно 115 нерешени „КМ“ предмети од 2014 година - од кои 1 предмет е пренесен од 2013 година, а 114 предмети се примени во 2014 година. Во текот на 2015 година се примени 186

предмети, така што Судиите за деца во текот на 2015 година постапувале по вкупно 301 предмет. Во текот на 2015 година, Судиите за деца решиле вкупно 224 предмети. На крајот на 2015 година останале нерешени вкупно 77 „КМ“ предмети - сите примени во 2015 година.

Во почетокот на 2015 година, кај Судијата Љубинка Ѓорѓиевска се пренесени вкупно 44 нерешени „КМ“ предмети од 2014 година - сите примени во 2014 година. Во текот на 2015 година се примени 93 предмети, така што Судијата Љубинка Ѓорѓиевска во текот на 2015 година постапувала по вкупно 137 предмети. Во текот на 2015 година, истата решила вкупно 115 предмети. На крајот на 2015 година, останале нерешени вкупно 22 „КМ“ предмети - сите примени во 2015 година.

Во почетокот на 2015 година, кај Судијата Лирие Елези Ајрулау се пренесени вкупно 71 нерешени „КМ“ предмети од 2014 година - од кои 1 предмет е пренесен од 2013 година, а 70 предмети се примени во 2014 година. Во текот на 2015 година се примени 93 предмети, така што Судијата Лирие Елези Ајрулау во текот на 2015 година постапувала по вкупно 164 предмети. Во текот на 2015 година, истата решила вкупно 109 предмети. На крајот на 2015 година, останале нерешени вкупно 55 „КМ“ предмети - сите примени во 2015 година.

Од вкупно решените 224 „КМ“ предмети во текот на 2015 година, од страна на Судиите за деца со решение во 127 предмети се изречени воспитни мерки; во 60 предмети е запрена постапката; во 29 предмети е прекината подготвителната постапка и 6 предмети се решени на друг начин, а со пресуда во 1 предмет е изречена казна Затвор за деца и во 1 предмет е изречена Условна осуда со заштитен надзор.

Од вкупно решените 115 „КМ“ предмети во текот на 2015 година, од страна на Судијата Љубинка Ѓорѓиевска со решение во 72 предмети се изречени воспитни мерки; во 24 предмети е запрена постапката; во 16 предмети е прекината подготвителната постапка и 1 предмет е решен на друг начин, а со пресуда во 1 предмет е изречена казна Затвор за деца и во 1 предмет е изречена Условна осуда со заштитен надзор.

Од вкупно решените 109 „КМ“ предмети во текот на 2015 година, од страна на Судијата Лирие Елези Ајрулау со решение во 55 предмети се изречени воспитни мерки; во 36 предмети е запрена постапката; во13 предмети е прекината подготвителната постапка и 5 предмети се решени на друг начин.

Согласно чл. 88 ст.2 од Законот за правда за децата, постапката спрема деца е итна кога се работи за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело и по правило не може да трае подолго од една година од денот на приемот на предметот во судот до донесување на првостепена одлука, освен за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела за кои е утврдена казна затвор од најмалку четири години, кога постапката не може да трае подолго од една година и шест месеци, или кога се работи за дејствие што со закон е предвидено како прекршок не подолго од девет месеци, а согласно чл. 81 ст.2 од Законот за малолетничка правда, за дејствие што со закон е предвидено како прекршок не подолго од шест месеци.

Судиите за деца се придржувале кон законските рокови, така што од решените 224 „КМ“ предмети, во 47 предмети постапката траела до 3 месеци - од кои 35 предмети кај Судијата Љубинка Ѓорѓиевска, а 12 предмети кај Судијата Лирие Елези Ајрулау; во 97 предмети постапката траела над 3 до 6 месеци - од кои 53 предмети кај Судијата Љубинка Ѓорѓиевска, а 44 предмети кај Судијата Лирие Елези Ајрулау; во 79 предмети постапката траела од 6 месеци до 1 година - од кои 27 предмети кај Судијата Љубинка Ѓорѓиевска, а 52 предмети кај Судијата Лирие Елези Ајрулау и во 1 предмет постапката траела над 1 до 3 години - кај Судијата Лирие Елези Ајрулау.

Судиите за деца доследно ја почитуваат законската одредба дека притворот може да се изрече само како крајна мерка за обезбедување на присуство на детето во текот на постапката, така што во 1 „КМ“ предмет е определен притвор спрема вкупно 1 дете, кој траел 3 месеци и 5 дена, а по објавување на одлуката и укинување на притворот, спрема детето е определен куќен притвор до правосилноста на одлуката, кој траел 2 месеци и 27 дена.

Во текот на 2015 година се примени вкупно 186 „КМ“ предмети, а Судиите за деца решиле вкупно 224 предмети, што значи дека Судиите за деца го совладале годишниот прилив на „КМ“ предмети и за 38 предмети го намалиле остатокот на „КМ“ предмети од 2014 година.

На крајот на 2015 година, во Одделот за малолетници нема стари „КМ“ предмети, бидејќи останале нерешени 77 „КМ“ предмети примени во 2015 година, па во тековната година ќе се даде приоритет на решавање на истите.

II.

По оформените „КРМ“ предмети, Судиите за деца претседаваат со Советите за деца кои одлучуваат по предметите за запирање на извршувањето на изречените воспитни мерки; за измена на изречените воспитни мерки; за повторно одлучување за потребата од извршување на изречените воспитни мерки чие извршување воопшто не започнало; за престанокот на воспитните мерки ако за времетраењето на воспитната мерка судот изрече казна затвор за деца или затвор, а претседаваат и со Кривичните совети за деца кои одлучуваат по предметите за бришење на податоците за изречените воспитни мерки и осуди на казна малолетнички затвор од казнената евиденција, а вршат и други работи определени со Законот за правда за децата.

Во почетокот на 2015 година, се пренесени вкупно 61 нерешени „КРМ“ предмети од 2014 година - од кои 3 предмети се пренесени од 2013 година, а 58 предмети се примени во 2014 година.Во текот на 2015 година се примени 257 предмети, така што Судиите за деца во текот на 2015 година постапувале по вкупно 318 предмети. Во текот на 2015 година, Судиите за деца решиле вкупно 290 предмети. На крајот на 2015 година останале нерешени вкупно 28 „КРМ“ предмети - од кои 3 предмети се пренесени од 2013 година; 4 предмети се пренесени од 2014 година, а 21 предмети се примени во 2015 година.

Во почетокот на 2015 година, кај Судијата Љубинка Ѓорѓиевска се пренесени вкупно 11 нерешени „КРМ“ предмети од 2014 година - сите примени во 2014 година.Во текот на 2015 година се примени 127 предмети, така што Судијата Љубинка Ѓорѓиевска во текот на 2015 година постапувала по вкупно 138

предмети. Во текот на 2015 година истата решила вкупно 136 предмети. На крајот на 2015 година, останале нерешени вкупно 2 „КРМ“ предмети - сите примени во 2015 година.

Во почетокот на 2015 година, кај Судијата Лирие Елези Ајрулау се пренесени вкупно 50 нерешени „КРМ“ предмети од 2014 година - од кои 3 предмети се пренесени од 2013 година, а 47 предмети се примени во 2014 година. Во текот на 2015 година се примени 130 предмети, така што Судијата Лирие Елези Ајрулау во текот на 2015 година постапувала по вкупно 180 предмети. Во текот на 2015 година истата решила вкупно 154 предмети. На крајот на 2015 година, останале нерешени вкупно 26 „КРМ“ предмети - од кои 3 предмети се пренесени од 2013 година; 4 предмети се пренесени од 2014 година, а 19 предмети се примени во 2015 година.

Во текот на 2015 година се примени вкупно 257 „КРМ“ предмети, а Судиите за деца решиле вкупно 290 предмети, што значи дека Судиите за деца го совладале годишниот прилив на „КРМ“ предмети примени во 2015 година и за 33 предмети го намалиле остатокот на „КРМ“ предмети од 2014 година.

На крајот на 2015 година, во Одделот за малолетници има стари „КРМ“ предмети и тоа 3 предмети кои се пренесени од 2013 година, па во тековната година ќе се даде приоритет на решавање на истите.

III.

Судиите за деца претседаваат со Кривичните совети за деца кои вкрстено одлучуваат по „КСМ“ предмети оформени по жалбите против решенијата на Судиите за деца, па така во почетокот на 2015 година, нема пренесени нерешени „КСМ“ предмети од 2014 година. Во текот на 2015 година се примени вкупно 3 предмети, така што судиите за деца во текот на 2015 година постапувале по вкупно 3 предмети. Во текот на 2015 година, Судиите за деца решиле вкупно 3 предмети, така што Судијата Љубинка Ѓорѓиевска решила 1 предмет, а Судијата Лирие Елези Ајрулау решила 2 предмети. На крајот на 2015 година, нерешени „КСМ“ предмети нема.

IV.

Судиите за деца претседаваат со Кривичните совети за деца кои одлучуваат по „УОКМ“ предмети оформени по барањата за условен отпуст од издржување на казната малолетнички затвор/затвор за деца, па така во почетокот на 2015 година, е пренесен 1 нерешен „УОКМ“ предмет од 2014 година. Во текот на 2015 година е примен 1 предмет, така што Судиите за деца во текот на 2015 година постапувале по 2 предмети. Во текот на 2015 година, Судиите за деца решиле вкупно 2 предмети, така што Судијата Љубинка Ѓорѓиевска решила 2 предмети. На крајот на 2015 година, нерешени „УОКМ“ предмети нема.

V.

Судиите за деца претседаваат со Кривичните совети за деца кои одлучуваат по „КПМ“ предмети оформени по молбите за помилување, па така во почетокот на 2015 година, нема пренесени нерешени „КПМ“ предмети од 2014 година. Во текот на 2015 година нема примени предмети, така што Судиите за деца во текот на 2015 година не постапувале по „КПМ“ предмети. На крајот на 2015 година, нерешени „КПМ“ предмети нема.

VI.

Судиите за деца постапуваат и по прекршочните предмети спрема деца во ризик од 14 до 18 години, за дејствија што со закон се превидени како прекршоци, согласно Законот за правда за децата со сообразна примена на Законот за прекршоците, Кривичниот законик и Законот за кривичната постапка.

Во почетокот на 2015 година, се пренесени вкупно 160 нерешени прекршочни предмети - од кои 2 нерешени „ПРК О“ предмети ( 1 предмет пренесен од 2011 година и 1 предмет примен во 2014 година); 45 нерешени „ПРК Ј“ предмети – сите примени во 2014 година и 113 нерешени „ПРК М“ предмети – сите примени во 2014 година. Во текот на 2015 година се примени вкупно 454 „ПРК М“ предмети, така што Судиите за деца во текот на 2015 година постапувале по вкупно 614 прекршочни предмети. Во текот на 2015 година, Судиите за деца решиле вкупно 419 прекршочни предмети – од кои 2 „ПРК О“ предмети ( 1 предмет пренесен од 2011 година и 1 предмет примен во 2014 година); 45 „ПРК Ј“ предмети примени во 2014 година; 113 „ПРК М“ предмети примени во 2014 година и 259 „ПРК М“ предмети примени во 2015 година. На крајот на 2015 година, останале вкупно 195 нерешени „ПРК М“ предмети - сите примени во 2015 година.

Во почетокот на 2015 година, кај Судијата Љубинка Ѓорѓиевска се пренесени вкупно 81 нерешени прекршочни предмети од 2014 година - од кои 1 нерешен „ПРК О“ предмет пренесен од 2011 година; 24 нерешени „ПРК Ј“ предмети примени во 2014 година и 56 нерешени „ПРК М“ предмети примени во 2014 година. Во текот на 2015 година се примени 232 „ПРК М“ предмети, така што Судијата Љубинка Ѓорѓиевска во текот на 2015 година постапувала по вкупно 313 предмети. Во текот на 2015 година, Судијата Љубинка Ѓорѓиевска решила вкупно 210 прекршочни предмети - од кои 1 „ПРК О“ предмет пренесен од 2011 година; 24 „ПРК Ј“ предмети примени во 2014 година; 56 „ПРК М“ предмети примени во 2014 година и 129 „ПРК М“ предмети примени во 2015 година. На крајот на 2015 година, останале вкупно 103 нерешени „ПРК М“ предмети - сите примени во 2015 година.

Во почетокот на 2015 година, кај Судијата Лирие Елези Ајрулау се пренесени вкупно 79 нерешени прекршочни предмети од 2014 година - од кои 1 нерешен „ПРК О“ предмет примен во 2014 година; 21 нерешени „ПРК Ј“ предмети примени во 2014 година и 57 нерешени „ПРК М“ предмети примени во 2014 година. Во текот на 2015 година се примени 222 „ПРК М“ предмети, така што Судијата Лирие Елези Ајрулау во текот на 2015 година постапувала по вкупно 301 предмет. Во текот на 2015 година Судијата Лирие Елези Ајрулау решила вкупно 209 прекршочни предмети - од кои 1 „ПРК О“ предмет примен во 2014 година; 21 „ПРК Ј“ предмети примени во 2014 година, 57 „ПРК М“ предмети примени во 2014 година и 130 „ПРК М“ предмети примени во 2015 година . На крајот на 2015 година, останале вкупно 92 нерешени „ПРК М“ предмети - сите примени во 2015 година.

Од вкупно решените 419 прекршочни предмети во текот на 2015 година, од страна на Судиите за деца со решение во 337 предмети е изречена воспитна

мерка Укор; во 56 предмети е запрена постапката; во 2 предмети е изречена само мерка Одземање предмети, како посебна прекршочна санкција, бидејки сторителот на прекршокот ја платил глобата во постапката за порамнување; 11 предмети се отстапени на месна надлежност на друг суд и 13 предмети се решени на друг начин.

Од вкупно решените 210 прекршочни предмети во текот на 2015 година, од страна на Судијата Љубинка Ѓорѓиевска со решение во 179 предмети е изречена воспитна мерка Укор; во 19 предмети е запрена постапката; во 1 предмет е изречена само мерка Одземање предмети како посебна прекршочна санкција, бидејки сторителот на прекршокот ја платил глобата во постапката за порамнување; 6 предмети се отстапени на месна надлежност на друг суд и 5 предмети се решени на друг начин.

Од вкупно решените 209 прекршочни предмети во текот на 2015 година, од страна на Судијата Лирие Елези Ајрулау со решение во 158 предмети е изречена воспитна мерка Укор; во 37 предмети е запрена постапката; во 1 предмет е изречена само мерка Одземање предмети, како посебна прекршочна санкција, бидејки сторителот на прекршокот ја платил глобата во постапката за порамнување; 5 предмети се отстапени на месна надлежност на друг суд и 8 предмети се решени на друг начин.

Во текот на 2015 година се примени вкупно 454 прекршочни предмети, а Судиите за деца решиле вкупно 419 предмети, што значи дека Судиите за деца за 35 предмети не го совладале годишниот прилив на предмети примени во 2015 година.

На крајот на 2015 година, во Одделот за малолетници нема стари прекршочни предмети, бидејки останале само 195 нерешени „ПРК М“ предмети кои се примени во 2015 година, па во тековната година ќе се даде приоритет на решавање на истите.

VII.

Во текот на 2015 година, покрај предметната работа, Судиите за деца оствaруваа редовна и успешна соработка со останатите учесници во постапката спрема деца и тоа МВР на РМ, ОЈО Скопје, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје и останати Центри за социјална работа во РМ, ЈУ за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми Скопје, КПУ Затвор Охрид, ВПД Тетово и ЈУ Завод „Ранка Милановиќ“ Скопје, како и други надлежни органи и институции, бидејки таквата соработка допринесува примената на мерките и санкциите определени со Законот за правда за децата и постапувањето со децата да се подредат во интерес на заштитата, воспитувањето, превоспитувањето и правилниот развој на децата.

На 11.11.2015 година, Судиите за деца Љубинка Ѓорѓиевска и Лирие Елези Ајрулау реализираа работна посета во КПУ Затвор Охрид-Охрид, заедно со Јавниот обвинител од Основно јавно обвинителство Скопје, Елена Иваноска-Миноска, при што се запознаа со моменталната просторна и кадровска состојба во затворот и со условите во кои децата ги издржувааат двете најстроги санкции предвидени во Законот за правда за децата и тоа: казната Затвор за деца и воспитната мерка Упатување во воспитно-поправен дом, со оглед на тоа што по

Одлука на Владата на РМ, донесена на седницата одржана на ден 14.07.2015 година, децата од машки пол кои се наоѓаа на издржување на воспитна мерка Упатување во воспитно-поправен дом, а беа сместени во КПД Идризово Отворено одделение Велес, од 14.09.2015 година, времено се сместени во КПУ Затвор Охрид-Охрид.

Согласно Законот за судовите и програмата на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", во текот на 2015 година, Судијата Љубинка Ѓорѓиевска не посетила обука, но во периодот од 11.05.2015 до 29.05.2015 година; од 01.06.2015 до 12.06.2015 година и од 01.07.2015 до 10.07.2015 година, била Ментор за изведување на практична настава на вкупно четворица слушатели на почетна обука од петтата генерација, а Судијата Лирие Елези Ајрулау посетила обука во траење од 12 дена.

При анализата на постигнатите резултати од постапувањето по предметите од страна на Судиите за деца на овој суд, треба да се има во предвид дека судска постапка по правило се спроведува само во случаите предвидени со Законот за правда за децата, ако децата во судир со закон или во ризик сториле дејствија што со закон се предвидени како кривични дела за кои е предвидена казна затвор од три години или потешка казна или во случај кога целта на мерките или санкциите предвидени со овој закон не може да се постигне без таква постапка и ако децата во ризик сториле дејствија што со закон се предвидени како прекршоци; дека децата вршат најчесто серија на кривични дела и најчесто во група; дека значително е зголемен бројот на кривични дела со примена на насилство и учество во толпа, во кои предмети пред судот се јавуваат поголем број учесници во настанот, заради што постапката се одолговлекува; дека голем број од децата и нивните семејства често го менуваат живеалиштето или престојувалиштето, заради што е отежната доставата на писмената и постапката по предметите значително се усложнува и одолговлекува, па понекогаш присуството на децата се обезбедува и со нивно приведување, а спрема недостапните деца се прекинува постапката. Исто така, треба да се има во предвид дека судиите за деца постапуваат по Законот за правда за децата, кој закон упатува на сообразна примена на Кривичниот законик и Законот за прекршоците, но и на Законот за кривична постапка, кој е исто така нов и во кој се предвидени системски измени во одредбите за постапката спрема полнолетните лица, а кои пак се во голема мера различни од одредбите за постапката спрема деца предвидени во новиот Закон за правда за децата, така што судиите за деца и понатаму постапуваат во сите фази од судската постапка спрема деца - кривична и прекршочна и таквата нивна надлежност налага утврдување на постапките и прилагодување на актите што ги донесуваат Судиите за деца, Советите за деца и Кривичните совети за деца согласно новиот Закон за правда за децата, прибавување на податоци и мислења од надлежни органи и институции, носење на акти по разни законски основи, соработка со останатите учесници во постапката спрема децата и превземање на превентивни и заштитни мерки спрема децата, кое нешто бара континуирано и обемено ангажирање од страна на Судиите за деца, а таквото ангажирање не може

секогаш да се изрази преку бројки и да се засмета  во ориентационата норма на Судиите за деца.

## 17. ОДДЕЛ ЗА ПРЕКРШОЦИ

Во текот на 2015 година во Одделот за прекршоци примени се вкупно 21.213 прекршочни предмети од кои: 17.178 се од областа “сообраќај“, 2.077 се од областа на “јавниот ред и мир“ ,  1.504 се од областа на “останато“ и „прекршочни предмети за малолетници“ 454 предмети. Со заостатокот од претходниот извештаен период од вкупно 28.409 предмети овој оддел во текот на 2015 година работел со вкупно 49.622 предмети. Во тековната година решени се вкупно 22.260 предмети а останале нерешени 27.362 предмети, што е одлична состојба со оглед на зголемениот прилив како и потешкотиите со кој се соочуваше овој оддел во изминатиот период.

Споредбено со претходната 2014 година кога во работа имало вкупно 46.735 предмети, во извештајниот период обемот на работа е зголемен  за 2.887 прекршочни предмети.

Во однос на овј оддел може да се забележи во текот на годината во месеци е нередовен приливот на ново примени предемти по области при што во определени месеци најчесто пред годишните одмори и при крајот на годината се појавува зголемен прилив на предмети што доаѓаат од страна на прекршочните органи, а ваквото кампањско поведување на прекршочни постапки пред судот на судот му создава потешкотии во тековното работење од аспект на оформување и постапување по сите предемти особено ако се земе во предевид дека на прекршочните органи им било претходно време од два  до три месеци да ги оформат пекршочните пријави при што истото влијае на работењето на овој оддел а вооедно влијае на роковите во кои може да се постапува од страна на судот, дотолку повеќе што во месец јули 2015 година со донесување на новиот Закон за прекршоци, прекршочните комисии вонредно доставија поголем број на предмети на судско постапување, при што со оглед да сеуште не беше формирана Државната комисија за одлучување од втор степен иако со закон беше утврдена од месец февруари 2015 година. Овие потешкотии особено во делот на судското порамнување беа надминати со повеќе состаноци на прекршочните комисии и судиите на овој суд о области.

Во врска со новиот закон за прекршоци иако е донесен во текот на 2015 година истиот предвидува сложена постапка на постапување која не одстапува од претходното постапување во делот на судската надлежност што навистина за сметка на судиите кои работат по новиот  ЗКП навистина предисвикува потешкотии по судското администрирање така што новиот ЗКП е многу поедноставен и им дава на располагање на судиите  повеќе инструменти за завршување на предметите во порана фаза на постапката и за разлика од новиот закон за прекршоци  гарантира побрза и поефикасна примена.

Во Одделот по област сообраќај во извештајниот период постапувале 10 судии, од кои 1 судија беше на породилно отсуство, во ноември 2015 година 1 судија е вратен да постапува по предмети во Основен суд Тетово, а на негово место е делегиран друг судија од Основен суд Велес, и во декември месец 1 судија е преместен во Основен суд Скопје 2 Скопје.

Во одделот јавен ред и мир постапувале 4 судии- Весна Костовска Спасеска, Насер Хаџи-Ахметагиќ, Бојан Ефтимов до 29.09.2015 година кога е разрешен од страна на Судски совет на РМ, а од 15.04.2015 година и судијата Весна Миткова, додека по областа стопанство постапувале 4 судии- Фанка Ј. Михајловска, Снежана Шуплиновска и Иван Џолев, а од 15.04.2015 година и судијата Јане Тапанџиоски.

Во одделот по област Сообраќај, започната е годината со заостаток од 20.606 предмети а во текот на 2015 година се примени 17.178 предмети или вкупно во работа 37.784 предмети. Од нив решени се 17.332 предмети,а останаа нерешени 20.452.

По област јавен ред и мир започната е годината со заостаток од 2.980 предмети а во текот на 2015 година се примени 2.077 предмети или вкупно во работа 5.057 предмети. Од нив решени се 1.536 предмети,а останаа нерешени 3.521.

По област останато- стопанство започната е годината со заостаток од 4.710 предмети а во текот на 2015 година се примени 1.504 предмети или вкупно во работа 6.214 предмети. Од нив решени се 3.020 предмети,а останаа нерешени 3.194.

По област прекршоци-малолетници започната е годината со заостаток од 113 предмети а во текот на 2015 година се примени 454 предмети или вкупно во работа 567 предмети. Од нив решени се 372 предмети,а останаа нерешени 195**.**

Во Одделот за прекршоци на крајот од оваа извештајна година останале нерешени вкупно 27.362 предмети.

Од вкупниот број на решени предмети 22.260, обжалени се 1.282 предмети од кои: 785 се потврдени, укинати 308 предмети и преиначени се 188 предмети и 1 делумно укината.

Во текот на 2015 година од вкупниот број на предмети во итна постапка се примени и решени 199 предмети од кои: 38 сообраќај и 266 јавен ред и мир

Во извештајната 2015 година во Одделот на барање од граѓани и правни лица, изготвени и издадени се: 3.622 уверенија за прекршочна санкција која се состои во „Забрана на вршење на дејност, професија или должност“ и санкција „Забрана за управување со моторно возило“.

Од вкупниот број на решени предмети по сите области во овој оддел 22.260 предмети: со пресуда се решени 19.577, а 2.563 предмети се решени на друг начин, и 130 предмети постапката е запрена заради апсолутна застареност за водење на прекршочната постапка, а овие се предмети кои што се обновени со дозвола од претседателот, поради отпочнување со примена на Законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоци (Службен весник на РМ бр.51 од 13.04.2011 година со кој рокот на застареност е зголемен). За кој во текот на извршените контроли во овој оддел е констаирано дека физички не постојат во оделот и по истите неможе да се постапува, за што воедно е известен Судскиот совет на РМ.

Главна причина која директно се одразува на ажурноста во одделот за прекршоци е доставата, и доставувањето на писмена на физички и правни лица, затоа следејќи ја состојбата во одделот за прекршоци како раководител и по укажување на судиите во поглед на доставата, за годишниот извештај за 2015 година, ја давам следната информација, имајќи го во предвид начинот за доставување кој е предвиден во чл.78 ст.1 и ст.2 и чл.79 ст.1 и ст.2 од Законот за прекршоците, како и фактот дека 90% од писмената се вршат преку пошта што не задоволува. Имено, правејќи контроли по случаен избор на вратена достава од анализата може да се утврди следното:

- Околу 33 % од вратената достава без разлика дали е преку пошта или преку судски доставувач е уредна и во најголем број случаи на вратената доставнмица е ставена назнаката „лично“.
- Околу 10 % од вратената достава ставена е назнаката: „примила мајка, татко, син, ќерка, сопруга, сопруг, баба, дедо“, која достава не може да се смета за уредна.
- Околу 57% од доставата е вратена целосно (покана и барање), со назнака: „иселен, отпатувал, нема ваква улица, нема ваков број на таа улица, а најчесто неврачливо, покушана достава – нема никој“, односно „известен – не побарал“ и сл.“, кој процент е премногу висок и загрижувачки. Претежно тоа е вратена достава од поштата. Посебно од вратените достаници со „известен не побарал“ предлагам на ниво со Македонски пошти да се договори да во иднина не е доволно само „известен не побарал“ туку кон доставницата да има доказ кој во конкретниот случај е известен, бидејќи согласно чл.78 ст.2 од ЗП тогаш доставата би се сметала за уредна и по жалба нема да пресудите бидат укинати од страна нна Апелационен суд.

Посебно може да се констатира дека институтот „известие“ се користи од страна на доставната служба, но повиканите странки не доаѓаат во судот во закажаниот термин да го подигнат писменото.

Имајќи ја предвид ваквата анализа, значи дека околу 2/3 од доставата е неуредна, и предметите мора повторно да се насрочат, а само околу 1/3 е уредна согласно Законот за прекршоците.

Бројот на предмети по судија кој постапува по областа сообраќај е голем. Просечно по судија во овј оддел има во просек по 2.700 предмети во работа во тековната 2015 година. Фактот што предметот по заведување во уписник се предава во одделението кај судијата односно во канцеларијата на судијата каде се одржува и судењето, бидејќи нема класична писарница, така да сите административни дејствија (покана, уредување на барање, барање на адреси, судење, изготвување на записници, здружување на писмена во предметите, како и попис на предмети) е во одделението на судијата, а тоа допринесува да има одолговлекување на постапката.

Еден од десетте судии во областа сообраќај во исто време е Претседател – судија во Одделот и истиот се грижи за организација на работата, свикува колегиуми во одделот, ја обавува комуникацијата по потреба со подносителите на барања за поведување на прекршочна постапка, обавува комуникација со надворешни странки, изготвува информации на барање на Претседателот на судот поточно изготвува месечен извештај за работа, изготвува план програма за работа за претстојната година и изготвува годишен извештај за работа, а воедно под негов надзор се изготвуваат и издаваат Уверенијата.

Во одделот кој се наоѓа надвор од судкста зграда на овој суд, поточно во бараките на градскиот парк, распоредени се четворица стручни соработници. Еден стручен соработник е со посериозно нарушено здравје и поради здравствената состојба не е задолжен со извршување на било каква работа во одделот.

Одделот 2015 година ја отпочна со 27 административни работници, а од мај 2015 година со уште 6 уписничари што значи вкупно 33 административни работници, од кои 4 стручни соработници, 1 одговорен службеник на одделот, 10 технички секретари на судии (од кои еден волонтер), 12 уписничари од кои 1 од месец ноември е на породилно боледување, 1 на прием на писмена, 1 архивар, 2 хигиеничарки, останатите 1 административен работник е со нарушено здравје па затоа е задолжен да заведува доставници – пошта и да ги дели по судии, 1 информатичар, а од декември 2015 година се примени 8 стручни соработници и 7 уписничари, односно вкупно 48 административни работници.

Просториите во кои одделот за прекршоци работи во бараките лоцирани на ул.„Јордан Х.Џинот“ бб во Градскиот парк се од 1964 година, времена градба и истите не соодвествуваат за работа на еден суд со ваков обем на работа. Истите се супстандардни во секој поглед. Во Одделот поради немање на просторни услови, нема класична писарница, судиите судат и работат во истите простории кои се многу мали и не функционални. Ходниците во кои престојуваат странките пред судењето се премногу тесни, во истите нема вентилација. Одделот од октомври месец 2013 година има судско обезбедување, така што безбедноста на персоналот е подобрена. Судско обезбедување во попладневните часови, во неработни денови и празници нема, иако судот е во постојано заседание и има итни постапки и во овој период. Воедно нема ниту камери кои би биле во функција за безбедноста на судиите кои

дежураат, а кои постапувајќи во итна постапка доаѓаат и во попладневните и вечерните часови од работниот ден и во неработните денови. Опремата во Одделот во поглед на канцелариски материјал (бироа, шкафови и столици) е застарена и целосно амортизирана бидејќи истата е од 1965 година.

Поради горе наведените просторни, персонални и материјални услови во Одделот нема судска писарница, туку по заведувањето на прекршочните предмети истите се предаваат во канцеларијата на судијата каде се одржува судењето. Предметите се кај судијата се до изготвување на одлука кога како завршени се предаваат во службата за експедиција.

Од сето погоре изнесено може да се констатира дека во Република Македонија, овој оддел за прекршоци е со најголем број на прекршочни предмети, вкупно и поделно по судија, оддел со најголем број на решени предмети по судија, а тоа е постигнато со максимално ангажирање на судиите и на целокупниот административен кадар во Одделот за прекршоци. Смета дека доколку се обезбеди поуредна достава одделот за прекршоци ќе биде уште поажурен и поефикасен и бројот на стари предмети ќе се намали, имајќи го притоа во предвид Законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците Сл.весник на РМ бр.51 од 13.04.2011 година, каде рокот на застареност е зголемен.

## 18. ОДДЕЛ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ И МЕРКИ БЕЗБЕДНОСТ - Судија Весна Петровска Тагасовска

Во текот на 2015 година Одделот за извршување на санкциите функционираше со двајца судии за извршување на санкциите, Одделот функционира во три организациони единици уредени според Судскиот деловник со засебни уписници и вработени и тоа: за извршување на затворски казни(полнолетни и малолетни сторители), за извршување на кривични парични казни и прекршочни глоби, како и трошоци изречени во кривичните и прекршочните постапки и за извршување на мерките за безбедност, конфискацијата на имот и имотна корист како и одземање на предмети во кривична и прекршочна постапка,како извршување на воспитните мерки .

За извршување на административните и стручно – техничките работи во овој оддел се распоредени 3 стручни соработници, 5 - службеници , 1- еден одговорен на одделот и 2 дактилографи, на следниот начин:

- 1 – еден одговорен на одделот

- 3 – стручни соработници кои од кои едниот постапува само по и за извршување на мерките за безбедност, конфискацијата на имот и имотна корист како и одземање на предмети во кривична и прекршочна постапка,како извршување на воспитните мерки другите 2-стручни соработници постапуваат за извршување на затворски казни(полнолетни и малолетни сторители),како и по прекините

- За извршување на казните затвор (полнолетни) се ангажирани : 1 уписничар, 2 – дактилографи,

- За извршување на марките на безбедност :1 – уписничар и 1 - дактилограф кој работи како службеник .

- За извршување на кривичните парични казни и за извршување на прекршочните санкции :2 – уписничари од кои едниот од здравствени причини почесто е на боледување и 5 – службеници

Во 2015 година од одделот во старосна пензија заминаа 1- еден службеник .

Извештајниот период овој оддел го започна со вкупен број од 11.961 на нерешени предмети од претходната 2014 година .

Во текот на 2015 година примени се вкупно 22.421 предмети ,судијата Весна Петровска Тагасовска примила-11265 предмети ,судијата Ирина Петровска примила 11.156 предмети во работа .така што во работа биле вкупно 34382 предмети. Од нив вкупно се решени 22830 предмети,од кои судијата Весна Петровска Тагасовска решила 11.900 предмети , судијата Ирина Петровска решила 10930 предмети а останале нарешени вкупно 11.961 предмети ( Табела 1 ) .

Од вкупно примените 22 421 предмет ( сите оформени по службена должност согласно Законот за извршување на санкциите ) , 2.290 предмети се за извршување на казната - затвор (полнолетни и малолетни сторители и прекини) , 4510 предмети - за извршување на мерките на безбедност ( кривични и прекршочни ), 11269 предмети – за извршување на прекршочните глоби и 4318 предмети - за извршување на кривичните парични казни.

Од вкупно 34382 предмети во работа, . По видови на санкциите решени се : 2396 предмети со казни затвор, 4.112 предмети - со мерки на безбедност конфискација на имот, имотна корист и одземање на предмети , 13100 предмети со прекршочна глоба и прекршочни трошоци и 3.202 предмети - со кривична парична казна и кривични трошоци.

Од вкупно 11961 нерешени предмети , 1238 се предмети со казна затвор , 881 предмети со мерки на безбедност конфискација на имот имотна корист и одземање на предмети , 6.023 предмети со прекршочна глоба и прекршочни трошоци и 3396 предмети со кривични парични казни и кривични трошоци (Табела ).

Во извештајниот период за 2015 година, во овој оддел направени се исклучителни напори за поажурно решавање на овие предмети , но и покрај зголемената кадровска екипираност , лошите материјални, ,технички и просторни услови,решени се 22830 предмети. Оваа година приливот од 22421 нови предмети , беше совладан односно решени се 22830 предмети.За ваквата состојба придонесе големиот ангажман на дел од вработените како и примената на Законот за изменување на Законот за извршување(Сл.весник на РМ бр.50/2010 ),Законот за измени на законот за даночната постапка (Сл.весник на РМ бр.145/2010 ), Законот за измени на законот за Управата за јавни приходи (Сл.весник на РМ бр.145/2010 ) ,врз основа на кои сметано од 01.11.2010 година,надлежноста за извршување на кривичните парични казни,прекршочната глоба и трошоците во овие постапки, за

нивно присилно извршување премина од Државниот правобранител на РМ,во Управата за јавни приходи.

До Управата за јавни приходи непречено се доставуваат одлуките но само за наплата на паричните казни,глобите како и трошоците во кривичните и прекршочните пресуди, а наплатата на судскиот паушал како сопствен приход на судот се наплатува преку извршителите, со напомена дека оние предмети кои се веќе прикажани како завршени а не се постапени во делот за судскиот паушал повторно се постапуваат во делот на судскиот паушал и не се прикажуваат во извештаите како ни предметите кои ни беа вратени од Државниот правобранител на РМ, каде оврската за постапување иако беше на Државниот правобранител на РМ ја превзема овој оддел кој ги доставуваше до Управата за јавни приходи со напомена дека и овие предмети не се прикажани во извештајот бидејки се завршени а одделот нема обврска за нивно понатамошно постапување. но постапувањето по истите, сето тоа се рефлектира во работата на овој оддел и на вкупниот број на нерешени предмети., што претставува и дополнителен матерјален, техички и кадровски ангажман а за истото се потребни дополнителни матерјални сретства, време и ангажирање на служба за нивно препостапување

Како што тоа беше укажано и во годишниот извештај за 2014 година и во текот на 2015 година проблемот со немањето на евиденција за навременото плаќање на кривичните парични казни и глоби , како и трошоци на постапките од страна на осудените лица, за кои не постои законска обврска за доставување на доказ до судот , сеуште создава дополнително работно оптоварување заради фактот што паричните казни, глоби и трошоците на постапките, од страна на осудените лица биле платени пред започнување на постапката за присилна наплата на истите. Исто така кога присилната наплата е започната од страна на Управата за јавни приходи ,судот не добива известување за отпчнување на оваа постпка , па се случива судот да пристапи кон замена на паричната казна со казна затвор по предходно повлекување на присилната наплата , па странките по добивањето на упатниот акт да го известат судот дека во тек е постапка за присилна наплата , и заведените предмети каде паричната казна е заменета со затвор го чекаат завршувањето на присилната наплата.
И понатаму останува отворено за решавање решението содржано во Законот за платен промет во врска со образацот ,,ПП 50” и начинот на евидентирање на наплатените парични казни во Буџетот на Република Македонија кои се изречени со пресудите на Основните судови заради едновремено евидентирање на истите во евиденцијата , на судовите, со цел да се намали неоснованото зголемување на приливот на предметите за присилна наплата на изречените парични казни , неосновано водење на постапките за замена на паричните казни со затвор и неосновано создавање на трошоци за присилно извршување.

Проблем се јавува и со извршените уплати на осудените лица кои уплатиле во банка или пошта а во уплатницата под цел на дознака не е наведен бројот на пресудата по која е извршена уплатата па неможе да се утврди за која

казна,глоба,трошок или паушал е извршено плаќањето.Такви уплатници се доставуваат од страна на осудените лица и до Управата за јавни приходи и до извршителите а тие ги препраќаат во судот за да им се издаде потврда за која пресуда е извршена уплатата за што судот неможе да знае и неможе да издаде таква потврда.

Како проблем се јавува и барањето податоци од страна на кривичниот оддел при издавање на уверенија за неосудуван, дали некој осуден платил казна,трошоци и паушал по изречена пресуда. Овој оддел располага со податок за извршени уплати со уплатници кој осудените лица ги доставиле до одделот за извршување на санкциите а таквиот број на уплати е многу мал.Управата за јавни прихиди како надлежен орган за наплата на паричните казни,глоби и трошоците во кривичните и прекршочните постаки не доставува до судот доказ дали некое лице платило или не.Од тие причини овој оддел може да даде податок само за тоа што е наплатено од страна на судот а за останатите наплати кривичниот оддел ќе треба да се обрати до Управата за јавни приходи за да добие податок дали е извршена наплата по некоја конкретна пресуда..

Постапките за извршувањето на казната затвор и во текот на 2015 година се започнати во роковите утврдени со Законот за извршувањето на санкциите, меѓутоа нивното завршување зависи од времето на пронаоѓање на недостапните осудени лица за кои се издадени наредби за пронаоѓање и приведување до Министерството за внатрешни работи , како и од завршувањето на постапката за упатување на осудените лица во соодветна казнено поправна установа во случаи кога осудените лица ги користат правата утврдени со чл.89 од истиот закон или кога се користи правото од чл.93 од овој закон.

Извршувањето на мерките на безбедност , конфискација на имот , имотна корист и одземање на предмети , по започнување со примената на Законот за управување со конфискуван имот , имотна корист и одземени предмети во кривичната и прекршочната постапка ( Службен весник на РМ бр. 98 од 04.08.2008 година) почнувајќи од 01.01.2009 година и по конституирањето и започнувањето со работа на Агенцијата за управување со конфискуван имот, се врши согласно овој закон , а не според Законот за извршување на санкциите .Во извршувањето на овие мерки востановена е пракса заедно со доставување на пресудата на надлежност на Агенцијата,истовремено да се издаде налог до одделението за “корпора деликта” во судот,за предавање на одземените предмети во Агенцијата,заради целосно постапување по одредбата од чл.62 од Законот за управување со конфискуван имот,имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.Преку судијата за извршување на санкциите и во текот на извештајниот период се извршуваше одземањето на готови пари,вредности, скапоцености и други предмети во корист на РМ, депонирани во тек на постапките во Народната Банка на Република Македонија,со издавање на налог до благајната на судот,односно по спроведената постапка до Народната Банка на Република Македонија,за нивно уплаќање во Агенцијата за управување со одземен имот.

Извршувањето на мерките за безбедност : задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа, задолжително психијатриско лекување на слобода и задолжително лекување на алкохоличари и наркомани, за кое во Законот за извршување на санкциите е предвидена соодветна постапка за упатување на лицето на кое таква мерка му е изречена, се врши на начин и постапка согласно одредбите од глава XIX од Законот за извршување на санкциите, во време, на начин и во установи како што тоа е определено со правосилната судска одлука со доставување на упатен акт до лицето на кое му се изречени, со следење на спроведување на истите и со преземање на други дејствија согласно законот, но дел од овие предмети (задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа ) останува како незавршени се додека трае лекувањето и судот неможе да знае колку време е потребно за излекување на овие лица а тоа по правило трае повеќе години.

Извршувањето на споредните казни и санкции (во прекршочната постапка) : забрана за вршење професија, дејност или должност ; забрана на управување со моторно возило и протерување на странец од земјата се врши согласно одредбите од глава XVIII од Законот за извршување на санкциите, со доставување на налог за извршување на правосилната пресуда со која тие се изречени до надлежните органи за спроведување на истите.

И во текот на 2015 година, во Одделот за извршување на санкциите се извршуваат кривичните санкции спрема малолетници: малолетнички затвор, воспитните мерки и заводските мерки и тоа според одредбите од главите XXII, XXIII, XXIV, XXV, и XXVI од Законот за извршување на санкциите.

Извршувањето на паричната казна и глоба изречени во кривичната односно прекршочната постапка и во текот на 2015 се вршеше според одредбите од главата XXVIII од Законот за извршување на санкциите и измените на истиот објавени во Службен весник на РМ бр. 57/2010 и согласно Законот за извршување и измените на истиот објавени во Службен весник на РМ бр. 67/2010.

.

Значителен напредок во овие услови претставува фактот што во работа е информатичката техологија каде од 01.06.2015 година се користат можностите од инсталираниот информатички систем АКМИС. Но напоменувам дека сеуште, до изготвувањето на овој извештај во АКМИС програмата креираното софтверско решение за постапувањето по предметите кои се работат во одделот согласно Судскиот Деловник,не функционира целосно се јавуваат проблеми но и делови кои не се исполнети како на пример табелата која се пополнува. до Управата за јавни приходи

За решавање на ова прашање навремено се доставени предлози за надминување на ваквата состојба до носителот на проектот и изведувачот на софтверското решение, а се со цел овој проблем да биде надминат.

Посебен проблем во извршувањето на паричната казна изречена на физичко лице во кривична постапка, претставуваат одредбите од член 214 став 2 и став 3 од Законот за извршување на санкциите, од причина што нивната примена значи неможност за навремена замена на паричната казна со затвор. Имено упатувањето содржано во ставот 2 од овој член дека ако осуденото лице во определениот рок – најдолго за 15 дена од приемот на опомената не ја плати паричната казна се пристапува кон присилна наплата согласно со членот 2 став 4 од Законот за извршување,односно согласно закон, па ако таквото присилно извршување остане без успех, се пристапува кон замена на паричната казна со затвор, значи дека во овој случај судијата за извршување на санкции се става во позиција по доставениот налог до надлежниот орган за извршување,без законски предвиден рок на траење на присилното извршување, да го определува рокот до кога присилното извршување да трае,внимавајќи по службена должност на апсолутниот рок на застареност,како би имал можност,пред настапувањето на застареноста за извршување да изврши замена на ненаплатената парична казна со затвор,како и да спроведе постапка за упатување на осуденото лице во казнено поправна установа.

За надминување на ова законско решение, а со цел доследно спроведување на правосилната и извршна пресуда со која е изречена парична казна на физичко лице во кривична постапка, потребно е да се побараат измени на решенијата содржани во одредбите на Кривичниот Законик на РМ, Законот за кривична постапка и чл.214 ст.2 и 3 од Законот за извршување на санкциите .

Сакам да напоменам дека инсталираниот информатички систем АКМИС заради големиот број на предмети и малиот број на службеници кои го опслужуваат го успорува работењето во овој оддел но сметам дека тоа е период на адаптација и овие мали проблеми ке бидат надминати .

## 19. СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Од извршените анализи во текот на извршениот период генерално судската полиција неспорно е составен дел од секојдневното работење на овој суд со оглед на специфичноста дека се работи за исклучиво кривичен суд кој со оглед на организациската и територијална поставеност има голема ангажираност на оваа сусдка служба. Судската полиција во овој суд брои вкупно 13 судски полицајци која со оглед на обемот на судења во текот на еден месец и бројноста на судиите кои постапуваат во овој суд и безбедносните ризици при постапувањето во целост не ги задоволува поитребите на Кривичен сид со ваков обем на работа. Во моментов судската полиција во овој суд е на ниво на чуварска служба и по потреба се прави распоред за присуство на највеке по двајца судски полицајци на специфични судски процеси кои се со проценка од безбедносен ризик.

Во текот на извештајната 2015 година направени се повеке обиди за реорганизација на оваа судска служба но истите останувaат без успех со оглед на малата бројност на истата кој неможе да ги задоволи потребите на овој суд, особено имајки го предвид и новиот објект во кој треба да се пресели ОСС1. Техничката опременост на оваа служба е на многу ниско ниво, а истовремено во изминатиот период воопшто не се обрнувало внимание на обуката на припадниците на оваа служба особено нивниот професионализам и однос со странки.

Реорганизација на судската полиција исто така е неопходна и во насока на ефикасна примена на одредбите на новиот ЗКП за нивно поактивно ангажирање во процесот на судење со ангажирање на по еден судски полицаец да биде распореден и доделен да работи со по двајца судии и негово постојано врзување за конкретна судница во која се определени тие двајца судии од аспект на непосредна безбедност во судницата за цело времетраење на процесот на судење, континуирана проценка на безбедносните ризици по конкретните предмети на дневно ниво за секој од судиите со кои е доделен судскиот полицаец, следење на безбедносните ризици за посетите на членови на семејства на обвинетите во притвор, нивно присуство на судења, повикување на сведоци, наредби за спровод и приведување заради реализација на процесот на судење. Комуникација помеѓу судот и МВР кога е потребно од безбедносен и друг аспект. Контрола на лица кои сакаат да го посетат нивниот определен судија.

Во текот на извештајниот период Судската полиција при Основниот суд Скопје 1 Скопје во соработка со Центарот за обуки при СВР Скопје, има извршено две практични обуки кои придонесуваат за поуспешно и правилно работење на судската полиција, како и подигање на степенот на безбедност во судската зграда.

Во двете обуки беа опфатени темите за:-ракување со лично вооружување (расклопување, склопување, правилно одржување),-контрола и апсење на лице (сите техники на приведување)-преглед, претрес и проверка на лице,-обезбедување на лица кои се во судот и е загрозен нивниот живот,-обезбедување на лице кое прави немир и неред, негово брзо онеспособување и спроведување на безбедно место,-евакуација на вработените во Основниот суд Скопје 1 и на лица донесени и затеченио при судски процес во случај на поголеми загрозувања и -боево гаѓање со лично вооружување (пиштол) и формациско (АП). Целокупната обука и боево гаѓање се изведуваше во касарната Ѓорче Петров, а беше реализирана од страна ОСЛ при МВР на РМ при ЕЈРМИ. Судските полицајци по завршување на оваа обука се стекнаа со нови знаења за правилно извршување на работните задачи.

Во текот на изврштајната година во соработка со Академија за судии и јавни обвинители, дел од судската полиција посетуваше неколку семинари кои придонесоа за поправилно и етичко работење во службата.

Електронскиот софтвер кој беше изготвен од страна на компјутерскиот центар за влез и излез на странки од судска зграда успешно продолжи да функционира и во 2015 година, а кој систем содржи и база на зачувувани податоци кои служат во ситуација кога некоја странка направи било каков проблем во судската зграда да се добива известување и воедно судската полиција врз основа на нивни анализи да прави проценка на ризик од безбедосен карактер за судската зграда и безбедноста на вработените во судот.

Во текот на 2015 година од страна на Претседателот на судот во координација со Агенцијата за одземен имот по претходно одобрение од Влада на РМ, беше обезбедно лично вооружување на судските полицајци кои не беа задолжени со вооружување. Во соработка со МВР на РМ судската полиција беше обезбедена со панцири и шлемови за сите судски полицајци.

Со ваквите решенија значително се олеснува работата на судската полиција , се подигна степенот на безбедност во судот и се зголеми контролата за влез и излез на странките.

## 20. ОДНОСИ СО АКАДЕМИЈАТА ЗА ОБУКА НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Основниот суд Скопје 1 Скопје активно соработуваше со Академијата за обука на судии и јавни обвинители. Соработката се однесуваше на континуираната обука.

Во овој дел особено треба да се истакне дека во 2015 година се реализираа и голем број на обуки за стручните соработници и за судски службеници.

Преку програмата на Академијата остварени се повеќе студиски патувања во странство во кој учествуваа судии на овој суд.

Во исто време, а во рамките на програмата за задолжителни часови на обука, од страна на судиите на овој суд редовно беа посетувани семинарите и обуките организирани од Академијата, со цел усовршување на своите вештини и знаења од одредена област.

## 21. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ

Програмата за работа Претседателот на Основниот Суд Скопје 1 Скопје, Владимир Панчевски, оваа извештајна година продолжи да ја остварува согласно зацртаните временски рамки. Претседателот на судот како што беше наведено во сите сегменти на овој извештај во текот на извештајната 2015 година го спроведуваше зацртаното со својата програма и тоа заради размена и усогласување

на ставови, мислења и искуства за тековни прашања, воедначување на судската практика, развој, усовршување и реализација на методологија за решавање на стари предмети и тенденција за воспоставување и спроведување на практични мерки и методологии со тенденција за пократко времетраење на постапките во судот со доследно почитување на начелата на кривичната постапка и уставните и законски права на учесниците во постапката и начелото на судење во разумен рок, што упатува на ажурност и ефикасност во постапувањето по сите видови предмети, како и воспоставување, воедначување и спроведување на практични мерки и методологии за справување на судиите и судската администрација со континуираните новини во казненото законодавство и ефикасна примена на истото, како и заземање правни мислења и донесување заклучоци со цел воедначување на судската практика, реализација на утврдената методологија за решавање стари предмети, динамика на решавање на предметите и подигање на степенот на професионалниот и етичкиот однос на судската администрација  во извршувањето на работните задачи и во комуникацијата со странките, одржувани се континуирани состаноци со стручно-административниот персонал

1. редовни и вонредни  седници на стручен колегиум со сите судии,
2. редовни и вонредни  работни средби на ниво на оддели и
3. состаноци со судскиот администартор за прашања од стручно - административниот персонал во судот ,

Претседателот во текот на извештајната 2015 година се грижеше за доследно применување на одредбите од Судскиот деловник и непречено функционирање на системот за автоматска распределба на предметите заради отстранување на секаква можност за сомневање во влијанието на субјективниот фактор во заведувањето на предметите и подеднаква распределба на предметите во работа на судиите, по основи и видови, со континуирано следење и преземање на активности за унапредување на критериумите за функционирање на системот за автоматска распределба и во консултација со стручниот колегиум на судот предлагање до надлежните нови унапредени критериуми за ефикасна и објективна распределба на предметите.

Претседателот директно, а и преку раководните работници вршеше континуиран надзор на подготвеноста и секојдневното работење на целокупниот судски персонал, со автоматизираниот комјутерски систем за управување со судските предмети –АКМИС, со што ќе се обезбеди водење и чување на податоците во електронска форма, стандардизација на податоците во системот, воспоставување на параметри за скратени анализи и извештаи за состојбите со предметите во работа во смисла на статистички податоци. Секојдневно навремено истакнување на листата на закажаните судења на електронската огласната табла во судот и ажурирање на комуникацијата по електронска пошта, како и континуирано и перманентно објавување на изготвените и анонимизирани одлуки на web страницата на судот. Последното особено во насока на остварување на принципот на

транспарентност во извршување на функцијата на судот заради зголемување на правната сигурност и довербата во правосудниот систем на Република Македонија

Претседателот се грижеше за ефикасно планирање и следење на Програмата за едукација во Академијата за обука на судии и јавни обвинители, од страна на носителите на судската функција, како и на вработените во судската служба со изготвување на годишен однапред планиран распоред согласно доставената Годишна програма на Академијата за обука на судии и јавни обвинители за посетување на задолжителната обука за континуирана едукација со што ќе се постигне максимално планирање на работните обврски истовремено посетување на обуките во зависност од интересот и специјализацијата на извршителите на судската функција.

Во текот на извештајниот период со личното залагање на претседателот на судот и сите вработени во судот се постигна зацртаното со програмата за работа и тоа:

1. Намалување на обемот на предмети преку совладување на приливот во текот на календарската година;
2. Намалување на обемот на предмети преку намалување на бројот на нерешени предмети до крајот на календарската година во однос на приливот  на нови и нерешени предмети од претходни години;
3. Континуирано совладување на обемот на пренесените нерешени предмети од претходни години и приоритетно решавање на старите предмети од претходните години со посебен акцент и активно учество претседателот , раководителот на оддел и судијата кој постапува во изнаоѓање на ефикасни начини и законски можности во рамките на објективни услови за завршување на старите предмети, што претпоставува континуирано совладување и надминување на годишниот прилив.
4. Континуирано унапредување на квалитетот на пресудувањето.

Во некои делови на остварување на програмата истата тековно беше унапредувана што видливо може да се забележи од претходно наведеното во извештајот, исто така програмата поради одредени објективни и субјективни причини во деловите каде истата е унапредена и постојано се унапредува временската рамка беше продолжена, се со цел  поефикасно остварување на поставените задачи и севкупно унапредување на угледот на судството во целост.

## 22. ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА ВО СУДОТ

Во врска со имплементираната информатичка опрема  судот  располага со:

- компјутери со 22 inch монитори( fujitsu siemens) - со I3 со 4 Gb Ram (2015 година)
- 6 компјутери со 22 inch монитори (Lenovo)- со I3 со 4 Gb Ram (2015 година)

- 20 компјутери од судски совет – со dual core со 4 Gb Ram (2010 година)
- 3 компјутери (Anhoch Pixio) – I5 со 2 GB Ram (6 месеци стари)
- 40 компјутери (Anhoch Pixio)- Intel Core 2Duo E7300 со 2 GB Ram (3 година стари)
- 40 компјутери (MSI) – Intel Atom CPU N270 1.60Ghz 1 GB Ram (2010 година)
- 15 Компјутери (GREAT WALL) - Intel dual core 1.86GHz 512MB Ram( од 2008 година)
- 110 Компјутери ( COMPAQ)- Intel P.Cel. 1.5 GHz со 256 MB Ram (од 2002 година)
- 22 Копјутери (HP)- Intel Cel. 2.66 GHz со 256 MB Ram (од 2007 година)
- 32 Компјутери (ONLINE) – Intel P.4 2.8 GHz со 256 MB Ram ( од 2003 година)
- 1 компјутер COMTRADE – Intel Core 2 Duo E4600 2.4 GHz со 512 MB Ram (од 2009)
- 5 сервери COMPAQ – Intel Pentium 3 1.3GHz со 1GB Ram (од 2001 година)
- 2 сервери HP – Intel Xeon X3220 2.4GHZ (едниот има 4 GB Ram а другиот 2GB Ram) ( од 2009 година)
- 1 компјутер HP 8000
- 2 сервери fujitsu siemens - 2 процесори со по 4 јадра 32 GB RAM и IIS сервиси
- 40 монитори Samsung 19 inch (2009 година )
- 110 Монитори COMPAQ 15 inch ( од 2002 година)
- 32 Монитори ONLINE 17 inch ( од 2003 година)
- 22 монитори HP 17 inch ( од 2007 година)
- 15 монитори GreatWall 17 inch ( од 2008 година)
- 8 принтери Xerox 3020 (2015 година)
- 7 скенери Fujitsu fi 6110 ( 2015 година)
- 110 Принтери Minolta 1200W ( од 2005 година)
- 53 принтери Lexmark E260 ( од 2009 година)
- 15 принтери Minolta 1250W (од 2005 година)
- 25 Принтери Minolta 1350W (од 2007 година)
- 27 принтери Kyocera FS-1010 (од 2003 година)
- 5 принтери Kyocera FS-1900 (од 2003 година)
- 1 принтер Minolta Page Pro 1390 ( од 2009 година)
- 1 принтер Minolta Page Pro 9100 ( од 2007 година)
- 1 принтер HP Lase Jet 1022 (од 2008 година)
- 8 LCD 32 inch дисплеии за странки ( од 2008 година)
- 1 киоск ( од 2008 година)

Располагаме со 18 судници од кои :

- 2 имаат компјутер Anhoch Pixio со Samsung мон, принтер Lexmark 1200
- 2 имаат копјутер OnLine со OnLine мон., принтери Minolta 1200W
- 14 имаат HP компкутери со HP мон. принтери Minolta 1350W

Иако судот во изминатава година доби 34 компјутери со задоволителни перфоманси, информатичката опрема во судот и понатаму се судира со недостаток

на компјутери од причина што постојните компјутери се веќе застарени. Ова се однесува на дел од судниците, дел од писарниците и одделот за прекршоци.

Во одделот за прекршоци го имплементираме апликативното решение АКМИС, согласно законот и судски деловник и комплетно целото одделение активно работи во него.

По надградбата на системот во АКМИС-от одделот на санкции целосно и согласно законот и судскиот декловник комплетно работат во истиот.

Оптималното користење на потенцијалот кој го нуди информатичката технологија инсталирана во судот овозможува преку интерната комуникациска компјутерска мрежа судиите и сите вработени во судот навремено да бидат информирани за сите активности што се од значење за ефикасно и брзо постапување како и информирање за тековните потреби кои се однесуваат за нивно ангажирање во смисла на на семинари, разни обуки, состаноци на оддели, соопштенија и сл.

Во текот на извештајниот период е направена анализа на претходниот период и причините за затекнатата состојба при што може да се констатира дека во судскиот процес во изминатиот период од страна на раководните структури не се внесени иновации за унапредување на процесот на работа со софтверски и хардверски решенија за олеснување на процесот на судење и тоа повеке од материјални причини бидејки информатичката технологија побарува поголеми материјални средства отколку што тоа го планира судскиот буџет како ставка за овој суд.

Компјутерската техника неспорно е стара и датира од 2001 година и најповеке се користи како машини за пишување а во дел и по одделенија за водење на евиденции, на истите компјутери се води и апликативното решение АКМИС кое датира од 2009 и 2010 година и го успорува работењето на компјутерите.

Единствена иновација е АКМИС системот кој е воведен во работа во 2010 година, кој освен за евиденција на предмети е добра почетна точка како база која во моментов може да се употреби единствено за вадење на одредени статистики но не е подобна за аналитика од аспект на застој и контрола на процесот на судење на конкретен предмет и секако несоодветно поставена за судови со капацитет како кривичниот суд со илјадници предмети бидејки аналитиката на застојот во моментов може да се прави само со поединечен влез во секој предмет и неможе збирно да се вади листинг по одредени клучни параметри за континуирано следење на движењето на предметите и суштински застој во предметот, освен параметри на непочитување на законски рокови како објективен елемент без можност на контрола на субјективниот елемент во постапувањето од страна на судијата. Пример: евидентиран влез на толку субјекти, одреден број дејствија нивно распоредување согласно календар за судење, по потреба препостапување и очекувани резултати

Во текот на 2014 година во апликативното решение АКМИС е воведен модул за евиденција за наредби за проведување-потерници во кој се евидентираат сите наредби за проведување и наредби за издавање потерници како домашни така и меѓународни со кој модул наредбите се поставуваат на централизирано ниво и можат да бидат на увид во сите судови во републикава. Ова апликативно решение е започнато со примена кон крајот на 2014 година во ноември , но за жал ова апликативно решение не најде примена на ниво на цело судство со оглед да истото не беше подржано од страна на Работното тело за иплементација на АКМИС системот .

Во текот на извештајната 2013 година во Основен суд Скопје I Скопје се започна со примената на електронска достава на судски документи преку системот Акмис и од страна на претседателот на судот е одредено лице за прифаќање на поднесените барања кои се доставени до судот .Од 14.11.2013 па навака сите предмети во кои има адвокати кои имаат електронско сандаче редовно им се праќаат сите изготвени акти изработени од судот кон адвокатите. На интернет страната на судот објавено е соопштение за јавност и повик за регистрирање на сите адвокати, правни лица и заинтересирани корисници во системот за електронска достава, извршени се бројни контакти со адвокати за појаснување на системот и негово афирмирање. На сите контактирани адвокати од наша страна им е дадено барање за регистрација до судот и им се појаснети чекорите и упатство за аплицирање и успешно регистрирање во системот. На интернет страната на Основниот суд Скопје I Скопје ( http://www.osskopje1.mk/ ) во полето за корисни информации е внесен линк за директно насочување кон интернет страната ( http://edostava.sud.mk ) за електронска достава. Од страна на компјутерскиот центар при Основниот суд Скопје I Скопје е изготвено упатство за вршење на електронска достава од страна на вработените во судот, и истата е поставена на внатрешната страна на судот Во упатството се внесени сите барања за успешна достава по електронски пат како и чекорите за нејзино изведување од страна на вработените, и тоа по чекори и со сликовит опис како и оддржани бројни предавања и групни презентации на вработените за користење на системот за достава.

Исто така од страна на компјутерскиот центар при Основниот суд Скопје I Скопје е изготвено изработен е електронски систем за евиденција(влез и излез) на посетители во судската зграда и е инсталиран на главниот влез како и на Службениот влез и со него работи Судската полиција, изработен е електронски систем за достава на списи кој е инсталиран во доставното одделение, изработен е електронски систем за контрола на доаѓање и одење од работа од работа на вработените во судот како и нивно движење низ судската зграда.

Во текот на 2015 продолжи со работа сопствениот електонски систем за електронска евиденција на спроводите -АСПЛ со кое судиите ги следат сите издадени наредби за спровод од затворите на лица кои се наоѓаат во притвор или на издржување на казна затвор, преку кој систем судиите поефикасно ќе вршат

насрочување на предемтите во кои имаат обвинети лица кои што се наоѓаат во затворските установи и истовремено на ниво на суд ќе се усогласувва спроводот на едно лице кое има повеќе постапки пред овој суд да биде спроведено во ист ден кај повеќе судии со што се рационализира работењето и на затворските установи а и на судот. Ова софтверско решение е целосно функционално и го користат судиите во секојдневното работење..

Кон крајот на 2015 година беше набавен софтвер кој треба комплетно да се имплементира во почетокот на 2016 година и е наменет за одделот за издавање на уверенија. Со помош на овој софтвер странките ќе можат да си поднесат барање комплетно да го пополнат и да платат преку посебна веб страна на која што ќе биде имплементирано ова решение а откако ќе пројде со потврда наплатата странките ќе бидат известени за која дата да дојдат во судот и да си го подигнат уверението , све со цел странките да немаат потреба да доаѓаат и да чекаат за да поднесат барање туку да доаѓаат во судот само да го земат уверението. Исто така во рамки на овој проект беше одлучено и да се набави постерминал на кој ќе можат странките да плаќаат на истото место каде што и поднесуваат барање за ралика од досегашната практика каде што требаше да уплатат уплатница и да ја приложат истата.

## 23. ФИНАНСИРАЊЕ НА СУДОТ (приходи и расходи)

Судскиот буџет претставува годишна процена на приходите и расходите на судската власт што ги утврдува собранието на РМ и е наменет за финансирање на судската власт во земјата.

Самостојниот судски буџет како гаранција за обезбедување сигурен извор на финансиски средства и навремена и редовна дистрибуција на истите до сите сегменти на судскиот систем, претставува една од темелните вредности врз која се заснова целосното етаблирање на самостојно и независно судство како носител на судската власт.

Во врска со финансиското работење на ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ 1 СКОПЈЕ во текот на 2015 година, од буџетот на Р.М се одобрени средства во износ од 201.874.007,00 денари.

Од овие средства за плати и други надоместоци на судските кадри се потрошени средства во износ од 167.288.637,00 денари.

За комунални услуги се потрошени средства во износ од 9.310.000,00 денари. Од комуналните услуги најголеми трошоци паѓаат на централно греење во износ од 3.342.709,00 и поштенските услуги износ од 2.391.755,00 денари. По основ на другите трошоци за комунални услуги судот прави напори согласно своите можности редовно истите да бидат надмирени.

На име материјали и ситен инвентар се потрошени средства во износ од 1.800.000,00 денари, од кои најголем дел се потрошени на канцелариски материјал и тоа износ од 1.476.301,00 денари. Заостанатиот долг за наредната година од канцелариски материјал изнесува 257.105,00 денари.

На име поправки и тековно одржување се потрошени средства во вкупен износ од 409.462,00 денари.

На име договорни услуги – осигурување на недвижности, правни услуги, судски вештачења, судски преведувачи, примарна здравствена заштиша и услуги за копирање, во текот на 2015 година се потрошени 21.562.145,00 денари. Од наведената сума на Институтот за судска медицина исплатено е 15.187.696,00 ден. Од сите наведени позиции најголеми трошоци паѓаат на Институтот за судска медицина и криминалистика и тоа долг од 18.017.992,00 денари кој долг се пренесува и во 2016год.

По основ на други тековни расходи потрошени се средства во износ од 223.482,00 денари од кои расходи за репрезентација се потрошени 54.293,00 денари, за објавување на огласи 162.412,00 денари, и за други оперативни расходи 6.777,00 ден.

По основ на трансфери при пензионирање се потрошени 605.739,00 денари, а по основ на други трансфери износ од 131.608,00 денари.

Во извештајната 2015 година, по основ на извршни исправи наплатени се средства во износ од 153.084,00 денари.

Основниот суд Сопје 1 Скопје освен со буџетска сметка располага и со приходна сметка на која има остварено приход во износ од 22.879.849,00 денари и тоа приходи од закупнина во износ од 208.074,00 денари, приходи од паушал во износ од 14.118.597,00 денари и пренесен вишок од претходната година 8.515.584,00 денари. Од овие средства во тековната 2015 се потрошени 15.370.016,00 денари и тоа за комунални услуги износ од 7.221.000,00 денари (од кои најголем трошок отпаѓа на поштенски услуги износ од 7.056.514,00 денари, останатите трошоци се однесуваат за вода, ѓубретарина ,телефони и реални трошоци за превоз 100.360,00 денари..), за материјали и ситен инвентар износ од 2.342.174,00 денари (од кои се направени трошоци за канцеларсики материјал во износ од 2.235.029,00 ден. списанија, средства за одржување на хигиена и сл), за поправки и тековно одржување износ од 348.805,00 денари, кои трошоци се направени воглавно за одржување на зградата поправка на возила и поправка на информатичка опрема.

Од причина што трошоците за договорни услуги се најголеми трошоци на судот, а поради недостаток на средства и од приходната сметка на судот беа исплаќани поротници во износ од 565.730,00 денари, како и трошоци за осигурување

на надвижности, судски вештачења (Институт за судска медицина – 4.785.107,00 ден.), преведувачи , адвокати и  и други трошоци.

Исплати по години споредбено:

| Назив | 2012 год. | 2013 год. | 2014 год. | 2015 год. |
|---|---|---|---|---|
| Адвокати | 4.951.114,00 | 5.535.742,00 | 3.573.897,00 | 3.814.378,00 |
| Институт за Судска медицина | 18.257.772,00 | 11.849.199,00 | 6.972.121,00 | 15.187.696,00 |
| Агенции за вештачење | 1.656.909,00 | 1.795.215,00 | 638.795,00 | 1.109.254,00 |
| Клиники – вештачење | 720.304,00 | 330.583,00 | 480.301,00 | 586.168,00 |
| Вешти лица | 2.647.837,00 | 4.807.845,00 | 2.128.896,00 | 364.847,00 |
| Преведувачи | 392.069,00 | 432.223,00 | 482.052,00 | 1.110.120,00 |
| Клиники - лекување | 339.679,00 | 260.934,00 | 320.975,00 | 672.244,00 |
| **Вкупно** | **28.965.684,00** | **25.011.741,00** | **14.597.037,00** | **22.844.707,00** |

## 24. КАДРОВСКА СОСТОЈБА И УСЛОВИ ЗА РАБОТА НА СУДОТ

Согласно Законот за судовите Основниот суд Скопје 1 Скопје е кривичен суд со основна и проширена надлежност за подрачјето на град Скопје, како и суд во кој е формирано и специјализирано судско одделение надлежно за судење на дела од областа на организираниот криминал и корупција на целата територија на Република Македонија.

Основниот суд Скопје 1 Скопје, извештајната 2015 година, ја заврши со вкупно 392 вработени лица, од кои 64 судии ја извршуваа судиската функција, 1-еден судија – Претседателот на судот кој согласно Законот за судовите има статус и фунцкија на прв судија во соодветниот суд ја извршуваше судиската функција само како Претседател на советот од чл.25 ст.5 од ЗКП (Кривичен совет), од причина што истиот раководи со најголемиот Кривичен суд во Република Македонија кој суд е со проширена надлежност и во кој е формирано и специјализирано судско одделение надлежно за судење на дела од областа на организираниот криминал и корупција на целата територија на Република Македонија, 3-тројца судии не ја извршуваа судиската функција бидејќи со одлука на Судскиот совет на РМ се времено оддалечени од вршењето на судиската функција почнувајќи од 09.10.2014 година па се до 31.12.2015 година, а останатите 324 вработени лица во Основниот суд Скопје 1 Скопје извршуваа стручни и администативно-технички работи.

Во текот на 2015 година, на тројца судии им мирува судиската функција и тоа судијата Анета Арнаудовска која е директор на Академијата за судии и јавни обвинители, судијата Вангелина Маркудова која е избрана за судија во Уставниот суд на Република Македонија и судијата Шукри Сабриу кој е делегиран за судија во Основен суд Гостивар.

Во текот на 2015 година судиската функција во овој суд им престана на 5 судии и тоа судијата Павлина Христовска е разрешена поради исполнување на услови за старосна пензија, судиите Јулија Чавдар Христова и Бојан Ефтимов се разрешени со одлука на Судски совет на РМ на нивно барање, додека пак судиите Садула Изаири и Ивица Николовски кои беа делегирани судии во овој суд истите со решение на Судски совет на РМ се вратени во судот каде истите се избрани за судии.

Судиите Станка Везенковска и Шпреса Граинца Османи, сеуште се оддалечени од вршење на судиската функција согласно решението на Судски совет на РМ од 09.10.2014 година се до правосилно звршување на кривичната постапка која се води против нив. По однос на судијата Кадрије Салмани истата со одлука на Судски совет на РМ е разрешена како судија на овој суд, меѓутоа постапката сеуште не е правосилно завршена.

Со оглед на тоа да на судиите Садула Изаири и Ивица Николовски по нивно барање им престана времeното вршење на судиската функција во овој суд, бидејќи едниот е упатен времено како судија во Основниот суд Скопје 2 Скопје, а другиот се враќа во својот матичен суд во Тетово, по барање на Претседателот на судот во овој суд времено е упатен да ја извршува судиската функција 1-еден судија-судијата Емина Калач од Основниот суд Велес, додека пак судиите Љупчо Спировски, Даница Павлоска, Бранка Наумоска, Јусуф Ајрулахи и Александра Поп Стефанија, повторно се времено упатени на извршување на судиската функција во овој суд со решенија на Судски совет на РМ од 04.11.2015 година, а најдолго за една година.

По однос на отсуството на судиите во текот на 2015 година, истото е прикажано во табеларниот извештај за работата на судот.

Што се однесува до високо стручниот кадар во изминатата 2015 година, по пат на јавен оглас на неопределено време беа вработени 2-двајца Судски соработници и 3-тројца Помлад судски соработник, а на определено време со договор за вработување беа вработени 8-осум Помлади судски соработници и 2-двајца Помлади соработници, со спогодбено превземање без објавување на јавен оглас беа вработени 5-пет лица од кои 1-еден Судски соработник од Основен суд Куманово, 1-еден судски соработник од Основен суд Гостивар, 1-еден Помлад судски соработник од ЈП Македонски Шуми и 2-двајца Помлади соработници од ЈП Македонски Шуми.

Во текот на 2015 година беше спроведено унапредување на судските службеници по пат на интерен оглас со тоа што се унапредени тројца судски службеници и тоа 1-еден раководител на Одделение за водење на казена и кривична евиденција, 1-еден раководител на Одделение за човечки ресурси и 1-еден самостоен судски референт.

Вкупниот број на високо стручен кадар во овој суд според звања во Основниот суд Скопје 1 Скопје во текот на 2015 година е следниот: 1-еден судски администратор, 1-еден раководител на оддел, 2-двајца раководители на одделение, 1-еден судски советник, 4 –четири виши судски соработници, 2-двајца советник-информатичар, 2 –двајца советник-портпарол, 1-еден виш соработник-информатичар, 26-дваесет и шест судски соработници, 24-дваесет и четири помлад судски соработник, 2-двајца помлад соработник-преведувачи, 1-еден соработник-преведувач и 3-тројца помлади соработници.

Во контекст на високо образовниот кадар мора да спомнеме дека според актот за систематизација се предвидени и работни места за раководни судски службеници а во овој суд освен судскиот администратор, еден раководител на оддел и двајца раководители на одделение, нема други раководни судски службеници што навистина на толкав број вработени претставува голема тешкотија околу раководењето со судската служба. Овој суд посебно има потреба од вработување на раководен судски службеник за одделот на претходна постапка, одделот за прекршоци, одделението за информатика како и одделението за сметководство, па сметаме дека за 2016 година преку Судскиот совет на РМ од страна на Министерство за финансии треба да бидат одобрени средства за вработување и на овој кадар.

По однос на судските службеници за тековната 2015 година, вработувањето им престанало на вкупно 16-шеснаесет службеници, од кои на 8 –осум поради исполнување услови за старосна пензија, 2-двајца службеници се превземени во Управниот суд, 1-еден е превземен во Министерство за транспорт и врски, 1-еден е превземен во Основниот суд Делчево, 1-еден судски полицаец е превземен во Основниот суд Тетово, на 1-еден хигиеничар и 1-еден помлад судски референт им престана вработувањето во овој суд по свое барање, а на 1-еден судски референт му престана вработувањето поради смрт.

По однос на просторните услови во кои што работи судот, Основниот суд Скопје 1 Скопје како кривичен суд и понатаму нема соодветни услови за работа, а тоа најмногу се однесува на недоволен број на судници посебно на судници за судења по предмети од областа на организираниот криминал и корупција, па често пати ваквите судења се одржуваат во салите на Апелациониот суд Скопје, бидејќи од страна на Врховниот суд на РМ повеќе не ни се одобрува користење на големата сала која претходно ја користевме.

Бидејќи новата судска зграда сеуште не е пуштена во употреба, а со оглед на недостаток на простории каде би биле сместени сите судии и вработени во овој суд и понатаму користиме простории од зградата на Апелациониот суд во Скопје каде просторно се сместени судиите и судските службеници од одделот за малолетници како и дел од судиите и судските службеници од одделот за прекршоци и тоа за постапување по прекршочни предмети од областа на јавниот ред и мир и стопанството, а додека пак судиите и судските службеници од одделот за прекршоци

кои постапуваат по предмети од областа на сообраќајот и судиите и судските службеници од одделот за извршување на санкции се сместени во бараките во градскиот парк во поранешниот суд за прекршоци каде нема никакви услови за функционирање на еден суд.

Но сепак мораме да нагласиме дека при крај е изградбата на новата судска зграда која се планира да биде дадена во употреба во најскоро време, со која овој суд би добил современи судници, судиски кабинети и доволен број на простории за судската администрација со што сите досегашни дислоцирани оддели би биле сместени во новата судска зграда.

Во текот на 2015 година овој суд нема добиено средства за набавка на нова техничка опрема како што се компјутери, сервери, па и понатаму се работи со постоечките компјутери и опрема кои со воведување на АКМИС-програмата не ги задоволуваат потребите на овој суд за побрзо и поажурно работење.

Во контекст на ова сакаме да нагласиме дека заради поврзаност на одделот за прекршоци во АКМИС-систем се користи застарен модел на Check POINT уред кој неможе да ги исполни побарувањата во одделот за прекршоци поради што многу често доаѓа до негово откажување од функционирање, а како последица на тоа доаѓа и до застој во работата односно до неможност на користење на АКМИС-системот во Одделот за прекршоци, при што за овој проблем и за итноста на набавката на нов модел на Check POINT уред е известен и Судски буџетски совет на Република Македонија. Исто така поради застареност на електричната инсталација во бараките каде е сместен Одделот за прекршоци а и поради оптовареност на целокупната електрична мрежа од непосредната околина во Одделот за прекршоци често доаѓа до прекин на електричната енергија при што судиите многу пати се принудени да ги одлагаат закажаните рочишта, а сето тоа се одразува на ефективното работење на судот.

## 25. СПРОВЕДЕНА АНКЕТА ЗА ДОВЕРБА НА ГРАЃАНИТЕ ЗА РАБОТАТА НА ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ 1 СКОПЈЕ

Во текот на 2015 година не беше спроведена ниту една анкета за мерење на задоволството на граѓаните за работата на Основниот суд Скопје I Скопје.

## 26. ИЗВРШЕНИ ЈАВНИ НАБАВКИ ВО ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ 1 СКОПЈЕ

Во текот на 2015 година , во Основен суд Скопје 1 Скопје по одобрените средства од страна на  Судскиот Буџетски Совет, спроведени се постапки со барање за прибирање на понуди согласно одредбите од Законот за јавни набавки, кои што постапки се спроведени во хартиена форма и завршуваат со Е-аукција.

Отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка на стоки поконкретно за набавка на Средства за одржување на хигиената која постапка се спроведува во хартиена форма и заврши со е-аукција, а како критериум за доделување на договорот беше најниска цена, како најpоловен понудувач по завршената електронска аукција е избрана ДАУТИ КОМЕРЦ Друштво за производство, промет и услуги увоз-извоз АД с.Бојане општина Сарај со цена 86.640 денари.

Отворена постапка со барање за прибирање на понуди за набавка на стоки и тоа Моторни горива Еуросупер бс 98 и Еуродизел БС за потребите на службените возила на Основниот суд Скопје 1 Скопје која постапка се спроведува во хартиена форма и заврши со е-аукција, а како критериум за доделување на договорот беше најниска цена, како најpоловен понудувач по завршената електронска аукција е избрано Друштво за производство,трговија и услуги ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДОО с.Пласница со цена од 103,38 денари за Еуросупер BS 98 и Еуродизел BS (DE+V)

Отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка на тонери и драмови за принтери и копир апарати која постапка се спроведува во хартиена форма и заврши со е-аукција, а како критериум за доделување на договорот беше најниска цена, постапката беше деллива и тоа во 5 дела. Како најpоловен понудувач по завршената електронска аукција е избрана ЕВИ Интернатионал Траде дооел, Скопје со седиште на ул Иван Козаров бр.24/60-61 Скопје. Во дел 1 за Minolta цена 667.000 денари , во дел 2 Lexmark цена 372.600 денари, дел 3 Kyocera цена 10.900 денари, дел 4 OKI цена 337.000 и дел 5 HP цена 9.900 денари.

Отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка на стоки поконкретно за набавка на Печатени материјали, канцелариски материјали и хартија за копирање, заврши со е-аукција, а како критериум за доделување на договорот беше најниска цена. Во оваа постапка која беше делива беа склучени договори со најповолните понудувачи и тоа за набавка на печатени материјали со Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочани со цена 899.00 денари, за набавка на канцелариски материјали со фирмата Друштво за производство, промет и услуги ОФИС ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со цена 144.300 и за набавка на хартија за печатење со друштво со ограничена одговорност за економско-правни и други услуги ,производство и трговија на мало и големо МАКЕДОНИЈА БИРО ДООЕЛ- Скопје со цена 360.075 денари .

Отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка по пат на постапка со барање за прибирање на понуди за набавка за сервисирање и одржување на службените возила на судот која постапка се спроведува во хартиена форма и заврши со е-аукција, а како критериум за доделување на договорот беше најниска цена, како најpоловен понудувач по завршената електронска аукција е избрано Друштво за производство, трговија и услуги ТОЛТУ МОТОРС ДООЕЛ Скопје со цена од 751.901 денари а набавките на производите согласно склучените договори се врши поо барање на Договорниот орган - судот сукцесивно.

Отворена постапка за доделување на договор за Набавка на опрема - Систем за автоматско гасење пожар корпораделикти и пасивни архиви подрум нивоа -1 и -2

за зградата на Кривичен суд Скопје, поставување и ставање во функционална состојба на веќе постоечка инсталација која постапка се спроведува во хартиена форма и заврши со е-аукција, а како критериум за доделување на договорот беше најниска цена , како најповолен понудувач по завршената електронска аукција е избрано друштво за вработување на инвалидни лица, производство, промет и услуги БИСПАГ ПАСТОР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со цена 374.000 денари.

Отворена постапка за доделување на договор за набавка на опрема - Климатизација и контрола на влажност во пасивни архиви нивоа -1 и -2 на објект на Основен Суд Скопје 1 Скопје во Скопје за зградата на Кривичен Суд Скопје, поставување и ставање во функционална употреба на истата која постапка се спроведува во хартиена форма и зврши со е-аукција , а како критериум за доделување на договорот беше најниска цена , како најповолен понудувач по завршената електронска аукција е избрано друштвото за производство трговија и услуги ОЗОН Драгољуб дооел увоз-извоз Скопје со цена 1.413.250 денари.

***ПРЕТСЕДАТЕЛ***
***НА ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ***
***М-р ВЛАДИМИР ПАНЧЕВСКИ***

**Прилог:**

**I.**

Преглед на движењето на предмети во судот кои се опфатени  со ориентациона норма за 2014 година

Преглед на движењето на предмети во судот кои не се опфатени  со ориентациона норма за 2014 година

Табела – преглед на задолжителни и реализирани часови на судиите во рамки на програмата за постојано стручно усовршување за извештајната 2013 година